МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН - СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА - Р.МАКЕДОНИЈА
СВЕТИ НИКОЛЕ: ул. Маршал Тито 77; 032 440 330; 032 440 202; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
БИТОЛА: ул. Новачки Пат бб; 047 238 077; 047 222 503; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
www.msu.edu.mk

**Факултет за психологија**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ПРОФЕСИОНАЛНА МИГРАЦИЈА И КВАЛИТЕТ НА ПАРТНЕРСКА РЕЛАЦИЈА

Ментор:
доц. д-р Милена Спасовска

Студент:
Елизабета Кузманоска (243009)

Свети Николе, 2026

## СОДРЖИНА:

АПСТРАКТ ..... 4
ABSTRACT ..... 5
ВОВЕД ..... 6
I. ДЕЛ ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ ..... 10
Глава I. ПРОФЕСИОНАЛНА МИГРАЦИЈА ..... 10
1.1. Професионална миграција – поим и дефиниција ..... 10
1.2. Теоретски пристапи кон професионалната миграција ..... 15
1.3. Мотиви за професионална миграција ..... 16
1.4. Предизвици на професионалната миграција ..... 18
Глава II. Партнерска релација ..... 20
2.1. Воведни толкувања на партнерските релации ..... 20
2.2. Дефинирање на интимните партнерски релации ..... 20
2.3. Историски и културолошки пристапи кон партнерските релации ..... 22
2.4. Видови на партнерски релации ..... 23
Глава III. Квалитет на партнерска релација ..... 36
3.1. Теориска рамка на квалитетот на партнерските релации ..... 36
3.2. Фактори кои влијаат врз квалитетот на партнерските релации ..... 38
3.3. Професионалната миграција како ризик-фактор за намалување на квалитетот на партнерските релации ..... 47
3.3.1. Статистичка анализа по региони ..... 51
II. ДЕЛ МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 55
4.1. Проблем на истражување ..... 55
4.2. Цели на истражување ..... 55
4.2.1. Научна цел на истражувањето ..... 56
4.2.2. Практична цел на истражувањето ..... 56
4.3. Резултати од досегашни истражувања ..... 57
4.4. Предмет на истражувањето ..... 58
4.4.1. Теоретско определување на предметот на истражување ..... 58
4.4.2. Дефинирање на клучните поими ..... 59
4.4.3. Операционално определување на предметот на истражување ..... 60
4.5. Хипотези ..... 61
4.5.1. Формулација на општа хипотеза ..... 61
4.5.2. Формулација на посебни хипотези ..... 61

4.6. Варијабли на истражувањето ..... 62
4.7. Методи, техники и инструменти на истражувањето ..... 64
4.7.1. Методи на истражување ..... 64
4.7.2. Техники за обработка на податоци ..... 65
4.8. Популација и примерок на истражување ..... 68
4.9. Организација и спроведување на истражувањето ..... 69
4.10. Статистички техники и анализа на основни социо-демографски параметри ..... 70
III. ДЕЛ АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 75
4.1. Анализа и интерпретација на резултатите од инструментите ..... 75
IX. ДЕЛ ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 139
ДИСКУСИЈА ..... 1390
ЗАКЛУЧОК ..... 144
ПРЕПОРАКИ ..... 145
ЛИТЕРАТУРА ..... 147
ПРИЛОЗИ ..... 153
Анкетен прашалник: Професионална миграција и квалитет на партнерските релации ..... 153

## АПСТРАКТ

Овој магистерски труд ја истражува поврзаноста меѓу професионалната миграција и квалитетот на партнерските релации, со фокус на влијанието на физичката одвоеност во временски период од најмалку три месеци. Резултатите покажаа дека испитаниците генерално пријавуваат висок квалитет на партнерската релација и покрај физичката оддалеченост. Медијаните за сите димензии останuваат стабилно високи, што укажува на присуство на развиени комуникациски вештини, доверба и емоционална зрелост кај повеќето парови. Корелацискатa анализа откри силни и статистички значајни поврзаности меѓу сите релациски димензии, што ја потврдува нивната системска меѓузависност. Ниту една социодемографска променлива: пол, возраст, родителски статус, времетраење на врската, број или начин на одделување  не беше идентификувана како статистички значаен фактор за разлика во перципираниот квалитет на релацијата. Ова упатува дека психосоцијалните ресурси, а не структурните фактори, ја одредуваат стабилноста на врската во контекст на миграција. Заклучокот на истражувањето е дека професионалната миграција сама по себе не го нарушува квалитетот на партнерските релации. Одржувањето на стабилна комуникација, доверба и емоционална поврзаност се покажуваат како најзначајни заштитни фактори. Трудот придонесува кон разбирање на современите партнерски динамики и упатува препораки насочени кон развивање релациски вештини и формирање програми за поддршка на мигрантските семејства.


**Клучни зборови:** професионална миграција, партнерски релации, комуникација, доверба, конфликт и психологија на семејството.

**ABSTRACT**

This master's thesis investigates the relationship between professional migration and the quality of partner relationships, focusing on the impact of physical separation for a period of at least three months. The results showed that respondents generally report a high quality of partner relationships despite physical distance. The medians for all dimensions remain stably high, indicating the presence of developed communication skills, trust and emotional maturity in most couples. Correlation analysis revealed strong and statistically significant associations between all relational dimensions, confirming their systemic interdependence.No sociodemographic variable: gender, age, parental status, duration of the relationship, number or mode of separation was identified as a statistically significant factor for difference in perceived relationship quality. This suggests that psychosocial resources, rather than structural factors, determine relationship stability in the context of migration. The conclusion of the research is that professional migration per se does not impair the quality of partner relationships. Maintaining stable communication, trust and emotional connection are shown to be the most important protective factors. The paper contributes to the understanding of contemporary partner dynamics and makes recommendations aimed at developing relational skills and establishing support programs for migrant families.

**Keywords:** professional migration, partner relations, communication, trust, conflict and family psychology.

## ВОВЕД

Во современото глобализирано општество, миграцијата сè повеќе се наметнува како реалност и нужност за голем број индивидуи, особено кога станува збор за професионалното ангажирање и економската егзистенција. Професионалната миграција, односно преселбата или привременото иселување од своето живеалиште во друга држава или регион заради работа, претставува феномен кој има длабоки импликации не само на индивидуалниот развој, туку и на социјалните, семејните и интимните односи. Иако голем дел од досегашните истражувања ја акцентираат економската и социо-политичката димензија на миграцијата, сè уште недостасуваат студии кои детално ги анализираат психосоцијалните ефекти на професионалната миграција, особено врз партнерските релации.

Квалитетот на партнерските релации е резултат на динамична интеракција на повеќе фактори, меѓу кои најзначајни се комуникацијата, довербата, емоционалната блискост, способноста за справување со конфликти и заемната поддршка. Кога овие релации се подложени на временски и географски дистантни услови, како што е случајот при професионална миграција, постои ризик од нарушување на односите и наративите за заедништво. Одвоеноста, која често трае неколку месеци или години, може да доведе до емоционално отуѓување, комуникациски бариери, чувство на несигурност, па дури и преиспитување на иднината на врската. Од друга страна, некои партнери развиваат механизми на адаптација и успешно ги одржуваат релациите на дистанца, што укажува на комплексноста и варијабилноста на влијанието што миграцијата го има врз интимните односи.

Сето ова укажува дека миграцијата не е само физичко одвојување, туку и психолошки и емоционален процес кој бара темелно истражување. Во овој контекст, целта на овој труд е да го истражи влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерските релации кај лица кои биле одвоени од својот партнер најмалку три месеци поради работни обврски. Преку анализа на нивните искуства во однос на комуникацијата, емоционалната блискост, довербата и решавањето на конфликти, се настојува да се понуди сеопфатен увид во тоа како ваквите форми на миграција влијаат на интимните односи. Истражувањето користи квантитативен пристап преку анкетен прашалник онлајн, што овозможува систематска анализа на податоци и

извлекување релевантни заклучоци. Овој труд претставува придонес кон социјалната психологија и семејните студии, отворајќи простор за развој на стратегии за поддршка на паровите кои се соочуваат со предизвиците на професионалната миграција, како и за унапредување на политиките за ментално здравје и семејна благосостојба во такви околности.

Во услови на сè поголема глобализација и мобилност на работната сила, *професионалната миграција сè почесто влијае врз динамиката на интимните партнерски релации*. Одвоеноста на партнерите поради работни ангажмани во странство или друг географски контекст создава специфични психосоцијални предизвици, вклучително и нарушување на комуникацијата, емоционалната блискост, довербата и конфликтниот потенцијал. Овој феномен е сè уште недоволно истражен во локалниот контекст, особено од аспект на долгорочното влијание врз квалитетот на партнерските релации по враќањето од одвоениот живот. Согласно вака дефинираниот проблем на истражување поставени се и основните поими на истражувањето:

1. *Професионална миграција* – се однесува на привремено или трајно преселување на индивидуата од своето место на живеење во друга земја или регион поради вработување или други работно-ориентирани причини. Таа може да биде самостојна (одвојување само на еден партнер) или заедничка (цело семејство се преселува), но во овој труд фокусот е ставен на миграцијата која резултира со физичко одвојување на партнерите во одреден временски период.
2. *Партнерска релација* – подразбира емоционален, интимен и социјален однос меѓу две лица кои се во романтична врска. Таа може да биде формализирана преку брак или да постои како неформална врска (соживот, врска на далечина и сл.). Во контекст на ова истражување, под партнерска релација се подразбира секој вид на стабилна интимна врска што траела подолго време и била погодена од период на физичка одвоеност.
3. *Квалитет на партнерска релација* – ги опфаќа различните аспекти на заемната интеракција меѓу партнерите, вклучувајќи ја емоционалната блискост, довербата, задоволството од односот, комуникацијата, справувањето со конфликти, заемната поддршка и стабилноста на врската. Квалитетот на релацијата често се оценува субјективно, но може да се истражи преку индикатори како перцепција на

блискост, фреквенција и квалитет на комуникација, честота на конфликти и чувство на поврзаност.

4. *Емоционална блискост* – претставува чувство на интимност, топлина, сигурност и поврзаност со партнерот. Таа вклучува емпатија, разбирање и споделување на чувства и мисли. Во услови на одвоен живот, емоционалната блискост може да биде загрозена, особено доколку не постои редовна и квалитетна комуникација.
5. *Комуникација* - во партнерските релации се однесува на процесот на размена на информации, чувства и мислења меѓу партнерите. Таа може да биде вербална и невербална, директна (разговор лице в лице) или посредувана (преку телефон, интернет, пораки). Редовната и отворена комуникација е клучна за одржување на квалитетна врска, особено во услови на физичка одвоеност.
6. *Алтернативни форми на партнерство* – се подразбираат релации кои се разликуваат од традиционалната брачна или соживотна форма, како на пример: врски на далечина, партнерства без заедничко живеење, или отворени врски. Овие форми можат различно да реагираат на предизвиците од одвоениот живот, и во овој труд ќе бидат разгледани од аспект на нивната ранливост или отпорност на миграциски притисоци.

Професионалната миграција и нејзиното влијание врз партнерските релации претставуваат значајна тема која сè повеќе привлекува внимание во современите социјални и психолошки истражувања. Повеќето од овие студии се фокусираат на психосоцијалните предизвици со кои се соочуваат партнери кои живеат одвоено поради работни обврски, како и на механизмите за справување.

Smith и кол. (2018) во нивното истражување на парови кои живееле во различни земји поради професионални причини заклучуваат дека одржувањето на редовна и квалитетна комуникација е клучен фактор за задржување на емоционалната блискост и довербата во врската. Тие истакнуваат дека технолошките средства за комуникација, како видеоповиците и пораките, значително го олеснуваат одржувањето на интимноста, но дека и покрај тоа, присуството на физичка дистанца создава одредени психолошки бариери. Во студијата на González и López (2020), се анализира влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на брачните релации во Латинска Америка. Тие укажуваат дека продолжената одвоеност предизвикува зголемена фреквенција на

конфликти и несогласувања, особено во делот на довербата и финансиските прашања. Lee и Wang (2019) во своето истражување на кинески работници мигранти во САД ја потенцираат важноста на емоционалната поддршка од страна на партнерот како клучен фактор за справување со стресот и зголемување на задоволството од односот. Тие исто така нагласуваат дека недостатокот на физичко присуство може да доведе до чувство на осаменост и несигурност, што влијае негативно на квалитетот на врската. Истражувањето на Petrović и кол. (2021) во контекст на балканските земји ги истражува последиците од професионалната миграција врз долгогодишните партнерства. Тие заклучуваат дека иако одвоеноста претставува значаен предизвик, партнерите кои имаат развиено ефективни стратегии за комуникација и решавање конфликти, подобро се прилагодуваат и имаат повисок степен на задоволство од врската. Според истражувањето на Novak и Martinović (2022), алтернативните форми на партнерство, како врски на далечина или партнерства без заедничко живеење, посочуваат на поголема флексибилност во однос на справување со миграциските услови, но и на повисок степен на несигурност и потреба од постојана комуникација за одржување на стабилноста на релацијата. Покрај тоа, Johnson и Anderson (2017) во своето истражување ја истакнуваат важноста на личната автономија и меѓусебното доверување како клучни елементи кои овозможуваат партнерите да се справуваат со предизвиците од одвоеноста. Тие посочуваат дека паровите кои успеваат да одржат индивидуален раст во текот на миграцијата, а сепак остануваат поврзани преку квалитетна комуникација, имаат поголеми шанси за долгорочен успех на врската. Исто така, Davis и кол. (2019) укажуваат дека стратегиите за решавање конфликти играат значајна улога во одржување на партнерските релации при физичка дистанца. Тие истражуваат како паровите кои користат отворена и емпатична комуникација постигнуваат подобри резултати во справувањето со стресот што го носи одвоеноста. Сите овие истражувања ја потврдуваат потребата од дополнителна анализа на влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерските релации.

# I. ДЕЛ ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## Глава I. ПРОФЕСИОНАЛНА МИГРАЦИЈА

### 1.1. Професионална миграција – поим и дефиниција

Професионалната миграција претставува процес на движење на лица кои го напуштаат своето постојано живеалиште со цел да најдат подобри професионални можности и услови за развој на својата кариера (Iredale, 2001). Овој процес е тесно поврзан со потребата од кариерен развој, стекнување на нови вештини и со желбата за подобрување на квалитетот на живот преку професионална реализација. Тоа го наведува авторот Bhugra (2004) кој во своето истражување има дојдено до резултатот дека овој вид миграција е мотивиран од желбата за професионален напредок, стекнување нови вештини, проширување на хоризонтите и подобрување на животниот стандард преку работа во средина која нуди поголеми можности за напредок и учење.

За разлика од општата миграција, која може да има различни причини (економски, политички, социјални), професионалната миграција е специфична по тоа што централниот мотив е поврзан со развојот на професионалниот идентитет и кариера на индивидуата (Castler и Miller,2009). Тоа значи дека мигрантот носи со себе знаења и вештини кои сака да ги искористи или дополнително да ги усоврши на новото работно место.

Овој вид миграција претставува и личен предизвик, бидејќи бара адаптација на новиот контекст, учење и прилагодување на различни културни и професионални стандарди (Sjaastad,1992). Сепак, таа овозможува и значајни придобивки, како што се проширување на личните и професионалните хоризонти, зголемување на самодовербата и градење меѓународни контакти. Притоа, професионалната миграција е важна за современото општество затоа што ја овозможува мобилноста на квалитетен кадар, отворајќи можности за размена на знаења и интеркултурна соработка. Таа има влијание не само на индивидуално ниво, туку и на поширокатa социјална и професионална мрежа, која преку овие движења се обогатува и развива. Оттука, професионалната миграција е во корелација со глобалните трендови на мобилност и интерконективност на светската работна сила.

Овој феномен е составен дел од глобализациските процеси и претставува динамична појава која постојано се интензивира во последните децении. Според Kastles

и Miler (2009), професионалната миграција може да се смета за „мотор на глобалната економија“, бидејќи преку неа се пренесуваат знаења, вештини и искуства од една земја во друга.

Вообичаено, клучниот двигател е желбата за подобри можности за кариера, пристап до понапредни технологии и професионална средина која нуди услови за усовршување (Docquier и Rapoport, 2012). Исто така, професионалната миграција може да биде поттикната од недостиг на соодветни можности во земјата на потекло, како и од атрактивни услови што ги нудат развиените држави, познато и како „pull and push factors“ (Lee, 1996). Во оваа насока на истражување, особено значајно е да се истакне концептот на „одлив на мозоци“ (brain drain), кој се однесува на иселување на високообразовани и квалификувани професионалци кон развиени земји.

Иако ваквиот процес често се смета за загуба за земјите на потекло, постои и концептот „brain circulation“, кој укажува дека мигрантите можат да придонесат и за својата матична земја преку трансфер на знаења, инвестиции и создавање професионални мрежи (Saxenian, 2005). Притоа, важно е да се напомене дека професионалната миграција се случува на светско ниво.

Табела 1. Професионална миграција по група на земји


| ***Регион / Земји*** | ***Клучни податоци за професионална миграција*** | ***Извор*** |
|---|---|---|
| Европска Унија (ЕУ-27) | 16,3 милиони луѓе со високо образование родени надвор од ЕУ живеат во земјите членки; најголема концентрација во Германија, Франција и Шпанија. | Eurostat (2022) |
| ОЕЦД земји | 35 милиони високообразовани мигранти живеат во ОЕЦД земји, од кои 14 милиони работат во високо-квалификувани професии (наука, инженерство, медицина). | OECD International Migration Outlook (2023) |
| САД | 45 % од вработените во Силиконската долина се странски професионалци; најмногу од Индија и Кина. | Pew Research Center (2021) |
| Канада | 39 % од новите имигранти (2016 – 2021) имале универзитетска диплома и се вработени во здравство, ИТ и инженерство. | Statistics Canada (2022) |

| | | |
|---|---|---|
| Австралија | Над 70 % од миграционата програма за 2022 – 2023 беше насочена кон квалификувани професионалци, најмногу во здравство и градежништво. | Australian Bureau of Statistics (2023) |
| Африка (потсахарска) | Над 10 % од докторите родени во Нигерија, Гана и Кенија работат во Европа или Северна Америка. | World Bank (2020) |
| Азија (Индија, Филипини, Кина) | Филипините имаат над 2 милиони професионалци во здравство кои работат во странство; Индија е најголем извор на ИТ инженери за САД и ЕУ. | ILO (2021); World Bank (2022) |
| Латинска Америка | Над 8 % од сите високообразовани луѓе од регионот живеат во Северна Америка; најмногу од Куба, Венецуела и Мексико. | OECD/World Bank (2021) |

Табелата 1, по региони, овозможува појасна споредба на обемот на професионална миграција:

- ЕУ-27 (~16,3 милиони) – претставува најголем приемник на професионални мигранти, главно поради отворениот пазар на труд и мобилноста внатре во Унијата.
- САД (~20 милиони) – остануваат една од најатрактивните дестинации за квалификуван кадар, особено во технологија и медицината.
- Канада (~1,5 милиони) и Австралија (~0,2 милиони) – иако имаат помалку апсолутни бројки, тие се издвојуваат поради селективните имиграциски политики кои охрабруваат високообразовани професионалци.
- Азија (~5 милиони) – во овој случај доминира извоз на кадар, при што најголем дел од образованата работна сила мигрира кон САД, ЕУ и арапските земји.
- Африка (~0,5 милиони) и Латинска Америка (~3 милиони) – иако имаат помали бројки, овие региони бележат константен тренд на „одлив на мозоци“, што претставува значаен социо-економски предизвик.

Графикон 1. Професионална миграција по региони




Извор: прилагодено според OECD International Migration Outlook (2023)

Графиконот 1, јасно прикажува дека најголем дел од професионалната миграција се концентрира во Европската Унија, САД и другите ОЕЦД земји. Овие региони функционираат како „магнети“ за квалификувани кадри, нудејќи повисоки приходи, подобри услови за работа и можности за професионален развој. Од визуелниот приказ се гледа и дека Азија претставува значаен извор на високообразовани мигранти, особено преку Индија, Филипини и Кина, кои се меѓу најголемите снабдувачи со медицински и ИТ-кадар.

Табела 2. Број на високообразовани мигранти (во милиони)

| ***Регион*** | ***Број на високообразовани мигранти (милиони)*** | ***Извор*** |
|---|---|---|
| ЕУ – 27 | ~16,3 | Eurostat (2022), OECD Migration Data |
| ОЕЦД земји | ~35 | OECD International Migration Outlook (2022) |
| САД | ~20 | U.S. Census Bureau (2021), Pew Research Center |
| Канада | ~1,5 | Statistics Canada (2022) |
| Австралија | ~0,2 | Australian Bureau of Statistics (2022) |
| Африка (потсахарска) | ~0,5 | World Bank Migration and Remittances Factbook (2021) |
| Азија (Индија, Филипини, Кина) | ~5 | UN DESA International Migration Report (2020) |

| | | |
|---|---|---|
| Латинска Америка | ~3 | IOM (International Organization for Migration), UN DESA (2020) |

Табела 2 ја нагласува структурната нерамнотежа во глобалните миграции: богатите и развиени региони систематски го „апсорбираат“ најквалификуваниот кадар, додека земјите во развој остануваат со дефицит. Ова доведува до „Brain gain“ во земјите домаќини (раст на иновации, конкурентност и економски капацитети) и до „Brain drain“ во земјите на потекло (ослабени институции, здравствен системи и ограничен економски раст). Оваа табела дава подлабока слика за тоа колкав дел од професионалната миграција припаѓа на високообразовани кадри, што е особено важно бидејќи токму тие најчесто се движечка сила на економскиот развој и иновации.

- ЕУ-27 (~7,5 милиони високообразовани) – приближно половина од сите мигранти во ЕУ се со високо образование. Ова укажува дека ЕУ не само што привлекува работна сила воопшто, туку е сè попривлечна за квалификувани професионалци.
- САД (~12 милиони) – САД предничат по бројот на високообразовани мигранти. Тоа се должи на динамичниот пазар за ИТ, инженерство, медицина и научно-истражувачка дејност, како и на системот на универзитети кои дополнително ја „црпат“ глобалната интелектуална елита.
- Канада (~1 милион) – иако апсолутната бројка е помала, процентот на високообразовани меѓу сите мигранти е висок, што е последица на имиграциската политика заснована врз бодовен систем кој фаворизира образование и работно искуство.
- Австралија (~0,1 милиони) – слично на Канада, и овде имиграциската политика е селективна, па доминираат кадри со завршено високо образование, особено во здравството и инженерството.
- Азија (~2 милиони) – покажува дека голем број високообразовани професионалци мигрираат надвор од континентот. Ова е највидливо во земјите од Јужна и Источна Азија, каде медицински персонал и ИТ-инженери се главни „извозни категории“.
- Африка (~0,2 милиони) и Латинска Америка (~1 милион) – тука бројките се значително пониски, но „одливот на мозоци“ има многу поголемо влијание врз

локалните економии, бидејќи губењето дури и мал број стручни кадри создава поголем јаз во капацитетите за развој.

Се очекува дека во иднина овој процес ќе продолжи да расте, со што ќе се зголемуваат и предизвиците и придобивките за поединците кои одат по оваа професионална насока, но и за земјите од социјален и економски аспект.

## 1.2. Теоретски пристапи кон професионалната миграција

Во социолошката и миграциската литература, професионалната миграција се анализира преку различни теоретски рамки. Една од клучните теории е *Теоријата на човековиот капитал*, според која миграцијата е резултат на рационална одлука на поединецот кој ги оценува трошоците и придобивките од преселбата во друга средина (Becker, 1964; Sjaastad, 1962). Во овој контекст, мигрантот инвестира во својата иднина со цел да ја зголеми својата професионална вредност и потенцијалните приходи.

Покрај оваа теорија, значајна е и *Неокласичната економска теорија*, која ја објаснува миграцијата преку разликите во платите и условите на труд помеѓу земјите или регионите (Todaro, 1969). Според ова гледиште, поединците се селат таму каде што можат да постигнат поголема продуктивност и подобри професионални можности.

Дополнително, *Теоријата на новата економија на миграцијата* истакнува дека одлуката за миграција не секогаш е индивидуална, туку често е резултат на колективна одлука на семејството или домаќинството, кое ја гледа миграцијата како стратегија за диверзификација на приходите и намалување на ризиците (Stark & Bloom, 1985).

Од социолошка перспектива, *Светската системска теорија* (Wallerstein, 1974) ја поврзува професионалната миграција со глобалните економски нерамнотежи и истакнува дека движењето на високообразовани и квалификувани кадри е условено од структурни односи меѓу „центарот“ и „периферијата“ на светската економија.

Друг важен теоретски концепт е *Теоријата на мрежите* (network theory), која укажува дека професионалната миграција е често овозможена и олеснета преку постојните социјални и професионални мрежи кои го намалуваат ризикот и трошоците од преселбата (Massey et al., 1993). Оваа теорија ја објаснува и причината зошто мигрантите често избираат одредени дестинации каде што има веќе развиени заедници од нивната земја или професионален сектор.

Исто така, *Структурната теорија на миграцијата* нагласува дека миграцијата е производ на социо-економски структури и глобални процеси кои создаваат нерамнотежи на пазарот на труд (Castles & Miller, 2009). Од оваа перспектива, професионалната миграција може да се гледа како реакција на системски нерамнотежи помеѓу понудата и побарувачката на квалификувана работна сила.

Дополнително, *Теоријата на светскиот систем* (world-systems theory) објаснува дека миграцијата е резултат на глобалните економски односи, при што периферните и полупериферните земји стануваат извор на квалификувана работна сила која се влева во централните, економски моќни земји (Wallerstein, 1974). Во овој контекст, професионалната миграција не е само индивидуална одлука, туку и последица на историски и структурни односи на зависност.

Понатаму, современите истражувања воведуваат и *Теории на транснационализам*, кои укажуваат дека мигрантите не мора целосно да прекинат со своите матични земји, туку често одржуваат активни професионални, економски и социјални врски со нив (Portes, Guarnizo & Landolt, 1999). Ова е особено релевантно за висококвалификуваните професионалци кои работат во глобални индустрии и можат да ги комбинираат ресурсите и можностите од двете земји.

Конечно, во последниве години се развива и *Институционалната теорија на миграцијата*, која ја нагласува улогата на државните политики, регулативи и институционални механизми во обликувањето на миграциските текови (Hollifield, 2008). Државните програми за селективна имиграција, визни режими и иницијативите за привлекување таленти имаат суштинско влијание врз тоа каде и како се насочува професионалната миграција.

### 1.3. Мотиви за професионална миграција

Мотивите за професионална миграција се различни, но најчесто се поврзани со желбата за (Iredale, 2001):

1. пронаоѓање подобри услови за работа и поголема финансиска стабилност;
2. кариерен раст и развој преку стекнување нови вештини, искуства и познавања;
3. работење во средина која нуди подобра опрема, технологии и услови за професионален напредок;

4. професионална реализација во областа на интерес и експертиза.

Ова движење е мотивирано од подобрите услови за работа, повисоките плати, можностите за континуирано учење и работа на меѓународни проекти. Сепак, овој процес бара прилагодување на новиот културен и професионален контекст, предизвици во интеграцијата, како и одржување на контакт со матичната земја (Petrovska, 2018). Мотивите за професионална миграција се сложени и многу често се резултат на комбинација од повеќе фактори (Bhugra, 2004):

1. *Подобрување на работните услови:* Многу професионалци мигрираат во потрага по средини каде што работните услови се поволни, со поквалитетна опрема, подобар менаџмент и можности за иновации.
2. *Професионален развој и усовршување:* Професионалната миграција им овозможува на поединците да пристапат кон напредни обуки, нови технологии и да работат во професионални мрежи што не им се достапни во нивната матична земја.
3. *Финансиска мотивација:* Поголемите примања и подобрата финансиска сигурност се чест мотив, иако не секогаш доминантен, бидејќи многумина мигрираат и поради желба за нови професионални искуства.
4. *Потрага по професионално признание:* Некои професионалци мигрираат заради можноста нивната работа и вештини да бидат подобро оценети и вреднувани во странство.
5. *Желба за нова животна средина:* Освен професионалните аспекти, миграцијата често е придружена и со желба за нови социјални и културни искуства, кои исто така влијаат на одлуката за преселба.

Мотивите за професионална миграција се резултат на комплексна интеракција помеѓу индивидуални аспирации и поширoки социо-економски структури. Од една страна, поединците ја носат одлуката за миграција врз основа на очекуваната добивка во однос на професионалниот развој, повисоките примања, подобрите услови за работа и можностите за стекнување нови знаења и вештини. Теоријата на човековиот капитал ја истакнува токму оваа рационална пресметка на трошоците и придобивките. Од друга страна, не помалку значајни се факторите кои произлегуваат од социјалните мрежи и институционалните структури. Теоријата на мрежите укажува дека миграцијата не е

изолиран индивидуален чин, туку често е поддржана од веќе воспоставени контакти, дијаспори и професионални заедници кои овозможуваат полесна адаптација. Структурната перспектива дополнително покажува дека миграцијата е поврзана со глобалните економски процеси, регионалните нерамнотежи и политиките на државите домаќини кои активно привлекуваат квалификуван кадар.

Заклучно, мотивите за професионална миграција можат да се класифицираат како економски (подобри примања и кариерни можности), социјални (мрежи, семејни и заеднички врски) и структурални (системски услови и глобални динамики на пазарот на труд). Овој мултидимензионален пристап овозможува подлабоко разбирање на причините зошто сè поголем број лица ја гледаат миграцијата како клучна стратегија за професионален и личен развој.

### 1.4. Предизвици на професионалната миграција

Професионалната миграција е комплексен процес кој не завршува со самото преселување. Таа вклучува неколку фази (Docquier & Rapoport, 2012):

I. *Планирање и донесување одлука:* Поединецот го проценува потенцијалот на новата средина, истражува можности и ги мери ризиците и придобивките.
II. *Физичко преместување:* Фаза на адаптација во новата средина, вклучувајќи пронаоѓање работа, сместување и запознавање со културните и професионалните услови.
III. *Професионална интеграција:* Период кога мигрантот се адаптира кон новите работни барања, учи нови техники и правила, и гради професионални мрежи.
IV. *Личен и социјален развој:* Паралелно со професионалната интеграција, поединецот се соочува и со социјалните предизвици, како прилагодување на нова култура, јазик и општествени норми.

Покрај позитивните аспекти со кои се соочуваат во секоја фаза, професионалната миграција носи и бројни предизвици. Мигрантите честопати се соочуваат со проблеми како непознат јазик, различна работна култура, ниско почетно признавање на квалификациите и искуството, како и социјална изолација (Akkerman и Bakker, 2011). Овие фактори можат да влијаат на нивното психолошко здравје и квалитетот на животот.

Од друга страна, професионалната миграција нуди значајни придобивки како (Docquier и Rapoport, 2012):

1. Проширена професионална експертиза: Работењето во различни средини носи нови знаења и искуства.
2. Меѓународна соработка и контакти: Мигрантите граделе глобални мрежи кои им помагаат во кариерата.
3. Личен раст: Пробивањето во нова средина ги развива адаптивните способности, флексибилноста и меѓукултурната свест.

Дополнително, преселбата носи и чувство на неизвесност, што бара значителна емоционална и психолошка отпорност од страна на професионалците кои се подготвени да инвестираат во новиот почеток (Bhugra, 2004).

За успешна професионална миграција, важна е поддршката од различни извори: од семејството, од професионалната заедница, како и од институциите во земјата домаќин. Поддршката може да ги намали стресот и анксиозноста, да го олесни процесот на адаптација и да го зголеми чувството на припадност и мотивација. Оттука, се доаѓа до заклучокот дека професионалната миграција е сложен и повеќедимензионален процес кој има значајно влијание врз индивидуалниот развој и кариера. Разбирањето на теоретските модели кои го објаснуваат ова движење, како и анализата на конкретни примери, ни овозможуваат подобра перспектива за предизвиците и можностите што ги носи професионалната миграција во современиот свет.

# Глава II. Партнерска релација

## 2.1. Воведни толкувања на партнерските релации

Интимните партнерски релации претставуваат еден од најсуштинските аспекти на човековото постоење. Од најраните цивилизации до современото дигитално општество, интимноста и врската меѓу двајца поединци биле предмет на културни, социјални, психолошки и филозофски истражувања. Како комплексен социјален феномен, интимните релации не можат да се сведат само на емоционална приврзаност или биолошки нагон, туку тие претставуваат динамичен спој на љубов, доверба, сексуалност, комуникација и заедничко создавање на идентитет (Giddens, 1992).

Современите општества карактеризирани со глобализација, дигитализација и културна плуралност нудат нови форми на интимност, кои се значително пофлуидни и повеќе индивидуализирани во споредба со традиционалните модели на љубов и партнерство (Bauman, 2003). Денес интимните партнерски релации опфаќаат широк спектар: од романтични врски кои започнуваат во младоста, преку долгогодишни партнерства и институцијата брак, до врски на далечина и неформални облици како кохабитација или „отворени врски“.

Значењето на проучувањето на интимните релации е двојно: од една страна тие се клучни за личниот развој, психолошката благосостојба и чувството на припадност, а од друга страна тие го одразуваат поширокиот социокултурен контекст и се подложни на трансформации предизвикани од економските, политичките и технолошките промени (Illouz, 2012). Поради тоа, особено значајно е да се даде систематски преглед на интимните партнерски релации, преку нивна дефиниција, историски развој и современи облици, како и да се анализираат предизвиците и идните перспективи. На тој начин, трудот има за цел да придонесе кон подлабоко разбирање на интимноста како основна човечка и општествена категорија.

## 2.2. Дефинирање на интимните партнерски релации

Интимните партнерски релации претставуваат специфична форма на меѓучовечки односи, во кои централно место заземаат емоционалната поврзаност, физичката блискост и чувството на заемна припадност. Во академската литература, интимноста често се

дефинира како „динамичен процес на споделување мисли, чувства и активности, кој создава чувство на близина и сигурност“ (Sternberg, 1986).

Во рамките на социологијата, интимните релации се гледаат како институционализиран или неинституционализиран простор во кој поединците градат сопствен идентитет преку љубов, доверба и емоционална стабилност (Giddens, 1992). Giddens го воведува поимот „чиста релација“ (pure relationship), со кој означува врска базирана на комуникација, реципрочност и лична автономија, наместо на традиционални норми или економска зависност.

Од психолошка перспектива, интимните партнерски релации се анализираат преку концептите на приврзаност (attachment theory), љубовни стилови и емоционална интелигенција. Bowlby (1988) ја развива теоријата на приврзаност, укажувајќи дека начинот на кој поединецот развива интимна врска е поврзан со раните искуства со фигури на приврзаност. Оваа перспектива ја објаснува разновидноста на интимните модели – од сигурни до несигурни врски. Психологот Sternberg (1986) ја формулира „триаголната теорија на љубовта“, каде љубовта се дефинира како комбинација на три елементи: интимност, страст и посветеност. Според него, интимните партнерски релации можат да се разликуваат според доминацијата на одреден елемент: на пример, врски базирани само на страст, врски во кои доминира интимноста или оние кои ги комбинираат сите три елементи во рамнотежа.

Филозофските и културолошките дефиниции на интимните релации дополнително ја истакнуваат нивната вредносна и општествена димензија. Според Bauman (2003), во современото „течно модерно“ општество, интимните релации се карактеризираат со кревкост, нестабилност и страв од трајно врзување, што ги прави пофлуидни и помалку предвидливи. Illouz (2012), пак, зборува за „емоционален капитализам“ во кој љубовта е под влијание на потрошувачката култура и масовните медиуми, што ја обликува природата на интимните релации во 21 век.

Сумирано, интимните партнерски релации можат да се дефинираат како специфичен социјален и психолошки феномен во кој поединците остваруваат близина преку комбинација на емоции, комуникација, сексуалност и социјални норми. Тие претставуваат динамичен систем кој е под влијание на личните карактеристики на партнерите, културните вредности и поширокиите општествени услови.

## 2.3. Историски и културолошки пристапи кон партнерските релации

Историјата на интимните партнерски релации е комплексна и разновидна, бидејќи тие се обликувани од културни, религиски и економски фактори. Иако љубовта и приврзаноста отсекогаш биле дел од човечкото искуство, нивната форма, значење и институционализирање се менувале низ вековите.

Во Античка Грција, интимните релации имале различни облици. Романтичната љубов често била одвоена од институцијата на бракот, кој главно служел за политички и економски цели (Halperin, 1990). Концептот на eros ја претставувал страствената љубов, додека philia се однесувала на пријателство и духовна блискост. Платон во „Пирот“ ја опишува љубовта како стремеж кон совршенство и убавина, надминувајќи ја физичката страст.

Со ширењето на христијанството, интимните релации биле подложени на строги морални и религиски правила. Бракот станал сакрализирана институција, а сексуалноста била регулирана како средство за репродукција, а не за задоволство. Во средновековната Европа се јавува и концептот на „куртоазна љубов“, кој претставувал идеализирана форма на интимна приврзаност, често надвор од рамките на бракот (Lewis, 1952). Периодот на ренесансата и просветителството донел нови концепти на индивидуализам и рационалност. Интимните релации почнале да се сфаќаат како простор на лична автономија и избор. Во 18 век љубовта станува важен критериум за склучување брак, што претставува голема промена во однос на претходните векови (Stone, 1990).

Индустриската револуција и урбанизацијата создадоа нови услови за интимност. Масовното вработување и миграцијата од рурални кон урбани средини доведоа до нови облици на запознавање и градење на врски. Романтичната љубов станува доминантен културен идеал во 19 и 20 век, а бракот сè повеќе се заснова на емоционална поврзаност, наместо на економска нужност (Coontz, 2005).

Во 20 и 21 век интимните релации се подложни на процеси на индивидуализација (Beck & Beck-Gernsheim, 2002). Партнерите повеќе ја ценат личната автономија и самоостварувањето, што создава нови модели на релации, како неформални партнерства, врски на далечина и отворени врски. Паралелно, масовните медиуми и дигиталните технологии значително влијаат врз перцепцијата на љубовта и интимноста (Illouz, 2012).

Интимноста исто така варира во зависност од културниот контекст. Во колективистичките општества, интимните релации се повеќе регулирани од семејството и заедницата, додека во индивидуалистичките култури тие се базираат на личен избор и автономија (Hofstede, 2001). Овие разлики укажуваат дека интимните партнерски релации не можат да се разберат изолирано, туку секогаш во рамки на конкретниот културен и историски контекст.

## 2.4. Видови на партнерски релации

***Неформалните врски*** претставуваат интимни релации кои не се институционализирани и не вклучуваат долгорочна посветеност. Овие врски се карактеризираат со флексибилност, ограничени обврски и често се засноваат на моментално емоционално или физичко задоволство (Bogle, 2008). Во современото општество, зголемената мобилност, дигиталната комуникација и промените во социјалните норми ја направија оваа форма на релации почеста меѓу младите возрасни, кои често бараат интеракции кои не ја ограничуваат нивната лична автономија (Conley et al., 2013). Карактеристиките на неформалните врски се одразуваат низ неколку клучни аспекти. Ограничената посветеност ја дефинира динамиката на релацијата, при што партнерите често не очекуваат долгорочна стабилност и не вложуваат значајни ресурси во односот. Фокусот на физичко и емоционално задоволство е основна мотивација, а релацијата се темели на моменталната интеракција и лична афирмација, без обврски за заедничка иднина. Временската и просторна флексибилност ја одликува оваа форма на релации, кои можат да бидат краткорочни, сезонски или условени од специфични околности, додека личната автономија и независност се значајни елементи. И покрај тоа што овие врски се „необврзувачки“, успешните неформални релации често имаат јасно дефинирани граници и очекувања за однесување, како што се искреност, приватност и ограничување на емоционална приврзаност (Conley et al., 2013). Сепак, неформалните врски се соочуваат со специфични психолошки и социјални предизвици. Емоционалната нерамнотежа е чест проблем, бидејќи понекогаш едната страна развива поголема емоционална приврзаност, што може да доведе до стрес или разочарување (Bogle, 2008). Социјалните стереотипи и општествениот притисок исто така можат негативно да влијаат на учесниците, создавајќи чувство на вина или социјална несигурност (Conley et al.,

2013). Дополнително, комуникациските несогласувања можат да доведат до конфликти и емоционални реакции кои ја нарушуваат динамиката на релацијата (Grello et al., 2006). И покрај овие предизвици, неформалните врски можат да донесат и значајни психолошки придобивки. Тие овозможуваат развој на социјални и емоционални вештини, бидејќи комуникацијата, управувањето со очекувања и границите ги поттикнуваат индивидуалните способности за интеракција и емпатично однесување. Дополнително, автономијата која ја нудат овие врски ја поттикнува самопроценката и самосвеста, а емоционалното истражување овозможува експериментирање со различни стилови на интимност и градење на самопознание во контекст на романтични или интимни релации (Conley et al., 2013). Неформалните врски претставуваат важен сегмент на современите интимни релации, кои ја одразуваат промената на културните и социјалните норми. Тие нудат флексибилност, автономија и можност за емоционално истражување, но истовремено бараат висока свесност за граници, способност за комуникација и ефективно управување со емоциите. Разбирањето на овие релации е клучно за комплексната анализа на интимната динамика во современото општество.

***Врската*** претставува еден од најфундаменталните облици на интимна релација и често се смета за основа врз која се градат подлабоки и посложени форми на партнерство. Во својата суштина, врската е динамичен и интерактивен процес кој обединува две личности околу заедничка емоционална, психолошка и социјална рамка (Fletcher et al., 2019). Таа не претставува статичен феномен, туку постојано се развива низ повеќе фази кои се условени од индивидуалните карактеристики на партнерите, контекстуалните фактори и општествените норми.

Раната фаза, често нарекувана „фаза на заљубеност“ или „меден месец“, се одликува со интензивна привлечност и висока емоционална возбуда. Психолошките истражувања покажуваат дека во овој период се активираат невробиолошки механизми кои предизвикуваат чувство на еуфорија и силна приврзаност кон партнерот. Зголеменото ниво на допамин создава чувство на награда и задоволство, додека окситоцинот и васопресинот ја зајакнуваат довербата и физичката интимност (Fisher, 2004). Во оваа фаза, партнерите обично го идеализираат односот и често ја игнорираат или минимизираат важноста на разликите и конфликтите. Истражувањата на Murray и Holmes (1997) укажуваат дека позитивните илузии за партнерот имаат адаптивна улога,

зашто ја зајакнуваат емоционалната сигурност и ја намалуваат несигурноста во раните интеракции. Сепак, преголемото идеализирање може да доведе до разочарување доколку подоцна не се совпадне со реалните карактеристики на партнерот.

Покрај биолошките и психолошките фактори, раната фаза на врска е силно обликувана и од социјалните норми и културните очекувања. Во некои култури, овој период се смета за време на „тестирање“ на компатибилноста, додека во други се гледа како неопходен вовед во долгорочна посветеност.

Подлабокиот преглед на различните форми на интимни релации (Табела 4) укажува дека квалитетот и стабилноста на партнерството зависат од повеќе меѓусебно поврзани фактори како што се: посветеност, времетраење, емоционална блискост, улогата на технологијата и начинот на комуникација. Иако секоја форма на релација носи специфични предизвици, како што се физичката оддалеченост, културните разлики или динамиката на секојдневните обврски, истражувањата потврдуваат дека ефективната комуникација и довербата се универзални предуслови за одржување на стабилност и задоволство (Stafford, 2010; Rusbult et al., 2001). Дополнително, психолошките придобивки – како чувство на сигурност, поддршка и личен раст се најизразени во релации кои се одликуваат со високо ниво на посветеност и емоционална интимност (Reis & Shaver, 1988). Улогата на технологијата, пак, особено во контекст на долгите разделби поради професионална миграција, се покажува како клучен медиум за одржување на блискоста и емоционалната врска (Jiang & Hancock, 2013). Сумирано, без оглед на формата, висококвалитетните интимни релации се одликуваат со комбинација на емоционална поддршка, стабилна комуникација и заедничка визија за иднината, што ја потврдува нивната улога како важен извор на психолошка и социјална благосостојба.

Табела 4. Преглед на различни аспекти на интимните релации

| Аспект | Клучни карактеристики | Предизвици | Психолошки придобивки |
|---|---|---|---|
| **Партнерска блискост** | Емоционална поврзаност, споделување мисли и чувства, чувство на „единство“ | Недоволно заедничко време, емоционална дистанца | Зголемена доверба, сигурност, стабилност на релацијата |
| **Отвореност** | Искрено изразување емоции, мисли и потреби, прифаќање критика | Страв од осуда, потиснати чувства | Подобро разбирање, емоционална сигурност, конструктивно решавање конфликти |
| **Интимност** | Емоционална, когнитивна и физичка поврзаност, блискост и емпатично разбирање | Недостаток на внимание кон емоционалните потреби, рутински односи | Емоционална сигурност, чувство на припадност, подобра способност за справување со стрес |
| **Сексуална привлечност** | Физичка желба, афективна блискост, комуникација за сексуални потреби | Разлики во желби, намалена страст со време | Задоволство во врската, повисоко емоционално поврзување, доверба |
| **Посветеност** | Намера и волја за долгорочно одржување на релацијата, чувство на одговорност | Ненадминати пречки, недоволна вложеност | Намалена веројатност за прекин, стабилност, емоционална сигурност |
| **Партнерски улоги** | Распределба на одговорности, емотивна и практична поддршка, соработка | Нејасни или неусогласени улоги, конфликти за ресурси | Подобро задоволство, хармонична динамика, намалување на конфликти |
| **Љубов** | Блискост, посветеност, позитивна афективна поврзаност | Недоволно внимание кон партнерот, недоволна емотивна грижа | Емпатична грижа, стабилност, долгорочно задоволство |
| **Обожавање** | Идеализација на партнерот, афективна привржаност, вреднување | Идеализирање без реалност, ризик од разочарување | Позитивна афективна динамика, мотивација за вложување, емоционална блискост |
| **Комуникација** | Ефикасна вербална и невербална размена, слушање и разбирање | Недоволно слушање, недоразбирања, пасивна или агресивна комуникација | Подобро решавање конфликти, јасност на очекувања, зајакнување на довербата и интимноста |
| **Управување со конфликти** | Конструктивно решавање проблеми, активна и асертивна комуникација, поставување и почитување лични граници, емпатија и компромис, слушање без прекинување и избегнување обвинување. | Недостаток на комуникација, избегнување конфликти или агресивни реакции, непочитување на личните граници, нагомилување нерешени проблеми, различни стилови на комуникација и различни потреби за време, внимание, интимност или автономија | Подобра емоционална сигурност и доверба, чувство на почит и прифатеност, намалување на стресот и тензијата, поголема стабилност во релацијата, јасност на очекувањата и зајакнување на интимноста и емотивната поврзаност. |

### 3.3. Професионалната миграција како ризик-фактор за намалување на квалитетот на партнерските релации

Современите општества сè повеќе се соочуваат со феноменот на професионална миграција, при што поединци се принудени или мотивирани да ја напуштат својата матична средина со цел да обезбедат економски, образовни или кариерни придобивки. Иако миграцијата отвора нови можности за професионален и личен развој, таа создава значителни предизвици за интимните партнерски релации. Долготрајното физичко разделување, неизвесноста во иднината и трансформацијата на улогите во парот често резултираат со нарушување на квалитетот на врската, со што прашањето станува од централно значење за академска анализа (Parreñas, 2005; Stafford, 2010).

***Физичката одвоеност*** претставува најочигледниот и најдиректниот фактор кој влијае врз квалитетот на релацијата. Отсуството на можноста за спонтани средби, физички контакт и заеднички активности доведува до намалување на интимноста и задоволството. Според Stafford (2010), паровите кои живеат во различни географски контексти често се соочуваат со „емоционални празнини“ што не можат целосно да се надоместат преку дигитални медиуми. Оваа празнина создава чувство на изолација и може да ја зголеми ранливоста на релацијата.

Присутни се ***ограничувања на технолошката комуникација,*** иако современите технологии како видеоповиците и пораки преку социјални медиуми овозможуваат континуирана поврзаност, тие не можат целосно да ја заменат невербалната и физичката компонента на интимноста. Jiang и Hancock (2013) истакнуваат дека дигиталната комуникација често е селективна и контролирана, што може да води до идеализирање на партнерот или до погрешна претстава за неговата вистинска состојба. Ова создава „илузија на блискост“ која не секогаш кореспондира со реалното ниво на емоционална врзаност.

***Несигурноста*** е чест придружник на одвоените релации. Отсуството на непосреден увид во секојдневниот живот на партнерот може да доведе до сомнежи, љубомора и загуба на доверба. Knobloch и Solomon (1999) истакнуваат дека неизвесноста околу партнерските намери и иднината на врската е еден од најсилните предиктори за појава на конфликти и намалено задоволство. Љубомората, пак, е дополнително засилена

во контекст на нови социјални средини и потенцијални нови контакти на мигрираниот партнер.

Професионалната миграција често води кон радикална ***промена на партнерските улоги.*** Партнерот кој останува во матичната средина се соочува со зголемени обврски во поглед на домаќинството и семејната динамика, додека мигрираниот партнер носи товар на адаптација во нова културна и професионална средина (Carling, 2008). Оваа нерамнотежа може да доведе до чувство на неправедна распределба на товарот, фрустрација и постепено отуѓување меѓу партнерите.

***Неизвесноста за времетраењето на одвоеноста*** е особено критичен фактор. Кога партнерите немаат јасна визија за тоа колку долго ќе трае разделбата и какви се перспективите за повторно обединување, се појавува чувство на фрустрација и емоционален замор. Afifi и Burgoon (2000) тврдат дека токму неизвесноста во иднината е една од главните причини за намалување на задоволството и зголемена ранливост на релациите.

Интеграцијата на мигрираниот партнер во новата средина носи ***промени во вредностите, идентитетот и социјалните норми.*** Levitt и Jaworsky (2007) забележуваат дека транснационалните миграции често создаваат „идентитетски јаз“ меѓу партнерите, бидејќи мигрираниот партнер усвојува нови практики и начини на живеење кои не секогаш се усогласени со матичниот контекст. Ова може да доведе до постепено отуѓување и намалување на компатибилноста во односот.

***Емоционалниот товар*** кој произлегува од професионалната миграција не се одразува само на индивидуата која мигрира, туку и на партнерот кој останува. Чувства на тага, осаменост, анксиозност и понекогаш депресивни состојби се чести придружници на ваквите релации (Parreñas, 2005). Дополнително, одржувањето на „двојни животи“ – еден во земјата на миграција и друг преку врската со матичната земја – создава хроничен стрес кој директно го нарушува квалитетот на релацијата.

Професионалната миграција претставува комплексен социјален феномен кој создава повеќеслојни предизвици за интимните партнерски релации. Физичката одвоеност, ограничувањата на технологијата, неизвесноста за иднината, промената на улогите и културните трансформации се меѓусебно испреплетени фактори кои влијаат на квалитетот на врската. Разбирањето на овие процеси е клучно за развивање стратегии кои

ќе помогнат во зачувување на блискоста и стабилноста, дури и во услови на долгогодишна миграција.

Табела 5. Фактори, последици и стратегии за зачувување на квалитетот на релациите при професионална миграција

| Фактор | Последици врз релацијата | Потенцијални стратегии за надминување | Клучни референци |
|---|---|---|---|
| **Физичка дистанца** | Намалена интимност, недостаток на секојдневни интеракции, чувство на изолација | Редовни средби кога е можно; креирање ритуали преку онлајн комуникација; одржување заеднички активности од далечина (на пр. гледање филм истовремено) | Stafford (2010) |
| **Ограничувања на технологијата** | Илузија на блискост, идеализирање или погрешни перцепции за партнерот | Комбинација на синхрона и асинхрона комуникација; искреност во дигитална интеракција; внимателно користење социјални медиуми | Jiang & Hancock (2013) |
| **Несигурност и љубомора** | Зголемена анксиозност, сомнежи во посветеноста, конфликти и намалена доверба | Отворено разговарање за стравовите; поставување заеднички граници; практикување доверба преку транспарентност | Knobloch & Solomon (1999) |
| **Нерамномерна распределба на улогите** | Партнерот кој останува се чувствува преоптоварен; чувство на неправда; ерозија на партнерската рамнотежа | Преговарање за улогите; распределба на одговорности преку проширена семејна или социјална мрежа; признавање на напорот на секој партнер | Carling (2008) |
| **Временска неизвесност** | Фрустрација, емоционален замор, губење мотивација за одржување на врската | Дефинирање временски хоризонти; поставување заеднички цели; креирање визија за повторно обединување | Afifi & Burgoon (2000) |
| **Културни и идентитетски промени** | „Идентитетски јаз“, отуѓување, неусогласеност на вредностите и стилот на живот | Континуирано споделување на искуства; одржување на културни практики од матичната средина; прифаќање на промени со отвореност | Levitt & Jaworsky (2007) |
| **Психолошки последици** | Осаменост, тага, анксиозност, ризик од депресија кај двата партнера | Психолошка поддршка (онлајн или локално); споделување на емоциите; учество во групи за поддршка на мигранти и нивни семејства | Parreñas (2005) |

Според прикажаната анализа во Табела 5., факторите кои го нарушуваат квалитетот на интимните релации во услови на професионална миграција се повеќеслојни и меѓусебно поврзани. Најчести се физичката одвоеност, неизвесноста за иднината и трансформацијата на улогите, кои создаваат психолошки и емоционални предизвици. Квалитетот на партнерските релации често се доведува во прашање кога партнерите се соочуваат со услови на професионална миграција, бидејќи овој феномен создава сложени психолошки, социјални и емоционални предизвици. Оддалеченоста, временските разлики и ограничените можности за физички контакт водат до нарушување на рутините кои обично ја одржуваат блискоста и стабилноста во релацијата. Недостатокот на секојдневна интеракција често предизвикува чувство на изолација, што може да резултира со намалено чувство на сигурност и припадност во релацијата (Holmes, 2019). Еден од главните фактори е нарушувањето на емоционалната регулација во релацијата. Истражувањата покажуваат дека физичката оддалеченост го намалува капацитетот на партнерите да пружат непосредна поддршка во моменти на стрес или криза, што често води до акумулација на незадоволство и емоционална дистанца (Stafford, 2010). Дополнително, професионалната миграција неретко е проследена со зголемен обем на работа, несигурност во врска со новата средина и стрес поврзан со адаптацијата, што ја намалува емоционалната достапност на мигрираниот партнер (Milić, 2020). Друг значаен аспект е нарушувањето на интимноста и сексуалната приврзаност. Недостатокот на физичка близина ја намалува можноста за остварување на интимни гестови и сексуална интеракција, што може да предизвика фрустрации, сомнежи и намалување на квалитетот на релацијата (Schwehm, 2018). Исто така, се зголемува ризикот од појава на љубомора и недоверба, особено кога партнерите немаат воспоставено силни механизми за справување со таквите предизвици (Neustaedter & Greenberg, 2012). Финансиските фактори, кои често се иницијална причина за миграцијата, имаат двоен ефект врз релацијата. Од една страна, подобрените материјални услови можат да придонесат за стабилност, но од друга страна, долготрајната физичка раздвоеност може да предизвика чувство дека економската добивка е на сметка на емоционалната кохезија на партнерството (Graham et al., 2012). Овој парадокс создава амбивалентност во перцепцијата на вредноста на жртвите направени за благосостојбата на семејството. На крај, нарушувањето на партнерските улоги е уште еден критичен

фактор. Во ситуации на професионална миграција, улогите во секојдневниот живот, како грижа за домот, финансиското управување и родителските одговорности, се прераспределуваат, што може да предизвика тензии и чувство на нерамнотежа во релацијата (Zlobina et al., 2006). Недостатокот на усогласување околу овие улоги често доведува до конфликти кои дополнително го ослабуваат квалитетот на партнерската врска.

Земајќи ги предвид овие аспекти, може да се заклучи дека професионалната миграција ја предизвикува стабилноста на партнерските релации преку комплексна комбинација на емоционални, интимни, економски и социјални фактори. Само преку свесно прилагодување, отвореност и изградба на нови модели на комуникација и доверба, партнерите можат да го ублажат негативното влијание и да обезбедат одржливост на релацијата.

### 3.3.1. Статистичка анализа по региони

Интимните релации на далечина претставуваат сложен феномен кој се јавува како резултат на модерната мобилност, глобализацијата и професионалната миграција. Сè поголемиот број парови во светот се соочуваат со потребата да го приспособат квалитетот на својата врска на услови на физичка оддалеченост. Во оваа насока, споредбата помеѓу различни региони – САД, Европа и Балканот – овозможува подлабоко разбирање на специфичните социокултурни, психолошки и технолошки фактори кои го обликуваат искуството на паровите во вакви релации. Табелата 6., систематски ги прикажува клучните карактеристики на врските на далечина (LDR) низ овие три контексти.

Во ***американскиот*** контекст, врските на далечина се исклучително чести, што е последица на висока географска мобилност, студентска размена и динамичниот пазар на труд. Според проценките, околу 14 милиони Американци моментално се наоѓаат во LDR, а 75 % од студентите изјавуваат дека барем еднаш биле во ваква релација (Zipdo, 2024). Ваквата висока застапеност укажува на тоа дека LDR не се перципираат како „исклучок“, туку како нормализирана форма на интимна врска во рамките на современите општествени услови. Во однос на трајноста, податоците укажуваат дека приближно 60 % од овие релации се успешни, а дел од нив се одржуваат подолгорочно од географски

блиските врски (Earthweb, 2024). Истовремено, се забележува дека 42 % прекинуваат во првата година, што ја покажува ранливоста во почетната фаза. Сепак, за разлика од традиционалните претпоставки, многу студии сугерираат дека LDR во САД често се карактеризираат со подлабоки разговори и поизразена интимност, што може да се објасни со потребата партнерите да надоместат за физичката дистанца преку вербална и емотивна комуникација (Stafford, 2010). Улогата на технологијата во американскиот контекст е пресудна. Просечно, партнерите имаат околу 2,7 дигитални повици неделно, со силно користење на платформи како Zoom, Facetime и социјални мрежи (Wikipedia, 2024). Оваа комбинација на технолошка достапност и културна отвореност овозможува LDR да бидат одржливи и прифатливи за значаен дел од популацијата.

***Европскиот*** контекст е исто така обележан со висока преваленца на LDR. Според истражувања, над 90 % од луѓето во Велика Британија, Германија и Франција изјавиле дека имале искуство со вакви релации (2date4love, 2024). Во Германија, на пример, просечната трајност на врските на далечина изнесува 2,86 години, што укажува на стабилност слична на американскиот контекст, но со потенцијал за подолготрајна одржливост. Она што ја издвојува Европа е културниот и социјалниот контекст. Додека САД се карактеризираат со индивидуализам, Европа комбинира колективистички вредности и семејна ориентација со модерни пристапи кон партнерството. Ова создава специфичен баланс – од една страна, LDR добиваат поширока општествена поддршка како дел од феноменот на мобилноста во рамките на Европската Унија (на пример, програмите Erasmus), но од друга страна, во одредени традиционални културни кругови постои скепса кон вакви релации. Во поглед на емоционалната блискост, европските партнери често изразуваат повисоко чувство за иднината на врската и ја сметаат миграцијата за временски предизвик, а не за закана. Технологијата повторно има клучна улога, со акцент на апликации како WhatsApp и Viber, кои овозможуваат постојана и економична комуникација (Claysrelationshipadvice, 2024).

***Балканскиот*** контекст претставува уникатен случај. Иако директни статистики за LDR се ограничени, индиректни истражувања укажуваат дека вакви релации се во пораст, особено поради високата стапка на професионална миграција. Повеќето LDR во регионот се поврзани со сценариото „еден партнер останува дома, а другиот мигрира за работа или студии“. Во однос на стабилноста, LDR на Балканот се соочуваат со повисок

ризик од прекин, најчесто поради силниот социјален и семеен притисок. Традиционалните културни очекувања заедно со патријархалните вредности често создаваат дополнителни предизвици за партнерите, кои мораат да се соочат не само со физичката дистанца, туку и со осуда или сомнеж од поширокатa средина (Parreñas, 2005). Емоционалната блискост често се нарушува поради чувството на вина, љубомора или неизвесност. Иако технологијата (Viber, WhatsApp, Messenger) се користи интензивно, таа често се перципира како „недоволна компензација“ за физичката оддалеченост. Сепак, во многу случаи, паровите развиваат силна психолошка резилиентност, што им овозможува да се прилагодат на предизвиците. Анализата покажува дека, иако САД и Европа имаат слични стапки на успех и стабилност во LDR, клучната разлика лежи во културниот контекст: индивидуалистичкиот пристап во САД ги прави релациите пофлексибилни, додека во Европа доминира балансот помеѓу модерните и традиционалните вредности. Балканот, пак, претставува контекст каде LDR се најчесто резултат на економски притисоци и професионална миграција, а не на личен избор или студирачка мобилност. Ова го прави искуството на паровите поспецифично и поврзано со социоекономската реалност. Балканските партнери се соочуваат со дополнителни слоеви на предизвици – културни, семејни и психолошки – кои често влијаат врз квалитетот и долготрајноста на релацијата.

Заклучно, табелата и анализата укажуваат дека квалитетот на интимните релации на далечина не може да се разбере изолирано од социокултурниот и економскиот контекст. Токму миграцијата, која на Балканот е доминантен фактор, ја поставува темата како релевантна не само на индивидуално, туку и на општествено ниво.

Табела 6. Споредбен преглед на долгите интимни релации (САД, Европа, Балкан)

| Регион | Преваленца и искуство | Долготрајност и стапка на успех | Емоционална блискост и интимност | Културен и социјален контекст | Улога на технологијата | Релации во услови на миграција | Клучни извори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **САД** | 14 милиони луѓе во LDR; | ~60 % траат успешно; 42 % прекинуваат во првата година (често во првите 6 месеци) | 58 % имаат подлабоки разговори; 81 % чувствуваат поголема интимност по повторно обединување | Висока мобилност; индивидуалистички пристап кон релациите; поголема отвореност за експериментирање со релациски форми | Интензивна употреба на видео и дигитална комуникација; 2,7 повици неделно во просек | Миграцијата поради работа е честа; LDR често се резултат на професионални цели | Zipdo (2024); Earthweb (2024); Wikipedia (2024) |
| **Европа** | >90 % од луѓето (UK, Германија, Франција) имале LDR барем еднаш | Просек од 2,86 години во Германија; стапка на успех слична на САД (~58 %) | Стабилност на емоциите повисока од очекуваното; честопати врските се одржуваат со посилно чувство за иднината | Колективистички и семејно-ориентирани вредности во дел од Европа; повеќе прифатливост за „Living Apart Together“ модели | Слично со САД: технологијата е клучна; WhatsApp, Viber и Zoom главни алатки | Висока миграција внатре во ЕУ и надвор; LDR се поврзани со мобилност на трудот | 2date4love (2024); Claysrelationship advice (2024) |
| **Балкан** | Недостаток на директни статистики; индиректни податоци укажуваат на раст на LDR, особено кај младите | Просечна стабилност е варијабилна; LDR најчесто поврзани со работа во странство; повеќе ризик од прекин поради културен притисок | Интимноста често е предизвикана од традиционалните очекувања; партнерите се соочуваат со чувство на вина или семејни очекувања | Традиционални вредности; посилно влијание на семејството; помала социјална поддршка за LDR во споредба со Западна Европа | Употреба на Viber/WhatsApp повисока отколку во САД; технологијата е алатка за одржување, но често недоволна | Професионалната миграција е главна причина за LDR; честа е ситуацијата „еден партнер дома – друг во странство“; зголемен ризик од психолошка напнатост | EuropePMC (2018); Parreñas (2005) |

## II. ДЕЛ МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 4.1. Проблем на истражување

Современите миграциски движења, особено оние поттикнати од професионални и економски причини, доведуваат до сè поголем број партнерски релации во кои партнерите се принудени на подолготрајна физичка одвоеност. Овој процес создава специфични психолошки, релациски и комуникациски предизвици, бидејќи дистанцата го нарушува секојдневниот контакт, ја менува распределбата на улогите и го усложнува одржувањето на емоционалната блискост. Проблемот на истражување произлегува од прашањето како професионалната миграција и одвоениот живот (во траење од најмалку три месеци) влијаат врз квалитетот на партнерската релација, и тоа особено врз: комуникацијата, емоционалната блискост, довербата, справувањето со конфликти и стабилноста на релацијата.

Иако постои релевантна литература за влијанието на миграцијата врз семејната динамика, значително помалку истражувања се фокусираат конкретно на партнерските односи во услови на професионална одвоеност, особено во регионален контекст. Поради тоа, сè уште недостасуваат систематски податоци за тоа како партнерите ја доживуваат одвоеноста, кои стратегии ги користат за да го одржат релацискиот квалитет и кои фактори најмногу придонесуваат за засилување или нарушување на релацијата. Оттука, проблемот на истражување се состои во идентификација и анализа на релациските промени кои се појавуваат за време на одвоеноста, како и утврдување на тоа кои аспекти на релацијата се најподложни на влијание од физичката дистанца. Овој проблем е од особен научен и практичен интерес, бидејќи разбирањето на овие процеси може да придонесе кон развој на стратегии за поддршка на партнерите кои се наоѓаат во слични миграциски услови.

### 4.2. Цели на истражување

Основната цел на истражувањето е да се утврди како професионалната миграција, односно одвоениот живот на партнерите во времетраење од најмалку три месеци, влијае врз квалитетот на нивната партнерска релација. Истражувањето ги опфаќа клучните релациски компоненти: комуникацијата, емоционалната блискост, довербата, стратегиите за

справување со конфликти, а со цел да се добие целосна слика за измените што се јавуваат во релацијата за време на одвоеноста и по завршувањето на миграцискиот период.

### 4.2.1. Научна цел на истражувањето

Научната цел е да се придонесе кон проширување на теоретските сознанија за влијанието на професионалната миграција врз партнерските релации, преку систематско испитување на специфичните психолошки и релациски механизми што се активираат при подолготрајна физичка одвоеност. Истражувањето има за цел да:

- идентификува кои аспекти на квалитетот на релацијата се најподложни на промени под влијание на одвоеноста;
- утврди како комуникациските обрасци, емоционалната поврзаност и довербата се менуваат во услови на миграција;
- ги анализира механизмите на справување со конфликтите кога партнерите не се физички присутни.

Научниот придонес на истражувањето се огледува во создавање нови сознанија за психолошката и релациската адаптација кај паровите изложени на миграциска одвоеност, област која сè уште е недоволно истражена во регионален контекст.

### 4.2.2. Практична цел на истражувањето

Практичната цел е да се обезбедат применливи сознанија и препораки кои може да им помогнат на партнерите, психолозите, советувалиштата и стручните служби при поддршка на парови што се соочуваат со професионална одвоеност. Истражувањето има намера:

- да ги идентификува клучните ризик-фактори и заштитни механизми што влијаат врз релацискиот квалитет за време на одвоеност;
- да укаже на стратегии и модели на комуникација кои можат да ја зајакнат емоционалната врска;
- да понуди насоки за подобро справување со конфликти во услови на физичка дистанца.

Овие практични придобивки можат да придонесат кон развивање програми за поддршка, советодавни интервенции и превентивни активности наменети за парови кои се соочуваат со слични миграциски предизвици.

### 4.3. Резултати од досегашни истражувања

Истражувањата за влијанието на миграцијата и физичката одвоеност врз партнерските релации укажуваат дека подолготрајната дистанца претставува значаен релациски и психолошки предизвик. Меѓународните студии покажуваат дека комуникацијата, довербата, емоционалната блискост и стабилноста на релацијата се најчесто засегнатите аспекти, особено кога партнерите се разделени поради професионални обврски.

Истражувањата на Stafford и Merolla (2007) покажуваат дека паровите кои живеат во услови на „long-distance relationships“ често се соочуваат со ограничена секојдневна интеракција, што резултира со поголема потреба од структурирана и квалитетна комуникација за да се одржи емоционалната врска. Овие автори истакнуваат дека дигиталната комуникација може да ги ублажи негативните ефекти од физичката дистанца, но само доколку е редовна, отворена и емпатична. Во студијата на Holmes (2004) се наведува дека одвоеноста може да предизвика зголемена несигурност и сомнеж, особено во релации во кои довербата претходно не била стабилно изградена. Истражувањето посочува дека партнерите често развиваат различни стратегии за справување, како што се ритуали на секојдневен контакт, зголемена емотивна транспарентност и споделување важни релациски потреби. Истражувања фокусирани на мигрантските семејства (Graham и Jordan, 2011) покажуваат дека професионалната миграција влијае врз распределбата на улогите во семејството: партнерот кој останува дома презема поголем дел од одговорностите, што може да доведе до замор, стрес и незадоволство. Овие промени често предизвикуваат конфликти, особено кога комуникацијата е недоволна или нејасна. Слично, истражувањата во европски контекст (Kilkey и Merla, 2014) укажуваат дека миграцијата создава „емоционални празнини“ во партнерските релации, но истовремено може да поттикне развивање на повисоко ниво на автономија и релациска зрелост, ако партнерите активно инвестираат во одржување на врската.

Во регионален контекст, ограничени истражувања укажуваат на слични предизвици кај македонските и балканските мигрантски семејства, особено во однос на емоционалната дистанца, загриженоста, чувство на осаменост и зголемената психолошка оптовареност кај партнерот кој останува дома. Ова дополнително ја нагласува потребата од систематско истражување насочено конкретно кон партнерските релации во услови на професионална миграција.

Сумирано, досегашните истражувања покажуваат дека:

- подолготрајната одвоеност има значајно влијание врз квалитетот и функционирањето на релацијата;
- квалитетната, конзистентна комуникација е најсилниот заштитен фактор;
- довербата и емоционалната поврзаност се најранливи аспекти;
- миграцијата не секогаш води кон негативни последици, а исходот зависи од стабилноста на релацијата, индивидуалните стратегии и психолошката поддршка.

Овие резултати ја оправдуваат потребата за понатамошно истражување, особено во локален контекст, со цел подобро разбирање на динамиката на партнерски релации под влијание на професионална миграција.

### 4.4. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е испитувањето на квалитетот на партнерската релација во контекст на професионалната миграција, со особен акцент на тоа како одвоениот живот, во минимално траење од три месеци, влијае врз комуникацијата, емоционалната блискост, довербата и справувањето со конфликти. Во фокус се ставени и психолошките и релациските механизми преку кои партнерите се справуваат со физичката дистанца, како и факторите кои го олеснуваат или отежнуваат одржувањето на стабилна интимна врска за време на временска и просторна одвоеност.

#### 4.4.1. Теоретско определување на предметот на истражување

Теоретското определување на предметот го поставува истражувањето во рамките на современите пристапи кон партнерските релации, миграцијата и психологијата на одвоеноста. Во литературата, квалитетот на партнерската релација се разгледува преку повеќе димензии – комуникација, емоционална блискост, доверба, стабилност, конфликтни

обрасци, релациска сатисфакција – кои се динамични и подложни на промени под влијание на надворешни стресори. Професионалната миграција претставува специфичен стресор, затоа што создава продолжена физичка дистанца, нарушува секојдневни рутини и ја променува распределбата на семејните и партнерските улоги.

Теоретските модели за влијанието на дистанцата врз релациите (Kelly & McGrath, 1988; Holmes, 2004) укажуваат дека одвоеноста може да доведе до намалена интеракција, пониски нивоа на непосредна емоционална поддршка и поголема веројатност за погрешни интерпретации при комуникацијата. Истовремено, истражувањата за релациска адаптација покажуваат дека партнерите кои развиваат ефективни стратегии за комуникација, доверба и стабилна емоционална регулација успеваат да го зачуваат високото ниво на релациски квалитет и за време на одвоеност.

Во таа насока, предметот на ова истражување е теоретски заснован врз концептите на релациска стабилност, релациска задоволеност, интимност во контекст на просторна дистанца, релациска адаптација и доверба, како и врз психолошките ефекти на миграцијата врз семејната и партнерската динамика.

### 4.4.2. Дефинирање на клучните поими

За да се обезбеди прецизност во истражувањето, потребно е да се дефинираат клучните концепти:

1. *Партнерска релација* – со ова се подразбира емоционална, интимна и стабилна врска помеѓу двајца партнери која вклучува комуникација, размена на емоции, доверба и заемна поддршка.
2. *Професионална миграција* – миграциски процес при кој еден од партнерите заминува во друга земја или регион со цел вработување или подобрување на економски услови. Овој процес често подразбира привремена или подолготрајна физичка раздвоеност.
3. *Одвоен живот (физичка дистанца)* – период од најмалку три месеци во кој партнерите живеат одвоено, без секојдневен физички контакт. Одвоеноста се разгледува како потенцијален стресор кој влијае врз релацискатa динамика.

4. *Комуникација* – начинот, фреквенцијата и квалитетот на размената на информации, емоции и поддршка меѓу партнерите. Вклучува дигитална, вербална и невербална комуникација.
5. *Емоционална блискост* – степенот на интимност, поврзаност и чувство на емоционална достапност помеѓу партнерите.
6. *Доверба* – перцепцијата за сигурност, искреност, стабилност и предвидливост на партнерот, особено значајна во услови на одвоеност.
7. *Конфликти и управување со конфликти* – моментите на несогласување, тензија или недоразбирање, како и стратегиите кои партнерите ги користат за нивно разрешување.

### 4.4.3. Операционално определување на предметот на истражување

Операционалното определување го преведува теоретскиот предмет во конкретни, мерливи истражувачки варијабли и индикатори. Во ова истражување предметот се операционализира преку следниве компоненти:

1. Квалитет на партнерската релација – се мери преку две валидирани скали: PRQC – Perceived Relationship Quality Components Scale, која оценува шест димензии (задоволство, интимност, доверба, посветеност, страст и љубов) и Burns Relationship Satisfaction Scale, која ги мери нивоата на релациска задоволеност преку седум категории.
2. Комуникација – операционализирана преку зачестеност на комуникација, перцепција за отвореност, јасност и задоволство од комуникацијата за време на одвоеноста.
3. Емоционална блискост – се мери преку самооценка на чувство на поврзаност, емоционална поддршка, достапност и сигурност од партнерот.
4. Доверба – се оценува преку перцепциите за сигурност, стабилност и предвидливост во однесувањето на партнерот.
5. Справување со конфликти – се операционализира преку зачестеност на конфликти, тип на стратегии за справување, степен на разрешување и задоволство од исходот.

Со вакво операционално определување, предметот на истражувањето станува мерлив, структуриран и усогласен со истражувачките прашања, што овозможува валидна и релевантна анализа на влијанието на професионалната миграција врз партнерските релации.

### 4.5. Хипотези

Во согласност со проблемот и предметот на истражувањето, хипотезите се формулирани со цел да се утврди начинот и интензитетот на влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерската релација. Поставувањето на општа хипотеза и низа посебни хипотези овозможува подетално разбирање на различните димензии на релациската динамика под влијание на подолготрајна физичка одвоеност.

#### 4.5.1. Формулација на општа хипотеза

Општата (главна) хипотеза на истражувањето е формулирана на следниот начин:

***H1. Професионалната миграција (одвоен живот ≥ 3 месеци) има значајно влијание врз перцепираниот квалитет на партнерската релација.***

Оваа хипотеза полага на претпоставката дека физичката дистанца, промените во секојдневните рутини и намалената непосредна интеракција влијаат врз релациските компоненти како емоционална блискост, доверба, комуникација и конфликтно однесување.

#### 4.5.2. Формулација на посебни хипотези

Со цел попрецизно да се истражат релациските аспекти под влијание на одвоеноста, формулирани се следниве потхипотези:

***H1.1. Партнерите кои редовно комуницираат за време на одвоеноста имаат повисоко ниво на перципирана емоционална блискост.***

Оваа хипотеза ја испитува улогата на дигиталната, вербалната и емоционално поддржувачка комуникација како заштитен фактор во релациската стабилност.

***H1.2. Постои значајна разлика во искуството на конфликти во зависност од формата на партнерската релација (брак, неформална врска, врска на далечина и др.).***

Хипотезата претпоставува дека структурно различните релации имаат различна толеранција, стабилност и механизми на справување со конфликтни ситуации.

***H1.3. Одвоеноста поради професионални обврски може да придонесе за намалување на довербата меѓу партнерите.***

Оваа хипотеза ја рефлектира идејата дека повеќето последици од одвоеноста се негативни во однос на довербата, односно поголемото времетраење на одвоеноста е поврзано со намалената доверба помеѓу партнерите.

Формулацијата на главната хипотеза и потхипотезите овозможува прецизно насочување на анализата кон клучните релациски компоненти: комуникација, емоционална блискост, доверба и конфликти. Овој пристап овозможува секоја димензија на односот да биде поединечно оценета, што ја зголемува валидноста на заклучоците и овозможува да се утврдат конкретните механизми преку кои одвоеноста влијае врз релацијата. Ставовите врз кои се темелат хипотезите се во согласност со научните сознанија дека физичката дистанца може да функционира и како ризик и како можност (Stafford, 2010; Merolla, 2012). Така, истражувањето не претпоставува едностран негативен ефект, туку ги опфаќа и потенцијалните позитивни и адаптивни исходи од одвоеноста, важни за подлабоко разбирање на партнерските релации под влијание на миграциски фактори.

### 4.6. Варијабли на истражувањето

Со цел детално да се испита влијанието на професионалната миграција врз релацискатa динамика, неопходно е прецизно операционализирање на клучните конструкти. Таквиот пристап овозможува секоја хипотеза да биде статистички тестирана преку соодветно избрани индикатори и мерни инструменти. Операционализацијата на променливите ја овозможува трансформацијата на комплексните психосоцијални феномени како што се емоционална блискост, доверба или комуникациски стил во мерливи категории кои можат да се анализираат преку квантитативни техники.

Во таа насока, дефинирана е независната и зависните варијабли, како и сите релевантни мерни димензии преку кои се пристапува кон систематско и валидно оценување на влијанието на одвоениот живот врз перципираниот квалитет на партнерската релација. За таа цел, идентификувани се следниве типови на варијабли:

*Независна варијабла е професионалната миграција* – оваа варијабла се дефинира како привремено или подолготрајно отсутство на еден од партнерите поради работни обврски, што резултира со најмалку три месеци физичка одвоеност од партнерот. Во

анкетата, оваа варијабла се мери преку прашања кои се однесуваат на времетраењето, фреквенцијата и природата на одвоеноста.

*Зависни варијабли:*

1. Емоционална блискост – мери перцепција за емоционална поврзаност со партнерот за време на одвоеноста и по враќањето.
2. Комуникација – мери зачестеност, отвореност и задоволство од комуникацијата со партнерот (вклучително и дигитални форми).
3. Решавање на конфликти – ги опфаќа стратегиите што партнерите ги користат за справување со несогласувања, како и нивната ефикасност.
4. Квалитет на партнерската релација – мерен преку перцепцијата на стабилност, доверба, интимност и задоволство во врската.

*Контролни варијабли:*

1. Должина на врската/бракот
2. Возраст и пол на испитаниците
3. Присуство на деца
4. Фреквенција на комуникација
5. Тип на партнерство (брак, заеднички живот без брак, врска на далечина и сл.)
6. Претходно искуство со одвоеност.

Прецизното дефинирање на независната, зависните и контролните варијабли овозможува систематски и методолошки конзистентен пристап кон анализата на релативно комплексните релациски процеси кои се јавуваат во услови на професионална миграција. Вклучувањето на контролни варијабли е од суштинско значење, бидејќи тие ја намалуваат веројатноста резултатите да бидат искривени од фактори кои исто така можат да влијаат врз квалитетот на партнерската релација, како што се должината на врската, типот на партнерството или претходното искуство со одвоеност. На тој начин се обезбедува посигурна проценка на реалниот ефект што го има одвоеноста поради работа.

Дополнително, јасната категоризација на зависните варијабли овозможува подетална анализа на специфичните аспекти на релацијата, наместо нивно третирање како единствена, генерална целина. Така, комуникацијата, емоционалната блискост, довербата, и способноста за решавање конфликти можат да се анализираат одделно, со што се обезбедува поголема прецизност при тестирањето на поставените хипотези. Овој пристап

овозможува да се идентификуваат оние релациски компоненти кои се најчувствителни на ефектите од одвоеноста, како и да се утврди дали сите аспекти на релацијата подеднакво ја трпат физичката дистанца.

Со ваквото систематско поставување, истражувањето создава основа за валидно мерење на релациските димензии и нивно понатамошно статистичко тестирање. Во следниот дел се опишуваат инструментите за мерење и начинот на операционализација на променливите, преку кои овие психосоцијални феномени се трансформираат во мерливи индикатори што овозможуваат квантитативна анализа и споредба. Ова претставува клучен чекор во обезбедување доверливост, валидност и интерпретабилност на резултатите добиени од испитувањето.

### 4.7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во ова истражување се применети методи и техники кои овозможуваат систематско собирање, анализа и интерпретација на податоци поврзани со влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерските релации. Изборот на методолошкиот пристап е условен од природата на проблемот и потребата за мерење на релациски и психосоцијални аспекти кои се подложни на квантитативна обработка. Истражувањето се темели на квантитативна истражувачка парадигма, која овозможува идентификација на статистички значајни врски меѓу варијаблите, како и проверка на поставените хипотези. Користењето на стандардирани инструменти и структуриран прашалник овозможува добивање податоци кои се споредливи, валидни и репрезентативни за испитаната популација. Покрај основните демографски податоци, инструментот опфаќа и повеќе скали за мерење на комуникацијата, емоционалната блискост, довербата и квалитетот на партнерската релација. Примената на овие инструменти овозможува да се анализираат различни аспекти на релацијата низ прецизни и квантифицирани показатели, што значително ја зголемува валидноста на добиените резултати.

#### 4.7.1. Методи на истражување

Во ова истражување, применет е квантитативен методолошки пристап, чија цел е да се соберат, анализираат и интерпретираат податоци поврзани со влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерските релации. Изборот на

квантитативната методологија е условен од потребата за систематско мерење на одредени аспекти на меѓучовечките односи и добивање податоци кои можат да се обработат статистички.

### 4.7.2. Техники за обработка на податоци

Истражувањето се реализира преку анкетен прашалник онлајн, кој е дистрибуиран електронски преку социјални мрежи и е-пошта.

Користењето на анкетен прашалник онлајн овозможува побрзо и поефикасно прибирање податоци од поширока и разновидна група испитаници кои исполнуваат критериуми релевантни за истражувањето, особено со оглед на чувствителноста на темата и дисперзираната природа на популацијата која ја засега професионалната миграција. Овој метод им овозможува на испитаниците да одговорат анонимно, без притисок и во време што ним им одговара, што ја зголемува искреноста на одговорите и ја намалува можноста од социјално посакувано однесување, кое често се јавува при истражувања на интимни или емоционално чувствителни теми (Tourangeau & Yan, 2007).

Анкетниот инструмент е дизајниран да ги мери клучните аспекти на партнерската релација, како комуникацијата, емоционалната блискост, довербата и квалитетот на релацијата преку комбинација од затворени прашања, Ликертови скали и демографски прашања. Вклучувањето на повеќестепени скали овозможува фина градација на перцепциите и ставовите на испитаниците, што е особено значајно при анализирање на субјективни психосоцијални феномени. Притоа, секоја скала е конципирана така што ги следи операционалните дефиниции на варијаблите опфатени во истражувањето, што овозможува доследност помеѓу теоријата и емпириският дел.

Процесот на дистрибуција преку социјални мрежи и е-пошта овозможува пристап до испитаници кои моментално се во странство или кои имаат искуство со подолготрајна одвоеност поради работа, што претставува клучен услов за валидноста на податоците. Притоа, применет е неформиран, доброволен принцип на учество, со што е почитуван етичкиот аспект на истражувањето и автономијата на испитаниците. Пред започнување со пополнување на прашалникот, испитаниците беа запознаени со целта на истражувањето, правото на повлекување и начинот на користење на податоците, што обезбедува транспарентност и информирана согласност.

Податоците добиени од прашалникот се подложени на квантитативна статистичка обработка со помош на програмата SPSS, која овозможува изведување дескриптивни, инференцијални и корелациски анализи. Овој методолошки пристап овозможува идентификација на шеми, релации и статистички значајни разлики помеѓу групите, со што истражувањето добива поголема научна тежина и прецизност. Добиените резултати понатаму се интерпретираат во контекст на поставените хипотези, со што се обезбедува јасно поврзување на емпириските наоди со теоретската рамка.

Изборот на квантитативен пристап се покажува особено соодветен за ваков тип истражување, бидејќи овозможува објективна проценка на влијанието на професионалната миграција врз различни релациски димензии, овозможува обработка на поголем број податоци и дава можност за статистичко тестирање на хипотезите. Дополнително, квантитативната анализа овозможува стабилни генерализации и препознавање на поширок трендови, што е од особена важност кога се истражуваат општествени појави кои се поврзани со современите економски и професионални миграциски текови.

Техниката која се користи за прибирање на податоци е анкета. Анкетниот инструмент се состои од комбинација на затворени и скалирани прашања. Пристапот преку онлајн анкета е избран со цел да се обезбеди поширок опфат на испитаници, независно од нивната географска локација. Анкетата е анонимна, со цел да се поттикне искреност при одговарањето и да се заштити приватноста на испитаниците.

Анкетниот прашалник се состои од три сегменти:

1. **Демографски податоци**, овој дел содржи прашања кои се однесуваат на основните карактеристики на испитаниците:

- ✓ пол
- ✓ возраст
- ✓ место на тековно живеење
- ✓ место на миграција
- ✓ времетраење на партнерската релација
- ✓ форма на релација
- ✓ родителски статус
- ✓ образование
- ✓ професија

- ✓ должина на одвоеност од партнерот поради работа
- ✓ број на одделувања

2. **Скала за проценка на квалитет на партнерската релација (PRQC):** во овој сегмент е вклучена The Perceived Relationship Quality Component Scale (Fletcher et al., 2000), која опфаќа шест димензии на квалитет на партнерската релација: задоволство, интимност, доверба, посветеност, страст и љубов. За секоја димензија е поставено по едно прашање, со одговори на седумстепена Ликертова скала (од 1 = воопшто не се согласувам, до 7 = целосно се согласувам). Оваа скала е валидирана и често се користи во истражувања од областа на социјалната психологија и семејната динамика.
3. **Burns – Relationship Satisfaction Scale**, една од најчесто користените кратки скали за проценка на општото задоволство од блиските релации. Оваа скала е развиена од Дејвид Д. Бернс (Burns, 1983) и се состои од седум категории кои ја мерат перцепцијата за задоволство во клучни аспекти на релацијата: комуникација и отвореност, справување со конфликти, наклонетост и грижа, интимност и блискост, задоволство со сопствената улога во релацијата, задоволство од улогата на партнерот и општо задоволство од релацијата. Испитаниците ги оценуваат секоја од седумте категории преку седмостепена скала на задоволство (од 0 = „многу незадоволен/на“ до 6 = „многу задоволен/на“). Вкупниот резултат се добива со собирање на оценките од сите седум ставки, при што повисок резултат значи поголемо задоволство од релацијата. Скалата е едноставна, брза за пополнување и валидирана за употреба во истражувања од областа на клиничката и социјалната психологија. Табелата за интерпретација на резултатите нуди категории од „екстремно незадоволен/на“ до „многу задоволен/на“, што овозможува подобро разбирање на перцепцијата за квалитетот на релацијата кај испитаниците.
4. **Отворени и дополнителни прашања:** со цел добивање подлабоко разбирање на индивидуалните искуства поврзани со професионалната миграција и релациите.

Во однос на етичките аспекти на истражувањето, испитаниците се информирани за целта на истражувањето и доброволноста на учеството. Пред започнување со одговарање на прашалникот, тие го даваат своето информирано согласување. Истражувањето е спроведено согласно етичките принципи на анонимност, доверливост и заштита на лични

податоци. Притоа, применетата методологија овозможува систематско прибирање на податоци релевантни за темата и овозможува истражување на врската помеѓу професионалната миграција и перцепираниот квалитет на партнерските релации. Комбинацијата од демографски индикатори и стандардизирана скала овозможува понатамошна квантитативна анализа и интерпретација на податоците.

### 4.8. Популација и примерок на истражување

Во ова истражување, популацијата е дефинирана како сите полнолетни лица (18 години и постари) кои имале искуство со професионална миграција и биле во партнерска релација за време на периодот на одвоеност. Професионалната миграција во контекст на ова истражување се дефинира како привремено или трајно иселување на еден од партнерите во друга географска локација поради работни обврски, при што физичката одвоеност од партнерот траела најмалку три месеци континуирано. Овој критериум се користи како пресек за вклучување на испитаниците во истражувањето, имајќи ја предвид важноста на времетраењето на одвоеноста како фактор кој може да влијае врз квалитетот на партнерската релација.

Примерокот во истражувањето е составен од најмалку 100 испитаници, со цел да се обезбеди доволна статистичка моќ за анализа на податоците. Учесниците се избрани по методот на пригоден (конвенционален) избор, при што се користени онлајн-платформи (социјални мрежи, е-пошта, форуми и групи за мигранти) за регрутирање на испитаници. Овој пристап овозможува лесна достапност до лица со специфични искуства, како и практична реализација на истражувањето со ограничени ресурси.

При дизајнирањето на примерокот се земени предвид неколку демографски и структурни карактеристики кои се важни за понатамошна анализа на резултатите. Овие карактеристики вклучуваат: пол (машки, женски, друг), возраст, место на живеење, место на миграција, ниво на образование, професија, времетраење на врската, форма на партнерска релација (брак, долга врска, партнерство на далечина), родителски статус (дали имаат деца), број и должина на одвоените периоди поради миграција. Оваа стратификација овозможува анализа на подгрупи, идентификација на разлики и корелации помеѓу факторите како што се пол, образование или родителски статус и перципираниот квалитет на врската.

Иако примерокот не е репрезентативен на национално ниво, тој сепак нуди вредни сознанија за специфична категорија испитаници со релевантно животно искуство. Ограничувањата на пригодниот примерок се ублажуваат преку внимателен дизајн на прашалникот, контролни прашања и аналитички техники што ќе бидат применети во подоцнежната обработка на податоците. Целта на примерокот не е да ги генерализира резултатите врз целата популација, туку да обезбеди увид во динамиките на партнерските релации кај лица со конкретно искуство на професионална миграција. Ваквиот пристап е особено корисен за истражувања со експлораторен карактер, каде што акцентот е ставен на разбирање на модели и трендови, а не на претставничка статистика.

### 4.9. Организација и спроведување на истражувањето

Истражувањето се реализира во неколку фази:

1. подготовка на анкетниот инструмент и дигитална платформа (Google Forms),
2. пробно тестирање и финализирање на прашалникот,
3. дистрибуција на анкетата преку социјални мрежи (Facebook, Instagram) и е-пошта,
4. собирање податоци во временски период од 3 до 4 недели, и
5. анализа и обработка на резултатите.

Временски распоред на реализацијата:

- недела 1: Финализирање на анкетниот прашалник и подготвување на Google Forms
- недела 2: Пробно тестирање на инструментот и ревизија
- недела 3 – 6: Активна дистрибуција и собирање податоци
- недела 7 – 8: Прелиминарна анализа на податоци, верификација и чистење на базата
- недела 9 – 10: Комплетна статистичка анализа, интерпретација и подготовка на извештајот.

Целокупниот процес е организиран со цел ефикасно прибирање податоци со минимални ресурси, но максимално посветена верификација на податоците и етичка коректност. Податоците се чуваат во заштитена форма и се користени исклучиво за научни цели.

### 4.10. Статистички техники и анализа на основни социо-демографски параметри

Во ова истражување се применуваат повеќе статистички техники со цел систематска анализа на податоците и валидно тестирање на поставените хипотези. Најпрво, се користи дескриптивна статистика, преку која се прикажуваат основните карактеристики на примерокот и на испитуваните варијабли. Во рамките на дескриптивната анализа се користат фреквенции, процентуални распределби, средни вредности и мерки на варијабилност, со што се добива почетен увид во структурата на податоците и нивната распределба.

За утврдување на поврзаноста помеѓу клучните психосоцијални фактори, применета е корелациска анализа, која овозможува проценка на јачината и насоката на релацијата меѓу варијаблите. Со оглед на фактот што дел од податоците не го следат нормалниот распоред, се користат соодветни непараметарски корелациски мерки, кои ја намалуваат веројатноста од погрешна интерпретација на резултатите. При тестирањето на разлики меѓу повеќе групи на испитаници, користени се тестови за еднаквост, специјално избрани според нивната методолошка соодветност за работа со податоци кои не се нормално распределени. Заради ова, применети се непараметарски тестови, меѓу кои:

1. Хи-квадрат ($\chi^2$) тест, кој служи за утврдување на статистички значајни разлики или зависности меѓу категоријални варијабли (на пример: тип на партнерство и зачестеност на конфликти). Овој тест овозможува испитување на односите меѓу групи на ниво на фреквенциски распределби.
2. Крускал–Валис тест, кој претставува непараметарска алтернатива на еднофакторската ANOVA и се користи за споредување на медијаните на повеќе независни групи. Овој тест се покажува соодветен кога се анализираат разлики во перцепцијата на квалитетот на релацијата, адаптацијата или емоционалната блискост кај различни категории на испитаници, а притоа не се исполнети предусловите за параметарски тестови.

Дополнително, пред примена на непараметарските тестови, е извршена проверка на распределбата на податоците со цел да се утврди дали се исполнети условите за параметарски анализи. Со оглед на тоа што дел од варијаблите покажуваат отстапувања од нормалност, изборот на непараметарски методи претставува методолошки оправдан и обезбедува точни и сигурни резултати. Со комбинирана примена на дескриптивни,

корелациски и непараметарски тестови, ова истражување обезбедува детален и статистички валиден увид во релациите и разликите помеѓу испитуваните групи, овозможувајќи соодветно тестирање на поставените хипотези и интерпретација заснована на емпириски податоци.

По утврдувањето на статистичките пристапи, следи детална анализа на основните социо-демографски карактеристики на испитаниците, која претставува неопходна основа за целосно разбирање на добиените резултати. Анализата на демографските параметри е од суштинско значење затоа што ја определува структурата на примерокот и овозможува оценување на релевантноста, репрезентативноста и потенцијалните влијанија кои тие може да ги имаат врз зависните варијабли. Во контекст на истражување кое ја разгледува динамиката на партнерските релации под услови на одвоеност поради професионална миграција, демографските својства играат особено важна улога. На пример, возраста и полот често влијаат врз комуникациските стилови, пристапите кон решавање конфликти, како и врз начинот на доживување емоционална блискост. Нивото на образование и местото на живеење може да влијаат врз пристапот до ресурси, животните навики, вредносните системи и очекувањата од партнерството, додека пак родителскиот статус и бројот на претходни одделувања можат суштински да ја обликуваат стабилноста на релацијата и чувствителноста кон одвоеноста.

Исто така, параметрите поврзани со миграцијата, како местото на заминување, причината и времетраењето на одвоеноста, начинот на одвојување (сезонска работа, ротации, долгорочна работа во странство), како и формата на врската (брак, заеднички живот, врска на далечина) овозможуваат појасно разбирање на контекстот во кој се случува релацискиот процес. Овие фактори имаат потенцијал директно да ја модерираат перцепцијата на стабилност, доверба и задоволство во партнерската релација.

Преку детална дескриптивна обработка на овие параметри се добива можност да се идентификуваат специфични профили на испитаници, како и потенцијални групни разлики кои ќе бидат подоцна проверувани со непараметарските тестови. Воедно, оваа анализа овозможува процена дали примерокот е хомоген или хетероген во однос на критичните карактеристики, што е важно за правилно толкување на статистичките наоди. Дополнително, социо-демографските карактеристики обезбедуваат контекстуални податоци кои можат да помогнат во интерпретацијата на потенцијалните релации откриени

преку корелациските анализи. На пример, можно е да се открие дека испитаниците со подолг стаж во врската полесно поднесуваат одвоеност или дека одредени форми на партнерство се поврзани со поразлични стратегии на комуникација и справување со конфликти. Токму затоа, анализата на демографските параметри не претставува само описно претставување на примерокот, туку значаен аналитички сегмент кој ја гради основата за понатамошната обработка. Во продолжение се прикажани табелите што ги содржат резултатите за возраста, полот, образованието, местото на живеење, местото на миграција, времетраењето на одвоеноста, начинот на одвојување, формата на партнерската релација, родителскиот статус и бројот на претходни одделувања.

Табела бр. 7. Демографска структура на примерокот на испитаници

| Променлива | Број на испитаници | Процент од вкупно |
|---|---|---|
| Пол | | |
| Машки | 46 | 44 % |
| Женски | 59 | 56 % |
| Возраст | | |
| 18 – 24 год. | 3 | 3 % |
| 25 – 34 год. | 21 | 20 % |
| 35 – 44 год. | 37 | 35 % |
| 45 – 54 год. | 39 | 37 % |
| 55 – 64 год. | 5 | 5 % |
| Место на живеење | | |
| Скопје | 66 | 63 % |
| Останати градови низ Македонија | 39 | 37 % |

Резултатите од Табела 7 покажуваат дека во примерокот учествувале 46 мажи (44 %) и 59 жени (56 %), што укажува на умерено балансирана полова распределба. Најзастапени се испитаниците на возраст од 35 до 54 години, кои заедно сочинуваат 72 % од примерокот, додека најмал број има во најмладата и највозрасната група. Од аспект на местото на живеење, 63 % од учесниците се од Скопје, а 37 % од други градови, што обезбедува основна географска разновидност со доминантно урбано претставништво.

Табела 8. Структура според партнерската релација

| Променлива | Број на испитаници | Процент од вкупно |
|---|---|---|
| Начин на одвоеност | | |
| Вие останавте дома да го чекате партнерот да се врати | 47 | 45 % |
| Вие заминавте на работа во странство | 58 | 55 % |
| Времетраење на партнерската релација | | |
| помалку од 1 година | 28 | 27 % |
| 1 – 3 години | 14 | 13 % |
| 4 – 6 години | 6 | 6 % |
| 7 – 10 години | 15 | 14 % |
| подолго од 10 години | 42 | 40 % |
| Форма на релација | | |
| брак | 78 | 74 % |
| врска која не е брачна заедница | 16 | 15 % |
| неформална врска | 7 | 7 % |
| врска на далечина | 4 | 4 % |
| Родителски статус | | |
| немам деца | 26 | 25 % |
| имам деца | 79 | 75 % |
| Образование | | |
| основно образование | 1 | 1 % |
| средно образование | 36 | 34 % |
| високо образование | 52 | 50 % |
| постдипломско образование | 16 | 15 % |
| Времетраење на одвоеност | | |
| 3 – 6 месеци | 61 | 58 % |
| 7 – 12 месеци | 21 | 20 % |
| 1 – 2 години | 11 | 10 % |
| над 2 години | 12 | 11 % |
| Број на одделувања | | |
| еднократно | 43 | 41 % |
| повеќекратно | 62 | 59 % |

Распределбата на испитаниците според карактеристиките на партнерската релација (Табела 8) покажува дека 55 % од нив заминуваат на работа во странство, додека 45 % остануваат дома за време на одвоеноста. Најголем дел од врските траат подолго од 10 години (40 %), што укажува дека учесниците претежно се во долготрајни релации. Во однос на формата на врската, доминира бракот со 74 %, додека останатите форми се помалку

застапени. Три четвртини од испитаниците имаат деца (75 %), што дополнително ја карактеризира зрелоста на примерокот. На образовен план, половина од учесниците имаат високо образование, а 15 % постдипломско, што укажува на релативно високо образовно ниво. Најчест период на одвоеност е од 3 до 6 месеци (58 %), а 59 % од испитаниците доживеале повеќекратни одделувања, што ја рефлектира повторливата природа на професионалната миграција кај дел од нив.

# III. ДЕЛ АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1. Анализа и интерпретација на резултатите од инструментите

Дескриптивната анализа прикажана на Табела 9 ги опфаќа шесте клучни психосоцијални димензии на партнерската релација: задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов. Резултатите покажуваат дека испитаниците генерално имаат позитивна перцепција за своите партнерски релации, што е јасно видливо преку високите аритметички средини во опсег од 5,2 до 5,9. За сите варијабли, медијаните се еднакви или повисоки од средините, а модалната вредност е најчесто 7 што укажува дека најфреквентниот избор на испитаниците е највисоката оценка на скалата. Овие резултати укажуваат дека доминираат позитивни релациски доживувања поврзани со блискост, доверба и емоционална поврзаност. Стандардните девијации се движат од 1,4 до 1,8, што покажува умерена варијабилност. Најголема дисперзија е забележана кај варијаблата „страст“, што укажува дека доживувањето на оваа компонента е поразновидно меѓу испитаниците во споредба со останатите релациски аспекти. Негативните вредности на skewness кај сите димензии (од –0,63 до –1,39) јасно укажуваат дека распределбите се асиметрични и наклонети кон повисоки вредности. Тоа значи дека мнозинството испитаници даваат високи оценки, додека ниските вредности се значително поретки. Кај довербата и љубовта, асиметријата е најизразена, што укажува на особено силно изразени позитивни перцепции. Показателите за kurtosis покажуваат дека дел од распределбите се речиси нормални (на пр., задоволство), додека други се платикуртични (обврска, страст, интимност), што упатува на пораспостранети вредности околу средината. Наспроти тоа, довербата и љубовта покажуваат лептокуртични карактеристики, што значи дека оценките се повеќе концентрирани околу високите вредности. Дополнително, резултатите од Jarque–Bera тестот кај сите димензии (JB = 48 – 75) укажуваат на статистички значајно отстапување од нормалната распределба. Овој наод е методолошки важен, бидејќи целосно ја оправдува употребата на непараметарски статистички тестови во понатамошната анализа (како што се Крускал–Валис, Хи-квадрат и Спирманова корелација). Сумирано, дескриптивните показатели покажуваат дека испитаниците генерално уживаат во стабилни, позитивни и емоционално исполнувачки партнерски релации, со високи нивоа на доверба, љубов и обврзаност. Истовремено, разновидноста во некои димензии како страста укажува дека различните аспекти на релацијата не се подеднакво интензивни кај сите испитаници.

Ненормалната распределба на податоците ја нагласува потребата од употреба на непараметарски методи за соодветно тестирање на хипотезите и проверка на релациските модели, што понатаму обезбедува валидна и статистички точна анализа.

Табела 9. Дескриптивна статистика

| **Descriptive Statistics** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр на испитаници | Мин | Макс.. | Просек | Медијана | Модус | Ст. Дев. | Вар. | Асимет. | Сплос. | Жарк-Бера |
| Задоволство | 105 | 1 | 7 | 5,4 | 5,7 | 7 | 1,6 | 2,5 | -0,82 | -0,10 | 53,9 |
| Обврска | 105 | 2 | 7 | 5,6 | 6,0 | 7 | 1,4 | 2,1 | -0,69 | -0,77 | 70,7 |
| Интимност | 105 | 2 | 7 | 5,4 | 5,7 | 7 | 1,6 | 2,5 | -0,79 | -0,34 | 59,5 |
| Доверба | 105 | 1 | 7 | 5,7 | 6,3 | 7 | 1,6 | 2,6 | -1,35 | 1,06 | 48,2 |
| Страст | 105 | 1 | 7 | 5,2 | 5,7 | 7 | 1,8 | 3,1 | -0,63 | -0,94 | 74,6 |
| Љубов | 105 | 1 | 7 | 5,9 | 6,3 | 7 | 1,5 | 2,2 | -1,39 | 1,19 | 48,1 |

Табела 10 ја прикажува споредбата помеѓу мажи и жени во шесте релациски димензии: задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов. Наодите укажуваат дека постојат извесни разлики по пол, но тие се мали по интензитет и не укажуваат на суштински различни релациски модели меѓу мажи и жени. Кај сите димензии, и мажите и жените имаат високи средни вредности, што е во склад со општата дескриптивна анализа. Кај димензијата задоволство, мажите имаат нешто повисока средина (M = 5,62) во споредба со жените (M = 5,20). Медијаната исто така е повисока кај мажите (6,0 наспроти 5,33), што укажува дека кај машките испитаници почесто се јавуваат високи оценки за задоволство. И покрај тоа, варијабилноста е слична кај двата пола, што укажува дека индивидуалните разлики во перцепцијата на задоволството се подеднакво распространети. Кај обврската, разликата е посуптилна. Мажите изразуваат нешто повисоко чувство на обврзаност (M = 5,78) отколку жените (M = 5,53), но оваа разлика е релативно мала. Медијаната кај мажите (6,17) повторно е нешто повисока, што укажува на поголема конзистентност на високи оценки кај машката група. Варијансата покажува дека жените имаат малку поголема распрснатост во одговорите, што значи дека нивните оценки варираат повеќе во однос на машките. Димензијата интимност покажува умерени родови разлики. Мажите имаат средина од 5,56, а жените 5,24, што покажува мала предност кај мажите. Разликата во медијаната дополнително ја потврдува оваа тенденција (5,83 кај мажите наспроти 5,67 кај


жените). Овие резултати укажуваат дека кај машките испитаници се јавува мала, но конзистентна тенденција кон повисоко доживување на емоционална блискост. Кај довербата, повторно се забележува полова разлика во корист на мажите (M = 5,80 кај мажи; M = 5,56 кај жени). Медијаната кај мажите е 6,17, што е повисоко од женската медијана од 5,67. Овој резултат може да укажува дека мажите имаат малку поизразено чувство на стабилност и сигурност во релацијата, што е интересна тенденција бидејќи некои истражувања покажуваат дека жените се посензитивни на релациски несигурности. Варијансата е нешто поголема кај жените, што значи дека доживувањето на доверба кај нив е пошироко распоредено низ скалата. Кај димензијата страст, машките испитаници повторно имаат повисока средина (M = 5,41) во споредба со женските (M = 4,97). Ова е една од подоминантните разлики по пол, што е во согласност со емпириски податоци во литературата каде мажите почесто изразуваат повисоко ниво на релациски физички и афективни импулси. Варијансата кај жените е поголема, што покажува дека нивните одговори се поразновидни. Конечно, димензијата љубов покажува највисоки вредности кај двата пола, но повторно мажите имаат нешто повисоки просечни оценки (M = 5,99) од жените (M = 5,74). Медијаната кај мажите е 6,50, што е повисоко од 6,00 кај жените, укажувајќи на изразена конзистентност на високите вредности кај машките испитаници. Варијабилноста е повисока кај жените, што говори дека женските учеснички имаат поширок спектар во доживувањето на љубовта во релацијата. Во целина, анализата покажува дека мажите во овој примерок доследно даваат повисоки оценки во сите шест психосоцијални димензии. Важно е да се истакне дека кај двата пола општата слика покажува високи нивоа на задоволство, доверба, блискост и љубов, што укажува дека општиот квалитет на партнерските релации е позитивен, независно од полот.

Табела 10. Дескриптивна статистика на релациските димензии според полот на испитаниците

| Пол | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | Mean | 5,616 | 5,783 | 5,558 | 5,797 | 5,413 | 5,993 |
| | Std. Deviation | 1,5823 | 1,3485 | 1,5397 | 1,5815 | 1,6543 | 1,3526 |
| | Median | 6,000 | 6,167 | 5,833 | 6,167 | 5,833 | 6,500 |
| | Minimum | 1,0 | 2,7 | 1,7 | 1,0 | 2,0 | 2,0 |
| | Maximum | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Range | 6,0 | 4,3 | 5,3 | 6,0 | 5,0 | 5,0 |
| | Variance | 2,504 | 1,818 | 2,371 | 2,501 | 2,737 | 1,830 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Женски | Mean | 5,203 | 5,525 | 5,243 | 5,559 | 4,972 | 5,740 |
| | Std. Deviation | 1,5890 | 1,5050 | 1,5996 | 1,6288 | 1,8292 | 1,5660 |
| | Median | 5,333 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,000 |
| | Minimum | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Maximum | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Range | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Variance | 2,525 | 2,265 | 2,559 | 2,653 | 3,346 | 2,452 |

Графикон 1. Медијални вредности според пол




Графикон 1 ги прикажува медијалните вредности на шест психосоцијални димензии на партнерската релација (задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов), споредено меѓу мажи и жени. Медијаната е избрана како показател бидејќи е робустна мерка, особено со оглед на ненормалната распределба утврдена во претходните статистички анализи. Резултатите визуелно потврдуваат дека мажите доследно имаат повисоки медијани во сите шест димензии, иако разликите не се големи по интензитет. Најизразена разлика се забележува кај димензијата љубов, каде мажите имаат медијана од 6,5, наспроти 6,0 кај жените. Ова укажува на поизразена конзистентност во високите вредности кај машките испитаници. Кај задоволство, медијаната кај мажите е 6,0, а кај жените 5,3. Ова визуелно го поддржува претходниот наод дека мажите почесто даваат високи вредности за општо релациско задоволство. Слична тенденција се забележува кај обврска (6,17 наспроти 6,0) и кај интимност, каде мажите имаат медијана од 5,83, а жените 5,67, што е помала, но уочлива разлика. Полова разлика е присутна и кај доверба, каде жените имаат нешто повисока медијана (6,33) во споредба со мажите (6,17). Оваа единствена разлика во корист

на жените е мала, но покажува дека жените можеби имаат поголема конзистентност во високите оценки за доверба. Иако средините беа повисоки кај мажите, медијаната тука открива суптилна нијанса, жените даваат помалку екстремно ниски вредности. Кај страст, разликата е минимална (5,83 кај мажи, 5,67 кај жени), што укажува дека оваа компонента е релативно стабилна меѓу половите и дека варијациите меѓу групите се мали. Во целина, графиконот покажува дека: мажите доследно даваат повисоки медијални вредности во речиси сите димензии, разликите се мали до умерени, единствената димензија каде жените имаат повисока медијана е доверба, релациските димензии општо се високи во двете групи, што укажува на добар квалитет на партнерските односи независно од полот.

Табела 11. Интерпретација на Крускал-Валис тестот за разлики по пол

| **Test Statistics**[a,b] | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Задоволство_Burns | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
| Статистика на тест | 1,621 | 2,776 | 1,123 | 1,277 | 1,324 | 1,958 | ,553 |
| Степени на слобода | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| П-вред. | ,203 | ,096 | ,289 | ,258 | ,250 | ,162 | ,457 |

Во Табела 11 се прикажани резултатите од Крускал-Валис тестот со кој се испитува дали постојат статистички значајни разлики по пол кај шесте психосоцијални димензии на партнерската релација (задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов). Со оглед дека податоците не ги исполнуваат предусловите за нормална распределба, употребата на непараметарски тест е методолошки соодветен избор. Резултатите покажуваат дека ниедна од димензиите не достигнува статистичка значајност, што значи дека разликите во распределбите помеѓу мажи и жени не се доволно силни за да се сметаат значајни на традиционалното ниво $p < .05$. Конкретно, за димензијата задоволство (Burns) се добиени вредности $\chi^2(1) = 1,621$, $p = .203$, што укажува дека нема статистички значајна разлика меѓу половите. Слично, втората варијанта на задоволство има $\chi^2(1) = 2,776$, $p = .096$ и иако p-вредноста е најниска меѓу сите тестирани димензии, таа сепак не ја надминува границата на значајност. Димензијата обврска ($\chi^2(1) = 1,123$, $p = .289$) исто така не покажува значајни полови разлики. Кај интимност, добиената статистика $\chi^2(1) = 1,277$, $p = .258$ укажува дека мажите и жените немаат статистички значајно различни рангирани вредности. Исто така, кај доверба $\chi^2(1) = 1,324$, $p = .250$ и кај страст $\chi^2(1) = 1,958$, $p = .162$, каде

последната е најблиску до значајност по задоволството, но сепак недоволно силна. Конечно, димензијата љубов има $\chi^2(1) = 0{,}553$, $p = .457$, што е највисока p-вредност, укажувајќи на најмала разлика меѓу половите. И покрај тоа што дескриптивната анализа покажуваше умерени разлики во медијаните и средните вредности (кај кои мажите даваа нешто повисоки оцени во повеќето димензии), Крускал-Валис тестот демонстрира дека овие разлики не се статистички значајни. Тоа значи дека иако постојат тенденции, тие не се доволно систематски изразени за да се генерализираат како стабилни полови разлики во популацијата. Овие резултати сугерираат дека квалитетот на партнерската релација се доживува слично кај мажи и кај жени, со минимални варијации кои немаат статистичка тежина. Затоа, полот не претставува фактор кој суштински ја менува перцепцијата за задоволство, обврска, интимност, доверба, страст или љубов во релацијата во рамките на оваа испитувана група.

Табела 12. Интерпретација на Хи-квадрат тестот за разлики по пол

| | Задоволство_Burns | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Медијана | 35,00 | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Стат. На тест | ,365 | 2,459 | ,067 | ,365 | ,000 | ,186 | ,186 |
| Степени на слобода | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | ,545 | ,117 | ,796 | ,545 | ,991 | ,666 | ,666 |

Во Табела 12 се прикажани резултатите од Хи-квадрат тестот, непараметарски тест кој ја испитува еднаквоста на медијаните помеѓу две независни групи — во овој случај, мажи и жени. Резултатите покажуваат дека ниедна од испитуваните димензии не покажува статистички значајни полови разлики, што ја потврдува претходната Крускал-Валис анализа и дополнително укажува дека варијациите меѓу половите се мали и статистички незабележливи. Кај димензијата Задоволство – Burns, $\chi^2(1) = 0{,}365$, $p = .545$, што покажува дека медијаните не се значајно различни. Истото важи и за варијантата „Задоволство“, каде $\chi^2(1) = 2{,}459$, $p = .117$, иако оваа p-вредност е нешто пониска (и најблиску до значајност), разликата сепак останува статистички незабележлива. Кај димензијата Обврска, $\chi^2(1) = 0{,}067$, $p = .796$, што укажува на исклучително слични медијани помеѓу мажите и жените. Слично, кај Интимност се добиени $\chi^2(1) = 0{,}365$, $p = .545$, што значи дека и интимноста е подеднакво висока кај двата пола, без значајни разлики. Димензијата Доверба исто така не покажува статистичка значајност, $\chi^2(1) = 0{,}000$, $p = .991$, што укажува дека довербата е

практично идентична по медијана кај двете полови групи. Кај Страст, $\chi^2(1) = 0{,}186$, $p = .666$, а кај Љубов $\chi^2(1) = 0{,}186$, $p = .666$ — и двете со високи p-вредности, кои дополнително ја потврдуваат отсуственоста на значајни разлики. Вклучени се и вредностите од Yates' correction (коригиран Хи-квадрат), кои исто така покажуваат $p > .05$ кај сите димензии ($p = .170$ до $p = .951$), што ја засилува валидноста на заклучокот дека полот не претставува фактор кој значајно ја менува медијаната на ниту една релациска димензија. Сумирано, Median Test ги потврдува резултатите од Крускал-Валис тестот: мажите и жените не се разликуваат статистички значајно во ниту една од психосоцијалните димензии на партнерската релација. Ова значи дека полот не игра клучна улога во перцепцијата на задоволство, обврска, интимност, доверба, страст или љубов кај испитаниците во ова истражување.

Тука, во однос на главната хипотеза која беше формулирана како: ***„Професионалната миграција (одвоен живот ≥ 3 месеци) има значајно влијание врз перципираниот квалитет на партнерската релација“,*** добиените резултати укажуваат дека времетраењето на одвоеноста навистина игра значајна улога во квалитетот на релацијата. Ако се набљудува според времетраењето на одвоеноста, може да се заклучи дека подолг период на разделеност е поврзан со пониски медијани вредности кај повеќе димензии на релацискиот квалитет, што имплицира дека продолжената одвоеност го намалува субјективно перципираниот квалитет на партнерската релација. Овој заклучок се потврдува и директно, преку распределбата по категории на времетраење, каде подолгите интервали се поврзани со пониска емоционална блискост и поголеми релациски тешкотии, но и индиректно, преку анализата на поединечните димензии (задоволство, доверба, интимност, обврска и страст), каде се забележува опаѓачки тренд со зголемување на периодот на одвоеност.

Потхипотезата H1.1 претпоставува дека ***партнерите кои редовно комуницираат за време на одвоеноста имаат повисоко ниво на перципирана емоционална блискост.*** Резултатите од анализата на корелациите, претставени на Табела 13, ја потврдуваат оваа потхипотеза. Спирмановиот коефициент на корелација покажува висока, позитивна и статистички значајна поврзаност меѓу задоволството од комуникацијата и емоционалната блискост ($\rho = .827$, $p < .001$). Овој резултат укажува дека подобрата, поотворена и поредовна комуникација е поврзана со повисоко чувство на интимност, поврзаност и емоционална

стабилност во релацијата. Дополнително, комуникацијата се поврзува позитивно и со други релевантни димензии: со љубов и грижа ($\rho = .871$, $p < .001$), со општото задоволство од врската ($\rho = .833$, $p < .001$), со перцепцијата за улогата на партнерот ($\rho = .828$, $p < .001$), со решавање конфликти ($\rho = .815$, $p < .001$). Овие резултати укажуваат дека комуникацијата функционира како централен релациски механизам, кој не само што ја засилува емоционалната блискост, туку го стабилизира и целокупниот релациски квалитет. Силните и конзистентно значајни корелации го потврдуваат заклучокот дека редовната комуникација за време на периодите на одвоеност претставува клучен заштитен фактор во релативниот контекст на професионалната миграција.

Табела 13. Спирманови корелации меѓу комуникацијата и релациските димензии (N = 105)

| | | | Колку сте задоволни со комуникацијата и отвореноста во вашата врска? | Колку сте задоволни со начинот на решавање конфликти и аргументи? | Колку сте задоволни со степенот на љубов и грижа во врската? | Колку сте задоволни со интимноста и блискоста? | Колку сте задоволни со вашата улога во врската? | Колку сте задоволни со улогата на другата личност во врската? | Колку сте задоволни со вашата врска во целина? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Spearman's rho | Колку сте задоволни со комуникацијата и отвореноста во вашата врска? | Correlation Coefficient | 1,000 | .815** | .871** | .827** | .680** | .828** | .833** |
| | | Sig. (2-tailed) | | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со начинот на решавање конфликти и аргументи? | Correlation Coefficient | .815** | 1,000 | .796** | .732** | .633** | .780** | .767** |
| | | Sig. (2-tailed) | ,000 | | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со степенот | Correlation Coefficient | .871** | .796** | 1,000 | .881** | .675** | .871** | .865** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на љубов и грижа во врската? | Sig. (2-tailed) | ,000 | ,000 | | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со интимноста и блискоста? | Correlation Coefficient | .827** | .732** | .881** | 1,000 | .664** | .831** | .869** |
| | | Sig. (2-tailed) | ,000 | ,000 | ,000 | | ,000 | ,000 | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со вашата улога во врската? | Correlation Coefficient | .680** | .633** | .675** | .664** | 1,000 | .707** | .737** |
| | | Sig. (2-tailed) | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | | ,000 | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со улогата на другата личност во врската? | Correlation Coefficient | .828** | .780** | .871** | .831** | .707** | 1,000 | .872** |
| | | Sig. (2-tailed) | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | | ,000 |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Колку сте задоволни со вашата врска во целина? | Correlation Coefficient | .833** | .767** | .865** | .869** | .737** | .872** | 1,000 |
| | | Sig. (2-tailed) | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | ,000 | |
| | | N | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| **. коефициентите се статистички значајни на ниво на значајност од 0,01. | | | | | | | | | |

Потхипотезата H1.2 ***претпоставува дека постојат значајни разлики во искуството на конфликти во зависност од формата на партнерската релација (брак, неформална врска, врска на далечина и др.).*** За тестирање на хипотезата беше искористена димензијата „решавање конфликти и аргументи“ од скалата Burns, споредена меѓу различните форми на партнерство. Применетиот тест Крускал-Валис покажа дека не постојат статистички значајни разлики меѓу групите, што укажува дека начинот на справување со конфликти не се разликува во суштинска мера меѓу брачни, неформални или релации на далечина. Овие резултати упатуваат дека формата на релацијата сама по себе не

е детерминирачки фактор за тоа како партнерите ги доживуваат или се справуваат со несогласувања. Според тоа, H1.2 не е потврдена.

***Потхипотезата H1.3 претпоставува дека одвоеноста поради професионални обврски може да придонесе за намалување на довербата меѓу партнерите.*** При споредба на димензијата „доверба“ со времетраењето на одвоеноста, утврдени се статистички значајни разлики и докажано е дека довербата опаѓа со зголемување на времетраењето на разделеноста. Дополнително, беше испитана и поврзаноста со променливата број на одделувања, но таму статистичка значајност не беше утврдена. Овие резултати укажуваат дека, во рамките на анализираниот примерок, продолжената одвоеност претставува фактор кој може да ја намали довербата. Со тоа, H1.3 е потврдена и укажува на важна динамика дека довербата може да биде чувствителна на интензитетот и траењето на миграциските циклуси.


Табела 14. Дескриптивна статистика на променливите

| Променлива | Мин | Макс | Просек | Медијана | Мод дус | Ст. Дев. | Варијанса | Асиметричност | Сплоснатост | Жарк-Бера |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задоволство | 1 | 7 | 5,4 | 5,7 | 7 | 1,6 | 2,5 | -0,82 | -0,10 | 53,9 |
| Обврска | 2 | 7 | 5,6 | 6,0 | 7 | 1,4 | 2,1 | -0,69 | -0,77 | 70,7 |
| Интимност | 2 | 7 | 5,4 | 5,7 | 7 | 1,6 | 2,5 | -0,79 | -0,34 | 59,5 |
| Доверба | 1 | 7 | 5,7 | 6,3 | 7 | 1,6 | 2,6 | -1,35 | 1,06 | 48,2 |
| Страст | 1 | 7 | 5,2 | 5,7 | 7 | 1,8 | 3,1 | -0,63 | -0,94 | 74,6 |
| Љубов | 1 | 7 | 5,9 | 6,3 | 7 | 1,5 | 2,2 | -1,39 | 1,19 | 48,1 |


Како што е прикажано во Табела 14, дескриптивната статистика укажува дека сите релациски димензии имаат високи просечни вредности, при што медијаните најчесто се движат околу 5,7 или 6,0, што упатува на позитивна перцепција на партнерскиот квалитет кај испитаниците. Стандардните девијации се релативно ниски (1,4 – 1,8), што покажува умерена варијабилност во одговорите. Забележлива е негативната асиметричност кај повеќето димензии, што значи дека распределбите се навалени кон повисоките оценки. Вредностите на тестот Жарке-Бера укажуваат на отстапување од нормална распределба, што ја оправдува употребата на непараметарски статистички методи во понатамошната анализа.

Следно, графичките прикази на дистрибуцијата ги потврдуваат резултатите од Табела 14. Кај сите шест променливи: задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов  е забележливо дека распределбата е изразено навалена кон повисоките оценки. Најголема концентрација на одговори има во интервалите од 6 до 7, што укажува на генерално позитивна перцепција на релацискиот квалитет кај испитаниците. Истовремено, распределбите се карактеризираат со мал број ниски вредности, што создава негативна асиметричност и дополнително ја потврдува ненормалноста на податоците. Ова визуелно отстапување е во согласност и со високите вредности на тестот Жарке-Бера, оправдувајќи ја употребата на непараметарски методи во понатамошната анализа.

Графички приказ 1. Дистрибуција на променливите



Графикон 2. Медијални вредности на променливите




Како што е прикажано на Графикон 2, медијалните вредности на сите анализирани променливи се релативно високи и се движат помеѓу 5,7 и 6,3. Ова укажува дека испитаниците генерално имаат позитивна перцепција за повеќето аспекти на партнерскиот однос. Највисоки медијални вредности се забележуваат кај довербата и љубовта (6,3), додека најниски, но сè уште високи, кај задоволството, интимноста и страста (5,7). Овие резултати ја потврдуваат тенденцијата видлива и во хистограмите, одговорите најчесто се концентрирани кон повисоките скали, што укажува на доминантно стабилни и функционални релации во примерокот.

Табела 15. Спирманов коефициент на корелација помеѓу променливите

| Променлива | Корелација | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задоволство | Коеф. | 1,000 | 0,869 | 0,921 | 0,867 | 0,802 | 0,789 |
| | п-вред. | | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| Обврска | Коеф. | 0,869 | 1,000 | 0,871 | 0,787 | 0,786 | 0,841 |
| | п-вред. | 0,000 | | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| Интимност | Коеф. | 0,921 | 0,871 | 1,000 | 0,855 | 0,861 | 0,827 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| Доверба | Коеф. | 0,867 | 0,787 | 0,855 | 1,000 | 0,733 | 0,749 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | | 0,000 | 0,000 |
| Страст | Коеф. | 0,802 | 0,786 | 0,861 | 0,733 | 1,000 | 0,783 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | | 0,000 |
| Љубов | Коеф. | 0,789 | 0,841 | 0,827 | 0,749 | 0,783 | 1,000 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | |

Како што е прикажано во Табела 15, сите релациски димензии се меѓусебно значајно и позитивно поврзани ($p < .001$), што укажува на конзистентна поврзаност помеѓу

различните аспекти на партнерскиот квалитет. Највисоки корелации се забележуваат помеѓу интимноста и задоволството (ρ = .921), како и помеѓу обврската и љубовта (ρ = .841), што укажува дека повисокото чувство на блискост и посветеност најчесто е придружено со поголемо задоволство од релацијата. Довербата и љубовта исто така покажуваат силни корелации со останатите променливи, што ја потврдува нивната централна улога во моделот „Burns“. Овие резултати сугерираат дека позитивните релациски димензии функционираат како меѓузависен систем, при што јакнењето на една компонента најчесто е придружено со јакнење на останатите.


Табела 16. Дескриптивна статистика според полот на испитаникот

| Пол | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | Просек | 5,616 | 5,783 | 5,558 | 5,797 | 5,413 | 5,993 |
| | Ст. Дев. | 1,5823 | 1,3485 | 1,5397 | 1,5815 | 1,6543 | 1,3526 |
| | Медијана | 6,000 | 6,167 | 5,833 | 6,167 | 5,833 | 6,500 |
| | Мин | 1,0 | 2,7 | 1,7 | 1,0 | 2,0 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 4,3 | 5,3 | 6,0 | 5,0 | 5,0 |
| | Варијанса | 2,504 | 1,818 | 2,371 | 2,501 | 2,737 | 1,830 |
| Женски | Просек | 5,203 | 5,525 | 5,243 | 5,559 | 4,972 | 5,740 |
| | Ст. Дев. | 1,5890 | 1,5050 | 1,5996 | 1,6288 | 1,8292 | 1,5660 |
| | Медијана | 5,333 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,000 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,525 | 2,265 | 2,559 | 2,653 | 3,346 | 2,452 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Како што е прикажано во Табела 16, дескриптивната статистика според полот укажува на релативно слични вредности кај мажи и жени во сите релациски димензии. Мажите покажуваат малку повисоки просечни вредности кај задоволството, обврската,

довербата и љубовта, додека жените имаат минимално повисоки медијани кај интимноста и страста. Сепак, разликите меѓу половите се ниски и не упатуваат на значајно отстапување во перцепцијата на партнерските аспекти. Стандардните девијации се приближно еднакви во двете групи, што покажува сличен степен на варијабилност во одговорите. Овие дескриптивни резултати се конзистентни со непараметарските тестови кои покажаа дека статистички значајни полови разлики не постојат.

Графикон 3. Медијални вредности според полот




Како што е прикажано на Графикон 3, медијанските вредности според полот се многу слични за сите релациски димензии, со минимални разлики меѓу машките и женските испитаници. Машките учесници покажуваат нешто повисоки медијани кај задоволството, довербата и љубовта, додека кај обврската, интимноста и страста, разликите се занемарливи. Ова визуелно укажува на тоа дека полот не е фактор кој суштински го менува доживувањето на партнерскиот квалитет.

Табела 17. Крускал-Валис тест според полот на испитаникот

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 2,776 | 1,123 | 1,277 | 1,324 | 1,958 | 0,553 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,096 | 0,289 | 0,258 | 0,250 | 0,162 | 0,457 |

Овие визуелни наоди се потврдуваат и преку статистичките анализи. Резултатите од тестот Крускал–Валис (Табела 17) покажуваат дека ниту една од променливите не

достигнува статистичка значајност (p > .05), што значи дека разликите меѓу половите не се значајни на ниво на медијана. Сличен заклучок произлегува и од Хи-квадрат тестот на медијани (Табела 18), каде сите добиени p-вредности се над прагот за значајност, што дополнително потврдува дека полот не влијае врз релациските индикатори.

Табела 18. Хи-квадрат тест според полот на испитаникот

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | 2,459 | 0,067 | 0,365 | 0,000 | 0,186 | 0,186 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,117 | 0,796 | 0,545 | 0,991 | 0,666 | 0,666 |

Следно, како што е прикажано во Табела 19, дескриптивната статистика според возраст покажува дека сите релациски димензии задржуваат релативно високи просечни и медијални вредности низ сите возрасни групи.

Табела 19. Дескриптивна статистика според полот на испитаникот

| Возраст | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 – 24 год. | Просек | 5,556 | 5,556 | 6,000 | 6,111 | 6,111 | 6,333 |
| | Ст. Дев. | 1,5031 | 1,7105 | 1,0000 | 1,2620 | ,5092 | ,3333 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 6,000 | 6,667 | 6,000 | 6,333 |
| | Мин | 4,0 | 3,7 | 5,0 | 4,7 | 5,7 | 6,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 6,7 | 6,7 |
| | Опсег | 3,0 | 3,3 | 2,0 | 2,3 | 1,0 | ,7 |
| | Варијанса | 2,259 | 2,926 | 1,000 | 1,593 | ,259 | ,111 |
| 25 – 34 год. | Просек | 5,397 | 5,397 | 5,444 | 5,619 | 5,222 | 5,778 |
| | Ст. Дев. | 1,0884 | 1,2500 | 1,3347 | 1,5394 | 1,3635 | 1,3010 |
| | Медијана | 5,333 | 5,333 | 5,667 | 6,000 | 5,333 | 6,000 |
| | Мин | 3,0 | 2,7 | 1,7 | 1,7 | 2,3 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 4,0 | 4,3 | 5,3 | 5,3 | 4,7 | 5,0 |
| | Варијанса | 1,185 | 1,562 | 1,781 | 2,370 | 1,859 | 1,693 |
| 35 – 44 год. | Просек | 5,180 | 5,613 | 5,252 | 5,432 | 5,216 | 5,829 |
| | Ст. Дев. | 1,7420 | 1,4370 | 1,6507 | 1,7793 | 1,7920 | 1,5901 |
| | Медијана | 5,333 | 6,333 | 5,667 | 6,000 | 6,000 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,7 | 2,0 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |


| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 4,3 | 5,0 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 3,035 | 2,065 | 2,725 | 3,166 | 3,211 | 2,529 |
| 45 – 54 год. | Просек | 5,650 | 5,863 | 5,590 | 5,906 | 5,333 | 6,000 |
| | Ст. Дев. | 1,6275 | 1,5116 | 1,6122 | 1,4182 | 1,8401 | 1,4307 |
| | Медијана | 6,667 | 6,667 | 6,333 | 6,667 | 6,000 | 7,000 |
| | Мин | 1,7 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 1,7 | 2,3 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 5,3 | 5,0 | 5,0 | 5,0 | 5,3 | 4,7 |
| | Варијанса | 2,649 | 2,285 | 2,599 | 2,011 | 3,386 | 2,047 |
| 55 – 64 год. | Просек | 4,667 | 5,133 | 4,067 | 5,400 | 2,667 | 4,867 |
| | Ст. Дев. | 2,1473 | 1,7416 | 1,6566 | 2,3262 | 1,1304 | 2,0494 |
| | Медијана | 4,333 | 4,333 | 4,333 | 6,333 | 3,000 | 4,667 |
| | Мин | 2,0 | 3,3 | 1,7 | 1,3 | 1,3 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 6,0 | 7,0 | 4,0 | 7,0 |
| | Опсег | 5,0 | 3,7 | 4,3 | 5,7 | 2,7 | 5,0 |
| | Варијанса | 4,611 | 3,033 | 2,744 | 5,411 | 1,278 | 4,200 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Иако се забележуваат мали варијации, трендот е генерално стабилен: средните и повозрасните групи (35 – 44 и 45 – 54 години) покажуваат највисоки медијани кај задоволството, довербата и љубовта, што укажува на поголема релациска стабилност во овие периоди од животот. Најмладата група (18 – 24 години) има нешто повисоки вредности кај интимноста и страста, што е во согласност со очекуваните развојни разлики. Стандардните девијации се умерени и слични меѓу групите, што укажува на компактност на податоците. Севкупно, распределбите не покажуваат драстични возрасни разлики, што укажува дека возраста не претставува пресуден фактор во доживувањето на партнерскиот квалитет.

Следно, како што е прикажано на Графикон 4, медијалните вредности на сите релациски димензии покажуваат умерени варијации меѓу возрасните групи, но без изразени разлики што би укажале на поинаков модел на партнерско функционирање. Највисоки

медијани кај довербата и љубовта се забележуваат кај групата 55 – 64 години, додека најниски вредности во неколку домени се јавуваат кај најмладата група (18 – 24 години). Сепак, овие разлики се повеќе описни отколку статистички значајни.

Графикон 4. Медијални вредности според возраст




Ова се потврдува и со резултатите од тестот Крускал–Валис (Табела 20), кој не покажа статистички значајни разлики меѓу возрасните групи кај ниту една од анализираните димензии ($p > .05$). Најниска p-вредност е забележана кај променливата Страст, но таа и понатаму останува над прагот за значајност ($p = .061$), што укажува на тренд, но не и статистички валидна разлика.

Табела 20. Крускал-Валис тест според возраста на испитаникот

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 2,806 | 3,642 | 5,062 | 2,267 | 9,022 | 3,664 |
| с.с. | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| п-вред. | 0,591 | 0,457 | 0,281 | 0,687 | 0,061 | 0,453 |

Табела 21. Хи-квадрат тест според возраста на испитаникот


| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хи-квадрат | 4.711 | 5.593 | 5.462 | 2.630 | 6.558 | 4.138 |
| с.с. | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| п-вред. | 0,318 | 0,232 | 0,243 | 0,622 | 0,161 | 0,388 |

Дополнително, хи-квадрат тестот за медијани (Табела 21) ја потврдува истата состојба – ниту една од релациските димензии не покажува значајно различни медијални вредности меѓу возрасните категории ($p > .05$). Севкупно, резултатите укажуваат дека возраста не претставува значаен фактор во перцепцијата на задоволство, обврска, интимност, доверба, страст или љубов во партнерските релации кај испитаниците во ова истражување.

Следно, резултатите прикажани во Табела 22 и Графикон 5 укажуваат дека испитаниците кои остануваат дома додека партнерот се врати имаат нешто пониски медијални вредности во повеќето релациски димензии во споредба со испитаниците кои заминуваат на работа во странство. Иако разликите се видливи на описно ниво, тие се релативно мали и не создаваат јасно изразен профил на различно релациско функционирање меѓу двете групи.

Графикон 5. Медијални вредности според начин на одвоеност




Табела 22. Дескриптивна статистика според начинот на одвоеност

| Начин на одвоеност | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вие останавте дома да го чекате | Просек | 5,284 | 5,610 | 5,241 | 5,546 | 5,071 | 5,745 |
| | Ст. Дев. | 1,5541 | 1,5343 | 1,6648 | 1,6803 | 1,8362 | 1,5638 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| партнерот да се врати | Медијана | 5,333 | 6,333 | 5,667 | 6,333 | 6,000 | 6,000 |
| | Мин | 1,7 | 2,0 | 1,7 | 1,3 | 1,3 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 5,3 | 5,0 | 5,3 | 5,7 | 5,7 | 5,0 |
| | Варијанса | 2,415 | 2,354 | 2,772 | 2,823 | 3,372 | 2,445 |
| Вие заминавте на работа во странство | Просек | 5,466 | 5,661 | 5,494 | 5,759 | 5,241 | 5,937 |
| | Ст. Дев. | 1,6305 | 1,3672 | 1,5015 | 1,5494 | 1,7086 | 1,4066 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,7 | 2,0 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 4,3 | 5,0 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,659 | 1,869 | 2,254 | 2,401 | 2,919 | 1,978 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Ова се потврдува и со резултатите од тестот Крускал–Валис (Табела 23), каде ниту една од анализираните димензии не покажува статистички значајни разлики според начинот на одвоеност ($p > .05$). Најниска p-вредност се јавува кај променливата Обврска ($p = .400$), но таа е далеку над прагот за значајност и не дозволува заклучок за реална разлика меѓу групите.

Табела 23. Крускал-Валис тест според начинот на одвоеност

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 0,707 | 0,016 | 0,503 | 0,721 | 0,271 | 0,252 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,400 | 0,900 | 0,478 | 0,396 | 0,603 | 0,615 |

Добиените вредности од тестот хи-квадрат за медијани (Табела 24) дополнително ја потврдуваат оваа состојба – сите p-вредности се над 0,05, што укажува дека медијалните вредности на задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов не се разликуваат статистички значајно меѓу испитаниците кои заминуваат во странство и оние кои

остануваат дома. Севкупно гледано, начинот на одвоеност не претставува фактор кој статистички значајно го обликува квалитетот на партнерската релација, иако постојат мали, описни варијации кои би можеле да се поврзат со индивидуални разлики, семејна динамика или специфични релациски модели кај паровите.

Табела 24. Хи-квадрат тест според начинот на одвоеност

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | .343 | .727 | .135 | .041 | .405 | .022 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,558 | 0,394 | 0,713 | 0,839 | 0,525 | 0,881 |


Табела 25 ја прикажува дескриптивната статистика за сите димензии од Burns-скалата според времетраењето на партнерската релација. Податоците укажуваат дека, независно од должината на релацијата, сите групи покажуваат високи медијални вредности (5,3 – 6,7), што сугерира стабилно позитивно доживување на партнерскиот однос. Највисоки медијани во повеќето категории се забележуваат кај испитаниците кои се во релација подолго од 10 години, што индиректно може да укажува на консолидирана емоционална стабилност и поголема зрелост во релациското функционирање. Од друга страна, групите со покусо времетраење (помалку од 1 година и 1 – 3 години) исто така имаат високи оценки, но со нешто поголеми варијации, особено во димензиите страст и доверба. Ова укажува дека почетните фази од релацијата можат да бидат пофлуктуирачки и посензитивни на индивидуалните разлики. Варијансите се релативно мали во целата табела, што значи дека одговорите во рамки на групите се конзистентни и дека испитаниците генерално покажуваат слични нивоа на задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов.

Табела 25. Дескриптивна статистика според времетраење на партнерската релација

| Времетраење на партнерската релација | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| помалку од 1 година | Просек | 5,607 | 5,798 | 5,524 | 5,726 | 5,310 | 6,071 |
| | Ст. Дев. | 1,3909 | 1,5054 | 1,5056 | 1,5451 | 1,5946 | 1,3189 |
| | Медијана | 5,833 | 6,667 | 5,833 | 6,333 | 5,667 | 6,833 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мин | 3,0 | 2,7 | 1,7 | 1,7 | 1,7 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 4,0 | 4,3 | 5,3 | 5,3 | 5,3 | 5,0 |
| | Варијанса | 1,935 | 2,266 | 2,267 | 2,387 | 2,543 | 1,740 |
| 1 – 3 години | Просек | 5,714 | 6,024 | 5,905 | 5,738 | 5,762 | 6,405 |
| | Ст. Дев. | 1,6270 | 1,0497 | 1,3614 | 1,6650 | 1,5713 | 0,7864 |
| | Медијана | 6,000 | 6,167 | 5,833 | 6,333 | 6,333 | 7,000 |
| | Мин | 1,0 | 4,0 | 2,0 | 1,0 | 2,0 | 5,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 3,0 | 5,0 | 6,0 | 5,0 | 2,0 |
| | Варијанса | 2,647 | 1,102 | 1,853 | 2,772 | 2,469 | 0,618 |
| 4 – 6 години | Просек | 5,389 | 5,722 | 5,722 | 5,722 | 5,667 | 5,722 |
| | Ст. Дев. | 1,4820 | 1,2722 | 1,2368 | 1,5694 | 1,4298 | 1,2896 |
| | Медијана | 5,333 | 5,833 | 5,667 | 6,500 | 6,000 | 5,833 |
| | Мин | 3,7 | 3,7 | 4,0 | 3,0 | 3,0 | 3,3 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 3,3 | 3,3 | 3,0 | 4,0 | 4,0 | 3,7 |
| | Варијанса | 2,196 | 1,619 | 1,530 | 2,463 | 2,044 | 1,663 |
| 7 – 10 години | Просек | 6,111 | 6,311 | 6,000 | 6,378 | 6,044 | 6,533 |
| | Ст. Дев. | 0,8514 | 0,9716 | 0,8545 | 0,7112 | 1,2076 | 0,8242 |
| | Медијана | 6,000 | 6,667 | 6,000 | 6,667 | 6,333 | 7,000 |
| | Мин | 4,3 | 4,0 | 4,0 | 5,0 | 3,0 | 4,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 2,7 | 3,0 | 3,0 | 2,0 | 4,0 | 3,0 |
| | Варијанса | 0,725 | 0,944 | 0,730 | 0,506 | 1,458 | 0,679 |
| подолго од 10 години | Просек | 4,865 | 5,151 | 4,841 | 5,333 | 4,484 | 5,294 |
| | Ст. Дев. | 1,8049 | 1,5499 | 1,7901 | 1,8183 | 1,9299 | 1,7641 |
| | Медијана | 5,000 | 5,333 | 5,000 | 5,833 | 4,333 | 6,000 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 3,258 | 2,402 | 3,205 | 3,306 | 3,725 | 3,112 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Графикон 6. Медијални вредности според времетраење на партнерска релација




Резултатите прикажани на Графикон 6 покажуваат дека во сите групи медијанските вредности се релативно високи, што укажува дека паровите генерално ја оценуваат својата релација позитивно, без драматични варијации поврзани со должината на врската.

Табела 26. Крускал-Валис тест според времетраење на партнерската релација

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 6,817 | 8,681 | 7,426 | 3,237 | 10,522 | 10,122 |
| с.с. | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| п-вред. | 0,146 | 0,070 | 0,115 | 0,519 | 0,032 | 0,038 |

Резултатите од Крускал–Валис тестот, елаборирани во Табела 26 покажуваат дека разликите меѓу групите не се статистички значајни за повеќето димензии ($p > 0,05$), со исклучок кај неколку променливи каде вредноста се доближува до прагот на значајност. Најниски p-вредности се забележани за: Страст ($p = 0,032$) и Љубов ($p = 0,038$), иако овие вредности се под традиционалниот праг од 0,05, потребна е внимателна интерпретација поради повеќекратното тестирање и релативно мали размери на подгрупите. Сепак, ваквите резултати упатуваат дека кај некои димензии е можно да постојат суптилни разлики кај партнерите со подолг или пократок стаж во релацијата.

Табела 27. Хи-квадрат тест според времетраење на партнерската релација

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | 5,603 | 6,968 | 4,649 | 3,281 | 5,966 | 7,636 |
| с.с. | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| п-вред. | 0,231 | 0,138 | 0,325 | 0,512 | 0,202 | 0,106 |

Резултатите од дополнителниот хи-квадрат тест повторно покажуваат дека нема статистички значајни разлики во медијанските вредности меѓу групите ($p > 0,05$). Ова е во согласност со претходните наоди и дополнително ја потврдува стабилноста на перцепциите кај партнерите, без оглед на должината на релацијата.

Табела 28 ја прикажува дистрибуцијата на сите димензии од Burns-скалата според тоа дали испитаниците имаат или немаат деца. Во двете групи се забележуваат високи просечни и медијални вредности (5,3 – 6,6), што укажува дека родителскиот статус не создава значителни разлики во перцепцијата на квалитетот на партнерската релација. Групата испитаници кои имаат деца покажува минимално повисоки медијани речиси во сите димензии, што може да се поврзе со поголема емоционална инвестиција и стабилност типична за семејните партнерства. Сепак, разликите се мали и варијансите се слично ниски, што упатува на конзистентни одговори во рамките на двете групи. Општо гледано, резултатите покажуваат дека присуството или отсуството на деца не е фактор кој значајно ја нарушува или подобрува перцепцијата за врската според овие шест димензии.


Табела 28. Дескриптивна статистика според родителски статус

| Родителски статус | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| немам деца | Просек | 5,308 | 5,705 | 5,577 | 5,538 | 5,551 | 6,192 |
| | Ст. Дев. | 1,5518 | 1,2938 | 1,4623 | 1,5750 | 1,5775 | 1,0206 |
| | Медијана | 5,500 | 5,833 | 5,667 | 6,000 | 6,000 | 6,500 |
| | Мин | 1,0 | 3,0 | 2,0 | 1,0 | 2,0 | 3,3 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 4,0 | 5,0 | 6,0 | 5,0 | 3,7 |
| | Варијанса | 2,408 | 1,674 | 2,138 | 2,481 | 2,488 | 1,042 |
| имам деца | Просек | 5,409 | 5,616 | 5,316 | 5,705 | 5,038 | 5,738 |
| | Ст. Дев. | 1,6136 | 1,4889 | 1,6127 | 1,6225 | 1,8077 | 1,5858 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,604 | 2,217 | 2,601 | 2,632 | 3,268 | 2,515 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Графикон 7 визуелно ја потврдува тенденцијата забележана во дескриптивните податоци. Медијаните на двете групи („немам деца“ и „имам деца“) се речиси идентични и сите се движат околу вредности 5,5 – 6,3. Испитаниците кои имаат деца покажуваат нешто повисоки медијани во: доверба (6,3), љубов (6,3), страст (5,7). Ова може да укажува дека родителството кај дел од партнерите ја засилува поврзаноста и перцепираната стабилност, но разликите не се доволни за да укажат на структурни промени или специфични моделски одлики. Графичкиот приказ ја нагласува стабилноста и позитивната процена на релациите независно од родителскиот статус.

Графикон 7. Медијални вредности според родителски статус




Табела 29 ги претставува резултатите од Крускал–Валис тестот за споредба меѓу двете групи (испитаници со и без деца). За сите димензии p-вредностите се значително повисоки од 0,05 (p = 0,279 до p = 0,858), што укажува дека нема статистички значајни

разлики во ниту една од димензиите на Burns-скалата поврзани со родителскиот статус. Ова значи дека родителството не претставува дискриминативен фактор во однос на: задоволство во релацијата, обврска, интимност, доверба, страст, љубов. резултатите се во согласност со дескриптивната статистика: и двете групи ја оценуваат врската позитивно и релативно слично.

Табела 29. Крускал-Валис тест според родителски статус

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 0,212 | 0,032 | 0,496 | 0,598 | 1,174 | 0,574 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,646 | 0,858 | 0,481 | 0,439 | 0,279 | 0,449 |

Табела 30 дополнително го потврдува заклучокот од Крускал–Валис тестот. Хи-квадрат тестот покажува дека сите p-вредности се над 0,05, што повторно сугерира дека нема статистички значајни разлики во медијаните меѓу двете групи. Иако во димензиите страст и доверба има тенденција родителите да даваат нешто повисоки оценки, варијациите не се статистички значајни. Со други зборови, преминот од партнерска релација без деца кон семејна релација со деца не доведува до значајни промени во доживувањето на квалитетот на релацијата, барем според испитаниците во ова истражување.

Табела 30. Хи-квадрат тест според родителски статус

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | 0,732 | 0,081 | 0,004 | 0,162 | 0,537 | 0,079 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,392 | 0,776 | 0,952 | 0,688 | 0,464 | 0,779 |

Во Табела 31 е прикажана деталната дескриптивна статистика според времетраењето на одвоеноста, со цел да се утврди дали должината на физичкото разделување меѓу

партнерите го обликува нивниот перципиран квалитет на релацијата. Податоците покажуваат јасен и конзистентен тренд: групата со најкратка одвоеност (3 – 6 месеци) има највисоки медијални вредности во сите димензии, што укажува дека пократкото разделување генерално се доживува како полесно подносливо и со помала негативна емоционална тежина. Кај групата со одвоеност 7 – 12 месеци се забележува умерено опаѓање на перцепцијата, особено во интимност, доверба и страст. Уште поизразен пад е видлив во групата 1 – 2 години, каде медијаните се намалуваат токму во димензиите најчувствителни на физичка дистанца – емоционална блискост, страст и љубов. Групата со најдолга одвоеност (над 2 години) покажува најниски вредности, со засилен пад кај интимност и страст, но и генерално пониски нивоа на задоволство и доверба. Овие резултати укажуваат дека времето на одвоеност е поврзано со постепена ерозија на емоционалната, интимната и партнерската поврзаност.


Табела 31. Дескриптивна статистика според времетраење на одвоеност

| Времетраење на одвоеност | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 – 6 месеци | Просек | 5,732 | 5,891 | 5,743 | 6,066 | 5,634 | 6,169 |
| | Ст. Дев. | 1,5309 | 1,4243 | 1,5023 | 1,3968 | 1,7113 | 1,3698 |
| | Медијана | 6,333 | 6,667 | 6,333 | 6,667 | 6,333 | 7,000 |
| | Мин | 1,0 | 2,7 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 4,3 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,344 | 2,029 | 2,257 | 1,951 | 2,929 | 1,876 |
| 7 – 12 месеци | Просек | 5,143 | 5,524 | 5,095 | 5,222 | 4,540 | 5,714 |
| | Ст. Дев. | 1,5761 | 1,4007 | 1,5675 | 1,6510 | 1,4962 | 1,3345 |
| | Медијана | 5,333 | 5,333 | 5,333 | 5,667 | 4,333 | 6,000 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 2,0 | 1,0 | 2,0 | 3,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,0 | 6,0 | 5,0 | 4,0 |
| | Варијанса | 2,484 | 1,962 | 2,457 | 2,726 | 2,239 | 1,781 |
| 1 – 2 години | Просек | 4,939 | 5,121 | 4,909 | 5,303 | 4,515 | 5,242 |
| | Ст. Дев. | 1,2545 | 1,3273 | 1,2918 | 1,6156 | 1,6287 | 1,4613 |
| | Медијана | 5,333 | 5,333 | 5,333 | 5,667 | 4,667 | 5,667 |
| | Мин | 2,3 | 3,0 | 2,0 | 1,3 | 2,0 | 2,0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 4,7 | 4,0 | 5,0 | 5,7 | 5,0 | 5,0 |
| | Варијанса | 1,574 | 1,762 | 1,669 | 2,610 | 2,653 | 2,135 |
| над 2 години | Просек | 4,444 | 5,028 | 4,472 | 4,722 | 4,472 | 5,028 |
| | Ст. Дев. | 1,8109 | 1,5006 | 1,7665 | 2,0042 | 1,9820 | 1,8557 |
| | Медијана | 4,833 | 5,167 | 4,833 | 5,500 | 4,333 | 5,500 |
| | Мин | 1,7 | 2,7 | 1,7 | 1,3 | 1,3 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 5,3 | 4,3 | 5,3 | 5,7 | 5,7 | 5,0 |
| | Варијанса | 3,279 | 2,252 | 3,120 | 4,017 | 3,928 | 3,444 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Графикон 8 визуелно ја потврдува истата динамика. Медијаните за сите димензии јасно покажуваат дека групата со најкратка одвоеност ги има највисоките вредности, додека со зголемување на времетраењето се забележува постепен и конзистентен пад. Вредностите кај групата над 2 години го достигнуваат најниското ниво, што укажува дека долгото разделување може да создаде значајни психо-емоционални последици. Графичкиот приказ ја зацврстува општата слика дека одвоеноста од партнерот повеќе месеци, особено над една година, значително го нарушува квалитетот на релацијата во повеќе домени.

Графикон 8. Медијални вредности според времетраењето на одвоеност




Табела 32 ги прикажува резултатите од тестот Крускал–Валис кој утврдува дали постојат статистички значајни разлики меѓу групите со различно времетраење на

одвоеноста. Тестот покажува дека кај повеќето димензии постојат значајни разлики меѓу групите ($p < 0,05$), со исклучок на обврска, каде разликите не се статистички потврдени. Значајноста кај димензиите како интимност, доверба, страст и љубов укажува дека токму емоционалните и интимните компоненти најсилно страдаат под влијание на подолго физичко разделување. Резултатите од овој тест директно ја поддржуваат хипотезата дека одвоеноста го нарушува квалитетот на релацијата.

Табела 32. Крускал-Валис тест според времетраење на одвоеност

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 9,858 | 7,214 | 10,240 | 12,539 | 12,565 | 11,139 |
| с.с. | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| п-вред. | 0,020 | 0,065 | 0,017 | 0,006 | 0,006 | 0,011 |

Во Табела 33 се прикажани резултатите од тестот хи-квадрат за разлики во медијаните меѓу групите. Речиси сите димензии покажуваат статистички значајни разлики ($p < 0,05$), што дополнително потврдува дека времетраењето на одвоеноста е релевантен фактор во измената на квалитетот на партнерската релација. Најсилни ефекти се забележуваат кај страст и љубов, што укажува дека овие аспекти се најранливи кога физичката дистанца трае подолго време. Комбинирано со резултатите од тестот Крускал–Валис, може сигурно да се заклучи дека подолгата одвоеност систематски ја намалува емоционалната поврзаност, интимноста и општото задоволство во партнерските релации.

Табела 33. Хи-квадрат тест според времетраење на одвоеност

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | 14.225 | 9.408 | 7.875 | 13.409 | 16.086 | 11.203 |
| с.с. | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| п-вред. | 0,003 | 0,024 | 0,049 | 0,004 | 0,001 | 0,011 |

Во Табела 34 се прикажани дескриптивните статистики според бројот на одделувања, со цел да се утврди дали еднократната или повеќекратната одвоеност создава различен психосоцијален ефект врз партнерската релација. Резултатите укажуваат дека


двете групи имаат релативно слични нивоа на задоволство, обврска, интимност, доверба, страст и љубов, со минимални разлики во медијаните. Повеќекратно одделуваните партнери имаат нешто повисоки медијални вредности во дел од димензиите (особено доверба и љубов), што може да укажува на поголема адаптација и навикнување на моделот на одвоеност. Сепак, варијансите се поголеми токму во групата со повеќекратна одвоеност, што покажува дека во оваа група постојат поголеми индивидуални разлики во начинот на доживување на релацијата.

Табела 34. Дескриптивна статистика според број на одделувања

| Број на одделувања | | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| еднократно | Просек | 5,341 | 5,465 | 5,295 | 5,558 | 5,070 | 5,721 |
| | Ст. Дев. | 1,2817 | 1,3804 | 1,4387 | 1,4706 | 1,6865 | 1,3723 |
| | Медијана | 5,3 | 5,7 | 5,3 | 5,7 | 5,7 | 6,0 |
| | Мин | 2,3 | 2,7 | 1,7 | 1,3 | 1,7 | 2,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 4,7 | 4,3 | 5,3 | 5,7 | 5,3 | 5,0 |
| | Варијанса | 1,643 | 1,906 | 2,070 | 2,163 | 2,844 | 1,883 |
| повеќекратно | Просек | 5,414 | 5,758 | 5,441 | 5,737 | 5,231 | 5,941 |
| | Ст. Дев. | 1,7851 | 1,4750 | 1,6702 | 1,6998 | 1,8203 | 1,5465 |
| | Медијана | 6,0 | 6,3 | 6,0 | 6,5 | 6,0 | 7,0 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 3,186 | 2,175 | 2,790 | 2,889 | 3,314 | 2,392 |
| Вкупно | Просек | 5,384 | 5,638 | 5,381 | 5,663 | 5,165 | 5,851 |
| | Ст. Дев. | 1,5918 | 1,4375 | 1,5740 | 1,6049 | 1,7603 | 1,4748 |
| | Медијана | 5,7 | 6,0 | 5,7 | 6,3 | 5,7 | 6,3 |
| | Мин | 1,0 | 2,0 | 1,7 | 1,0 | 1,3 | 1,0 |
| | Макс | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 | 7,0 |
| | Опсег | 6,0 | 5,0 | 5,3 | 6,0 | 5,7 | 6,0 |
| | Варијанса | 2,534 | 2,066 | 2,477 | 2,576 | 3,099 | 2,175 |

Графиконот 9 ја визуелизира оваа динамика и потврдува дека разликите меѓу групите се мали и статистички ограничени. Иако може да се забележи малку повисока медијална вредност кај партнери кои повеќе пати биле разделени, особено во љубов и доверба, овие разлики се премногу мали за да бидат интерпретирани како систематски. Графичкиот приказ дополнително ја зацврстува општата констатација дека бројот на одделувања сам по себе не претставува пресуден фактор за перципираниот квалитет на релацијата.

Графикон 9. Медијални вредности според бројот на одделувања




Табела 35. Крускал-Валис тест според број на одделувања

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 1,005 | 1,725 | 0,887 | 1,897 | 0,473 | 2,535 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,316 | 0,189 | 0,346 | 0,168 | 0,492 | 0,111 |

Резултатите прикажани во Табела 35 (Крускал–Валис тест) покажуваат дека разликите меѓу групите не се статистички значајни за ниту една димензија ($p > 0,05$). Ова укажува дека еднократната и повеќекратната одвоеност не создаваат суштински различни модели во перцепциите на испитаниците. Дури и таму каде што медијаните визуелно се разликуваат, статистичкиот тест покажува дека тие разлики не се доволно изразени за да се сметаат значајни. Со тоа се потврдува дека самиот број на одделувања нема стабилен и предвидлив ефект врз емоционалната поврзаност, интимноста или општото задоволство во партнерската релација.

Табела 36. Хи-квадрат тест според број на одделувања

| | Задоволство | Обврска | Интимност | Доверба | Страст | Љубов |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 5,667 | 6,000 | 5,667 | 6,333 | 5,667 | 6,333 |
| Хи-квадрат | 2,123 | 1,313 | 1,488 | 1,121 | 0,968 | 3,164 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,145 | 0,252 | 0,222 | 0,290 | 0,325 | 0,075 |

Во Табела 36, тестот хи-квадрат за разлики во медијаните исто така покажува отсуство на статистичка значајност за сите анализирани димензии ($p > 0.05$). Ова дополнително ја зајакнува заклучната позиција дека факторот „број на одделувања“ не претставува критичен елемент во објаснувањето на разликите во квалитетот на партнерските релации. Во практична смисла, ова може да се толкува така што партнерите кои веќе имаат искуство со одвоен живот можеби развиваат механизми на адаптација кои им помагаат полесно да се справуваат со следните разделувања.

Табела 37. Дескриптивна статистика на променливите според – Burns


| | Колку сте задоволни со комуникацијата и отвореноста во вашата врска? | Колку сте задоволни со начинот на решавање конфликти и аргументи? | Колку сте задоволни со степенот на љубов и грижа во врската? | Колку сте задоволни со интимноста и блискоста? | Колку сте задоволни со вашата улога во врската? | Колку сте задоволни со улогата на другата личност во врската? | Колку сте задоволни со вашата врска во целина? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просек | 4,67 | 4,45 | 4,66 | 4,48 | 4,77 | 4,51 | 4,74 |
| Медијана | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Модус | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Ст. Дев | 1,426 | 1,467 | 1,440 | 1,618 | 1,303 | 1,551 | 1,366 |
| Асиметричност | -0,893 | -0,686 | -0,952 | -0,658 | -1,027 | -0,878 | -0,906 |
| Сплоснатост | -0,145 | -0,568 | -0,045 | -0,957 | 0,301 | -0,285 | -0,065 |
| Опсег | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Мин | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Микс | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |


Резултатите прикажани во Табела 37 укажуваат дека сите измерени димензии од скалата Burns се оценети релативно високо од страна на испитаниците. Просечните вредности за комуникација, решавање конфликти, љубов и грижа, интимност, улоги во врската и општо задоволство со врската се движат меѓу 4,45 и 4,77, што укажува на генерално позитивна перцепција за квалитетот на релацијата. Медијаните за сите димензии се 5, што дополнително потврдува дека централната тенденција е стабилна и ориентирана кон повисоки вредности. Модусот кај сите варијабли е 6, што укажува на тоа дека најчесто одбраниот одговор е блиску до горниот дел од скалата – уште една индикација за поволна проценка на релациските аспекти. Стандардните девијации се умерено ниски (1,30 – 1,62), што укажува на релативно хомогени одговори и стабилни перцепции меѓу испитаниците. Низ сите променливи се забележува негативна асиметричност, што значи дека дистрибуциите се благо навалени кон повисоките вредности – очекуван исход во истражувања за партнерски односи кај задоволни или функционални релации. Куртозисот се движи блиску до нулата или кон умерено негативни вредности, што сугерира рамномерно распрснати одговори без изразени концентрирани екстреми. Опсегот кај сите димензии е идентичен (1 – 6), што укажува дека испитаниците ги користеле сите понудени вредности на скалата, но со доминација на средно високи до високи оценки. Овие резултати покажуваат дека испитаниците генерално гледаат на својата врска како стабилна, функционална и емоционално задоволувачка, без големи варијации во однос на основните компоненти од скалата Burns.


Графичкиот приказ бр. 2 прикажува дека сите променливи од скалата Burns имаат сличен и конзистентен образец во нивната дистрибуција. Во секоја од димензиите: комуникација и отвореност, решавање конфликти, љубов и грижа, интимност и блискост, улогата на испитаникот во врската, улогата на партнерот и општото задоволство од врската – доминираат високите вредности на скалата, најчесто во интервалот од 5 до 6. Ова се гледа преку јасно изразени високи фреквенции токму во овие категории, со постепено опаѓање на фреквенциите кон пониските оценки. Дистрибуцијата кај сите варијабли е видливо асиметрична и навалена кон десно, што значи дека поголемиот дел од испитаниците даваат високи позитивни оценки за квалитетот на својата релација. Во сите графици, фреквенциите за оценките 1, 2 и 3 се релативно ниски, што укажува на тоа дека негативните и умерените оценки се ретки и претставуваат исклучок, а не правило. Пиковите кај вредностите 5 и 6


потврдуваат дека перцепцијата за функционалноста на релацијата е генерално висока кај најголемиот дел од примерокот. Графичките распоредби се усогласени и со претходно прикажаните статистички показатели (медијани од 5 и модус од 6 кај сите променливи), што дополнително ја зацврстува конзистентноста на позитивната слика за релациската динамика. Од аспект на визуелната анализа, не се забележуваат екстремни вредности или невообичаени обрасци, што укажува на стабилни и хомогени одговори во рамките на целата скала. Ваквиот распоред ја потврдува генералната тенденција испитаниците да ги доживуваат своите врски како задоволувачки, поддржувачки и емоционално стабилни.


Графички приказ 2. Распоред на дистрибуција на променливите според Burns








Резултатите од Табела 38 покажуваат високи и статистички значајни позитивни корелации меѓу сите димензии на скалата Burns ($p < 0,001$), што укажува на силна меѓусебна поврзаност на аспектите кои го сочинуваат квалитетот на партнерските релации. Оценките за комуникација и отвореност се во силна врска со начинот на решавање конфликти, љубовта и грижата, како и со интимноста и блискоста, што укажува дека партнери со подобра комуникација генерално покажуваат подобри резултати во сите останати релациски сегменти. Истовремено, димензијата „љубов и грижа“ е една од најстабилните, со највисока корелација со интимноста и блискоста, но и со улогата на партнерот во врската, што сугерира дека емотивната поддршка и грижата се значајни предиктори за чувството на блискост, доверба и заемна улога во односот. И двете улоги, улогата на испитаникот и улогата на партнерот – покажуваат умерено до силно позитивно поврзување со сите други варијабли, при што најсилно се поврзани со љубовта, грижата и интимноста, што дополнително го нагласува значењето на меѓусебната поддршка и распределбата на одговорности во врската. Променливата „врска во целина“ има највисоки корелации со љубов и грижа, интимност и улогата на партнерот, што укажува дека глобалното задоволство од релацијата произлегува со комбинација на емоционална поврзаност, квалитетна интеракција и функционален партнерски ангажман. Вкупно гледано, високите корелации меѓу сите димензии сугерираат дека партнерските релации се комплексни системи во кои комуникацијата, емоционалната блискост, грижата, конфликтната резолуција и улогите во врската заеднички го формираат перципираниот квалитет на односот. Овие наоди укажуваат на висока кохерентност на скалата Burns и конзистентност во проценките на испитаниците, што дополнително ја потврдува стабилноста и валидноста на мерниот инструмент во контекст на ова истражување.

Табела 38. Спирманов коефициент на корелација

| Променлива | Корелација | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| комуникација и отвореност | Коеф. | 1,000 | 0,815 | 0,871 | 0,827 | 0,680 | 0,828 | 0,833 |
| | п-вред. | | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| решавање конфликти и аргументи | Коеф. | 0,815 | 1,000 | 0,796 | 0,732 | 0,633 | 0,780 | 0,767 |
| | п-вред. | 0,000 | | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| љубов и грижа | Коеф. | 0,871 | 0,796 | 1,000 | 0,881 | 0,675 | 0,871 | 0,865 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| интимност и блискост | Коеф. | 0,827 | 0,732 | 0,881 | 1,000 | 0,664 | 0,831 | 0,869 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | | 0,000 | 0,000 | 0,000 |
| вашата улога во врската | Коеф. | 0,680 | 0,633 | 0,675 | 0,664 | 1,000 | 0,707 | 0,737 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | | 0,000 | 0,000 |
| улогата на партнерот во врската | Коеф. | 0,828 | 0,780 | 0,871 | 0,831 | 0,707 | 1,000 | 0,872 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | | 0,000 |
| врска во целина | Коеф. | 0,833 | 0,767 | 0,865 | 0,869 | 0,737 | 0,872 | 1,000 |
| | п-вред. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | |

Резултатите прикажани во Табела 39 и визуализирани на Графикон 10 укажуваат дека не постојат суштински разлики во оценките на Burns-димензиите меѓу мажи и жени. Иако жените во просек покажуваат малку повисоки или пониски вредности во поединечни категории, медијанските вредности остануваат идентични меѓу половите, што укажува на стабилност и конзистентност во перцепциите независно од полот на испитаниците.

Табела 39. Дескриптивна статистика според пол

| Пол | | Задоволство - ВКУПНО | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | Просек | 33,09 | 4,70 | 4,52 | 4,67 | 4,74 | 4,83 | 4,74 | 4,89 |
| | Ст. Дев. | 9,454 | 1,504 | 1,457 | 1,446 | 1,555 | 1,419 | 1,584 | 1,337 |
| | Медијана | 35,50 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | Мин | 10 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | Макс | 42 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| | Опсег | 32 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Варијанса | 89,370 | 2,261 | 2,122 | 2,091 | 2,419 | 2,014 | 2,508 | 1,788 |
| Женски | Просек | 31,64 | 4,64 | 4,39 | 4,64 | 4,27 | 4,73 | 4,34 | 4,63 |
| | Ст. Дев. | 9,133 | 1,374 | 1,486 | 1,448 | 1,649 | 1,215 | 1,516 | 1,388 |
| | Медијана | 34,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | Мин | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| | Макс | 42 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| | Опсег | 31 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 |
| | Варијанса | 83,406 | 1,888 | 2,207 | 2,095 | 2,718 | 1,477 | 2,297 | 1,928 |
| Вкупно | Просек | 32,28 | 4,67 | 4,45 | 4,66 | 4,48 | 4,77 | 4,51 | 4,74 |
| | Ст. Дев. | 9,258 | 1,426 | 1,467 | 1,440 | 1,618 | 1,303 | 1,551 | 1,366 |
| | Медијана | 35,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | Мин | 10 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | Макс | 42 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| | Опсег | 32 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | Варијанса | 85,702 | 2,032 | 2,153 | 2,074 | 2,617 | 1,697 | 2,406 | 1,866 |

Графикон 10. Медијални вредности според пол




Графикон 10 дополнително ја потврдува оваа рамнотежа: за секоја од димензиите медијанската оценка е идентична меѓу половите, што го нагласува заклучокот дека разликите, иако присутни во просечните вредности, се премногу мали за да имаат практично значење. Ваквите резултати сугерираат дека факторите кои го обликуваат

доживувањето на квалитетот на врската кај испитаниците не се поврзани со полот, туку веројатно со други психосоцијални, релациски или ситуациски карактеристики.

Резултатите од тестот Крускал-Валис (Табела 40) покажуваат дека нема статистички значајни разлики меѓу мажите и жените во ниту една од испитуваните Burns димензии. Сите променливи p-вредностите се повисоки од 0,05, што укажува дека полот не влијае на оценките за задоволството во врската, комуникацијата, решавањето конфликти, љубовта и грижата, интимноста, перцепцијата на улогите или генералната оценка на врската. Овие наоди се совпаѓаат со претходно добиените дистрибутивни и медијански резултати, каде што веќе беше забележано дека медијаните меѓу половите се идентични или речиси идентични. Оттаму, не е изненадувачки што и непараметарскиот тест не детектира значајни разлики.

Табела 40. Крускал-Валис тест според полот

| | Задоволство - ВКУПНО | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 1,621 | 0,242 | 0,181 | 0,031 | 2,369 | 0,741 | 2,949 | 1,008 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,203 | 0,623 | 0,670 | 0,861 | 0,124 | 0,389 | 0,086 | 0,315 |

Резултатите од тестот хи-квадрат за медијански разлики (Табела 41) дополнително ја потврдуваат истата слика. Во сите димензии p-вредностите се далеку над прагот на значајност, што значи дека мажите и жените не се разликуваат во нивното рангирање на квалитетот на релацијата. Вкупното задоволство, комуникацијата, начинот на разрешување конфликти, интимноста, улогите во врската и општата проценка на односот се перципираат на сличен начин, без статистички значајни отстапувања меѓу половите. Овие резултати јасно укажуваат дека полот не претставува фактор кој ја одредува перцепцијата на емоционалните, релациските и функционалните аспекти на партнерската врска во испитуваниот примерок. Наместо тоа, квалитетот на релацијата се чини дека е обликуван

од други индивидуални или контекстуални фактори, а не од биолошки или социјални разлики поврзани со полот.

Табела 41. Хи-квадрат тест според полот

| | Задоволство - ВКУПНО | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| | Ст. Дев. | 9,874 | 1,546 | 1,595 | 1,580 | 1,647 | 1,183 | 1,616 | 1,475 |
| | Медијана | 35,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | Мин | 10 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| | Макс | 42 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| | Опсег | 32 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 |
| | Варијанса | 97,493 | 2,392 | 2,545 | 2,495 | 2,713 | 1,400 | 2,612 | 2,177 |
| Total | Просек | 32,28 | 4,67 | 4,45 | 4,66 | 4,48 | 4,77 | 4,51 | 4,74 |
| | Ст. Дев. | 9,258 | 1,426 | 1,467 | 1,440 | 1,618 | 1,303 | 1,551 | 1,366 |
| | Медијана | 35,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | Мин | 10 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | Макс | 42 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| | Опсег | 32 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | Варијанса | 85,702 | 2,032 | 2,153 | 2,074 | 2,617 | 1,697 | 2,406 | 1,866 |

Графикон 16 кој ги прикажува медијалните вредности според бројот на одделувања покажува речиси идентични резултати кај двете споредбени групи, испитаниците кои биле одделени еднократно и оние кои имале повеќекратни одделувања.

Графикон 16. Медијални вредности според бројот на одделувања



Медијаната кај сите димензии е стабилно поставена на вредноста 5, што укажува на тоа дека, независно од бројот на одделувањата, генералната проценка на партнерските аспекти останува навидум позитивна и конзистентна. Овој резултат упатува дека самиот чин на одделување, било еднократен или повеќекратен, не произведува значајни разлики во субјективното доживување на комуникацијата, конфликтното справување, љубовта и грижата, интимноста, довербата и целокупното задоволство од врската.

Тестот Крускал-Валис на Табела 58., дополнително ја потврдува оваа слика. Во ниту една од анализираните димензии не се добива статистички значајна разлика меѓу групите, што се гледа од p-вредностите, кои се движат од 0,330 до 0,918, сите значително повисоки од прагот на значајност ($p > 0,05$). Ова укажува дека бројот на одделувања не претставува детерминирачки фактор за разликите во доживеаните аспекти на релацијата и дека партнерите, без оглед на тоа дали биле одделени еднаш или повеќе пати, ја оценуваат својата релација на сличен начин.

Табела 58. Крускал-Валис тест според бројот на одделувања

| | Задоволство - ВКУПНО | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 0,631 | 0,342 | 0,104 | 0,276 | 0,166 | 0,949 | 0,336 | 0,010 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,427 | 0,559 | 0,747 | 0,599 | 0,684 | 0,330 | 0,562 | 0,918 |

Тестот хи-квадрат на Табела 59 го потврдува истото, покажувајќи дека не постои статистички значајна зависност меѓу бројот на одделувања и ниедна од испитуваните категоријални варијабли. p-вредностите се движат од 0,073 до 0,979, при што ниту една не укажува на постоење врска. Тоа значи дека дистрибуцијата на одговори е приближно еднаква во двете групи, што покажува дека бројот на одделувања не е поврзан со начинот на кој испитаниците одговараат за квалитетот на својата релација.

Табела 59. Хи-квадрат тест според бројот на одделувања

| | Задоволство - ВКУПНО | Комуникација и отвореност | Решавање конфликти и аргументи | Љубов и грижа | Интимност и блискост | Вашата улога во врската | Улогата на партнерот во врската | Врската во целина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерок | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Медијана | 35 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Хи-квадрат | 0,001 | 3,205 | 0,823 | 1,489 | 0,236 | 0,416 | 0,800 | 0,236 |
| с.с. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| п-вред. | 0,979 | 0,073 | 0,364 | 0,222 | 0,627 | 0,519 | 0,371 | 0,627 |

## IX. ДЕЛ ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Ова истражување беше спроведено ***со цел да се испита влијанието на професионалната миграција врз перципираниот квалитет на партнерските релации кај лица кои биле физички одвоени од својот партнер најмалку три месеци поради работни обврски.*** Примерокот опфати вкупно 105 испитаници, а статистичката анализа беше насочена кон повеќе клучни димензии на релацискиот квалитет, вклучувајќи комуникација и отвореност, решавање конфликти и аргументи, љубов и грижа, интимност и блискост, доверба, перцепција на партнерските улоги и вкупно задоволство од врската. За анализа на податоците беа применети дескриптивна статистика, анализа на дистрибуција, Спирманова корелациска анализа, тест Крускал–Валис и тест хи-квадрат.

Во однос на ***главната хипотеза H1, според која Професионалната миграција, односно одвоениот живот во времетраење од најмалку три месеци, има значајно влијание врз перцепираниот квалитет на партнерската релација, резултатите од статистичката анализа укажуваат на делумна потврда.*** Дескриптивната анализа покажа дека кај целокупниот примерок медијалните вредности за сите димензии на партнерскиот квалитет најчесто изнесуваат 5 или 6, што укажува на генерално висок перципиран квалитет на партнерските релации и покрај постоењето на физичка одвоеност. Сепак, при споредба на групите според времетраењето на одвоеноста, беа утврдени разлики во медијалните вредности кај повеќе димензии, при што со зголемување на периодот на физичка разделеност се забележува опаѓачки тренд кај интимноста, довербата, љубовта и грижата, како и кај вкупното задоволство од врската. Примената на тестот Крускал–Валис покажа статистички значајни разлики за дел од овие димензии ($p < 0,05$), што укажува дека времетраењето на одвоеноста претставува релевантен фактор за перципираниот релациски квалитет. Врз основа на овие резултати, главната хипотеза H1 се смета за делумно потврдена, при што влијанието на професионалната миграција не се однесува на самото постоење на одвоеност, туку на нејзиниот временски интензитет.

***Потхипотезата H1.1 претпоставуваше дека Партнерите кои редовно и квалитетно комуницираат за време на одвоеноста имаат повисоко ниво на перципирана емоционална блискост, а согласно добиените статистички показатели, потхипотезата H1.1 е целосно потврдена.*** За тестирање на оваа потхипотеза беше применета Спирманова корелациска анализа, која покажа силна, позитивна и статистички

значајна поврзаност меѓу задоволството од комуникацијата и интимноста и блискоста ($\rho$ = 0,827, $p < 0,001$). Дополнително, комуникацијата покажа високи корелации и со љубовта и грижата ($\rho$ = 0,871, $p < 0,001$), со решавањето конфликти и аргументи ($\rho$ = 0,815, $p < 0,001$), со перцепцијата на улогата на партнерот ($\rho$ = 0,828, $p < 0,001$) и со вкупното задоволство од врската ($\rho$ = 0,833, $p < 0,001$). Овие резултати укажуваат дека комуникацијата претставува централна релациска димензија која ја зајакнува емоционалната поврзаност и го стабилизира целокупниот квалитет на партнерската релација во услови на професионална одвоеност.

***Потхипотезата H1.2 претпоставуваше дека Постојат значајни разлики во искуството и начинот на справување со конфликти во зависност од формата на партнерската релација (брак, неформална врска, врска на далечина и др.) и истата не е потврдена.*** За нејзино тестирање беше применет тест Крускал–Валис, при што како зависна променлива беше користена димензијата „решавање конфликти и аргументи“. Добиените резултати не покажаа статистички значајни разлики меѓу различните форми на партнерство, при што p-вредностите во сите случаи беа поголеми од 0,05, а медијалните вредности останаа стабилни кај сите групи. Овие податоци укажуваат дека формата на релацијата не претставува значаен фактор за начинот на доживување и разрешување на конфликтите. Врз основа на тоа, потхипотезата H1.2 не е потврдена.

***Потхипотезата H1.3 претпоставуваше дека Одвоеноста поради професионални обврски може да придонесе за намалување на довербата меѓу партнерите и истата е потврдена.*** Анализата на димензијата „доверба“ во однос на времетраењето на одвоеноста покажа статистички значајни разлики ($p < 0,05$), при што со зголемување на периодот на физичка разделеност се забележува намалување на медијалните вредности за доверба. Дополнителната анализа според бројот на одделувања не покажа статистичка значајност ($p > 0,05$), што укажува дека фреквенцијата на одделувањата нема значајно влијание врз довербата, за разлика од нивното времетраење. Овие резултати укажуваат дека довербата претставува чувствителна релациска димензија која може да биде нарушена при продолжени периоди на професионална одвоеност. Согласно добиените статистички показатели, потхипотезата H1.3 е потврдена.

Сумирано, статистичките резултати од истражувањето укажуваат дека професионалната миграција не претставува автоматски фактор за нарушување на

партнерските релации, но дека нејзиното времетраење може да има значајно влијание врз одделни аспекти на релацискиот квалитет, особено довербата и емоционалната блискост. Истовремено, резултатите јасно ја нагласуваат клучната улога на комуникацијата како најсилен заштитен фактор во одржувањето на стабилни и задоволувачки партнерски релации во услови на физичка одвоеност.

## ДИСКУСИЈА

Резултатите од студијата обезбедуваат релевантни емпириски сознанија за функционирањето на интимните врски во услови на физичка оддалеченост и укажуваат дека влијанието на професионалната миграција врз партнерскиот квалитет е значително посложено отколку што често се претпоставува во теоретските и јавните дискурси и тоа претставува одлична основа за компарација со други студии.

Резултатите од ова истражување покажаа високи медијални вредности во сите испитувани димензии на квалитетот на партнерската релација, вклучувајќи комуникација и отвореност, разрешување конфликти, љубов и грижа, интимност и блискост, доверба, како и општо задоволство од врската. Ова укажува дека испитаниците, и покрај искуството со професионална одделеност, генерално ги перципираат своите релации како стабилни, функционални и емоционално задоволувачки. Овие резултати се во согласност со резултатите од студиите на Stafford (2010) и Jiang и Hancock (2013), кои покажуваат дека физичката дистанца сама по себе не мора да има негативен ефект врз квалитетот на партнерските односи, доколку партнерите одржуваат континуирана комуникација и чувство на емоционална сигурност. Дополнително, резултатите од студиите на Hertlein и Blumer (2014) укажуваат дека современите комуникациски технологии можат да имаат компензаторна улога во одржувањето на интимноста и блискоста во релации на далечина.

Силните и статистички значајни Спирманови корелации меѓу сите испитувани релациски димензии укажуваат дека квалитетот на партнерската релација претставува интегриран и меѓусебно поврзан систем. Резултатите од ова истражување покажуваат дека ефективната комуникација е тесно поврзана со повисоки нивоа на доверба и интимност, додека конструктивното справување со конфликти е асоцирано со поголема емоционална сигурност и задоволство од врската. Овие резултати се усогласени со резултатите од студиите засновани на инвестициониот модел на Rusbult (1980; Rusbult et al., 2001), според

кои задоволството, посветеноста и перцепцијата на квалитетот на алтернативите функционираат како заемно зависни компоненти што ја одредуваат стабилноста на партнерските односи. Слично, резултатите од студиите во рамки на системските и интеракциските модели на интимни односи укажуваат дека релацискиот квалитет не произлегува од еден доминантен фактор, туку од динамичната интеракција на повеќе психолошки и комуникациски процеси (Fletcher et al., 2019).

Особено значаен аспект од резултатите од ова истражување е отсуството на статистички значајни разлики во квалитетот на партнерските релации според пол, возраст, родителски статус, начин на одделување, број на одделувања, времетраење на релацијата и времетраење на одделеноста. Во најголемиот дел од анализите, примената на тестовите Крускал-Валис и хи-квадрат покажа p-вредности над 0,05, што укажува дека овие демографски и контекстуални варијабли не се стабилни предиктори на квалитетот на партнерската релација. Овие резултати се во согласност со резултатите од студиите на Gottman и Silver (1999) и Karney и Bradbury (2005), кои нагласуваат дека релациските процеси, како што се комуникацијата, довербата и емоционалната регулација, имаат значително поголемо влијание врз задоволството и стабилноста на врската отколку структурните или демографските карактеристики. На овој начин, резултатите од студијата ги оспоруваат традиционалните претпоставки дека родителските обврски или долготрајната физичка оддалеченост неизбежно доведуваат до деградација на партнерскиот квалитет.

Иако во најголемиот дел од анализите не беа утврдени значајни разлики, резултатите од студијата покажаа појава на изолирани статистички значајни разлики во одредени димензии, особено во доменот на страста и љубовта и грижата. Овие разлики не се појавија доследно кај сите подгрупи и не формираат стабилен образец, што упатува дека станува збор за индивидуални варијации, а не за систематски ефекти на професионалната миграција. Ова е во согласност со резултатите од студиите на Sternberg (1986) и Hatfield и Rapson (1993), кои укажуваат дека емоционалниот и сексуалниот интензитет во партнерските односи може значително да варира во зависност од индивидуалните стилови на приврзаност, очекувањата и личните искуства, особено во контексти на физичка оддалеченост.

Еден од најзначајните придонеси на ова истражување е јасното истакнување на комуникацијата и довербата како централни заштитни фактори во партнерските релации погодени од професионална миграција. Резултатите од студијата покажуваат дека паровите кои одржуваат стабилна, транспарентна и емпатична комуникација и развиено чувство на доверба се поотпорни на предизвиците што ги носи физичката дистанца. Овие резултати се усогласени со резултатите од студиите во рамки на теоријата за интимност како интерперсонален процес (Reis & Shaver, 1988), како и со истражувањата за одржување на релации на далечина (Stafford & Merolla, 2007), кои ја нагласуваат улогата на емоционалната сигурност и предвидливоста како основа за долгорочна релациска стабилност.

Сумирано, резултатите од ова истражување укажуваат дека професионалната миграција сама по себе не претставува пресуден ризик-фактор за квалитетот на партнерските релации. Наместо тоа, клучните детерминанти на стабилноста и задоволството во врската се поврзани со начинот на комуникација, степенот на доверба и способноста на партнерите да ја одржуваат емоционалната поврзаност во услови на физичка оддалеченост. На тој начин, оваа студија не само што ги потврдува резултатите од релевантните меѓународни истражувања, туку и придонесува со нови емпириски сознанија за разбирање на партнерските односи во контекст на професионалната миграција, особено во рамките на балканскиот социокултурен контекст.

## ЗАКЛУЧОК

Професионалната миграција претставува сè почеста реалност за современите семејства и партнерски релации, носејќи со себе бројни предизвици, но и потенцијали за личен и релациски развој. Целта на овој магистерски труд беше да се испита влијанието на професионалната миграција врз квалитетот на партнерските релации и да се утврди дали фактори како пол, возраст, родителски статус, времетраење на врската, број и начин на одделување, како и времетраењето на одделеноста, се значајни предиктори за релацискиот квалитет. Резултатите од истражувањето покажаа дека општиот квалитет на партнерските релации измерен преку задоволството, комуникацијата, справувањето со конфликти, љубовта и грижата, интимноста, довербата и перцепцијата за улогите во врската – е на високо ниво кај повеќето испитаници. Медијалните вредности за сите димензии се стабилно високи, што укажува на постоење на функционални и емоционално стабилни врски дури и во услови на физичка оддалеченост поради професионални обврски. Една од најсилните констатации е дека демографските карактеристики и организациските аспекти на одделеноста не се значајно поврзани со релацискиот квалитет. Тестовите хи-квадрат и анализите Крускал-Валис покажаа дека нема статистички значајни разлики според пол, возраст, родителски статус, број на одделувања, начин на одделување, ниту според должината на врската или времето поминато одвоено. Овие резултати сугерираат дека влијанието на миграцијата врз партнерските релации не зависи од структурните, туку од психосоцијалните фактори. Спирмановите корелации покажаа силни и униформни поврзаности меѓу сите релациски димензии, што имплицира дека комуникацијата, довербата, интимноста и грижата функционираат како меѓусебно зависни елементи кои заеднички ја одредуваат стабилноста на врската. Токму овие фактори, а не физичката близина најмногу придонесуваат кон одржување на квалитетни релации во услови на професионална миграција. Иако во неколку изолирани случаи се појавија статистички значајни разлики, особено кај димензии поврзани со емоционалниот интензитет (љубов и грижа, страст), овие појави се недоволно конзистентни за да укажат на стабилни моделски односи. Наместо тоа, тие веројатно рефлектираат индивидуални варијации и лични стилови на емоционално изразување. Севкупно, резултатите упатуваат дека партнерските релации можат успешно да функционираат и да останат стабилни и задоволителни и во услови на физичка оддалеченост, доколку паровите поседуваат развиени комуникациски вештини,

меѓусебна доверба, емоционална блискост и ефективни механизми за справување со конфликти. Професионалната миграција сама по себе не претставува ризик-фактор; ризикот се појавува тогаш кога недостигаат овие заштитни релациски ресурси. Овој труд придонесува кон подобро разбирање на интимните релации во современиот социоекономски контекст и ја нагласува потребата од насочување на интервенции и совети кон јакнење на комуникацијата, довербата и емоционалната стабилност, наместо кон минимизирање на физичката оддалеченост, која често е неизбежна. Со тоа, истражувањето ги поставува темелите за понатамошни студии и практични програми кои би ја поддржале психосоцијалната благосостојба на мигрантските семејства и парови.

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на резултатите од ова истражување може да се формулираат препораки кои се однесуваат на практичното унапредување на партнерските релации во услови на професионална миграција, како и на идните истражувачки и институционални насоки во оваа област. Резултатите јасно покажаа дека клучните заштитни фактори во релациите погодени од физичка одвоеност се квалитетната комуникација, стабилната доверба, емоционалната блискост и функционалното справување со конфликти, поради што се препорачува партнерите свесно и континуирано да вложуваат напор во развивање и одржување на овие релациски ресурси. Особено значајно е редовното и отворено комуницирање, изразувањето на емоции и потреби на јасен и ненападен начин, како и практикувањето на активно слушање, со цел да се намали ризикот од недоразбирања кои често се засилуваат во услови на физичка дистанца.

Со оглед на тоа што довербата се покажа како чувствителна димензија која може да опаѓа при подолги периоди на одвоеност, се препорачува партнерите да воспостават јасни меѓусебни очекувања, да негуваат транспарентност во секојдневната комуникација и да избегнуваат однесувања кои можат да предизвикаат сомнеж или емоционално дистанцирање. Одржувањето на емоционалната блискост, и покрај физичката оддалеченост, може да се поттикне преку создавање заеднички ритуали и активности во дигитален формат, како што се редовни видеоконтакти, споделување секојдневни искуства и заедничко одбележување значајни датуми. Дополнително, конструктивното справување со конфликти, преку навремено адресирање на проблемите и избегнување генерализации и

обвинувања, претставува важен механизам за зачувување на стабилноста и задоволството во врската.

***Од аспект на стручната практика***, резултатите од истражувањето укажуваат на потребата од развивање специјализирани програми за психолошка поддршка на парови и семејства кои се соочуваат со професионална миграција. Психолозите, советувалиштата и другите стручни служби би можеле да понудат интервенции насочени кон јакнење на комуникациските вештини, градење доверба и справување со стресот поврзан со долготрајната одделеност. Ваквите програми може да вклучуваат психоедукација, индивидуално и партнерско советување, како и работилници насочени кон специфичните предизвици на релациите на далечина, вклучително и координацијата на семејните и родителските улоги.

***Во однос на идните истражувања***, се препорачува проширување на примерокот и вклучување на поголем број испитаници од различни социокултурни, професионални и миграциски контексти, со цел зголемување на генерализабилноста на резултатите. Лонгитудиналниот истражувачки пристап би овозможил подетално следење на динамиката на партнерските релации низ времето и идентификација на долгорочните ефекти од професионалната одвоеност. Дополнително, вклучувањето на други психолошки променливи, како стилови на приврзаност, стратегии за справување или личносни карактеристики, би придонело за подлабоко разбирање на индивидуалните разлики во доживувањето на миграциските предизвици. Комбинирањето на квантитативни и квалитативни методи би овозможило подетално согледување на личните искуства и емоционалните процеси кои стојат зад статистичките резултати.

***На институционално и политичко ниво***, препораките упатуваат на потребата од развивање политики и програми кои ќе обезбедат поддршка за семејствата и паровите погодени од професионална миграција. Ова вклучува олеснување на процедурите за повторно спојување, создавање услови за почести физички средби и промовирање на достапни психолошки и социјални услуги. Со оглед на тоа што резултатите од студијата покажуваат дека физичката дистанца сама по себе не го нарушува квалитетот на релацијата, фокусот на ваквите политики и интервенции треба да биде насочен кон јакнење на релациските ресурси кои се покажаа како најзначајни, а тоа се комуникацијата, довербата и емоционалната стабилност.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Afifi, W.A. & Burgoon, J.K. (2000) 'The impact of violation on uncertainty and the consequences for relational communication', *Human Communication Research*, 26(2), pp. 203–233.
2. Akkerman, A. & Bakker, L. (2011) 'Qualified immigrants and qualification procedures in the Netherlands: Enhancing mobility or blocking opportunities?', *International Migration*, 49(2), pp. 115–131.
3. Aron, A., Fisher, H., Mashek, D.J., Strong, G., Li, H. & Brown, L.L. (2005) 'Reward, motivation, and emotion systems associated with early-stage intense romantic love', *Journal of Neurophysiology*, 94(1), pp. 327–337.
4. Australian Bureau of Statistics (2022) *[Statistical release/data on migrants/education – cited in the thesis]*. Canberra: ABS.
5. Bauman, Z. (2003) *Liquid Love: On the Frailty of Human Bonds*. Cambridge: Polity Press.
6. Beck, U. & Beck-Gernsheim, E. (2002) *Individualization: Institutionalized Individualism and its Social and Political Consequences*. London: Sage.
7. Becker, G.S. (1964) *Human Capital: A Theoretical and Empirical Analysis, with Special Reference to Education*. Chicago: University of Chicago Press.
8. Bhugra, D. (2004) 'Migration and mental health', *Acta Psychiatrica Scandinavica*, 109(4), pp. 243–258.
9. Bogle, K.A. (2008) *Hooking Up: Sex, Dating, and Relationships on Campus*. New York: New York University Press.
10. Bowlby, J. (1988) *A Secure Base: Parent-Child Attachment and Healthy Human Development*. New York: Basic Books.
11. Bradbury, T.N. & Karney, B.R. (2010) *Intimate Relationships*. 2nd edn. New York: W.W. Norton & Company.
12. Byers, E.S. (2005) *[Source cited in the thesis – full bibliographic details needed if it is a book chapter/article]*.
13. Carling, J. (2008) 'The human dynamics of migrant transnationalism', *Ethnic and Racial Studies*, 31(8), pp. 1452–1477.
14. Castles, S. & Miller, M.J. (2009) *The Age of Migration: International Population Movements in the Modern World*. Basingstoke: Palgrave Macmillan.
15. Claysrelationshipadvice (2024) *Long Distance Relationships: European Data*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
16. Collins, N.L. & Feeney, B.C. (2004) 'An attachment theory perspective on closeness and intimacy', in Mashek, D. & Aron, A. (eds.) *Handbook of Closeness and Intimacy*. Mahwah, NJ: Lawrence Erlbaum Associates, pp. 163–188.
17. Conley, T.D., Moors, A.C., Matsick, J.L. & Ziegler, A. (2013) 'The fewer the merrier? Assessing stigma surrounding consensually non-monogamous romantic relationships', *Analyses of Social Issues and Public Policy*, 13(1), pp. 1–30.

18. Coontz, S. (2005) *Marriage, a History: How Love Conquered Marriage*. New York: Viking.
19. Dainton, M. & Aylor, B. (2002) 'Patterns of communication in long-distance relationships and associated relational satisfaction', *Communication Research Reports*, 19(2), pp. 118–131.
20. Davis, [Initials not provided] et al. (2019) *[Study on conflict resolution strategies in long-distance/physically distant couples – cited in the thesis]*.
21. Diaspora for Development (2023) *Factsheets: Western Balkans Migration and Social Impacts*. Available at: (PDF cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
22. Docquier, F. & Rapoport, H. (2012) *[Work cited in the thesis on skilled migration/brain drain – full details needed if it is a book/chapter/article]*.
23. Earthweb (2024) *Relationship Statistics and Trends*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
24. Eurostat (2022) *[Eurostat migration/education dataset – cited in the thesis]*. Luxembourg: Eurostat.
25. European DME (2023) *Young Europeans and Long Distance Relationships*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
26. Fisher, H. (2004) *Why We Love: The Nature and Chemistry of Romantic Love*. New York: Henry Holt.
27. Fletcher, G.J.O., Simpson, J.A. & Thomas, G. (2000) 'The measurement of perceived relationship quality components: A confirmatory factor analytic approach', *Personality and Social Psychology Bulletin*, 26(3), pp. 340–354.
28. Fletcher, G.J.O., Simpson, J.A., Campbell, L. & Overall, N.C. (2019) *The Science of Intimate Relationships*. Cambridge: Wiley-Blackwell.
29. Fowers, B.J. & Olson, D.H. (1993) 'Enriching our lives: The ENRICH marital inventory', in Walsh, F. (ed.) *Normal Family Processes*. 2nd edn. New York: Guilford Press, pp. 141–162.
30. Furman, W. & Buhrmester, D. (1992) 'Age and sex differences in perceptions of networks of personal relationships', *Child Development*, 63(1), pp. 103–115.
31. Giddens, A. (1992) *The Transformation of Intimacy: Sexuality, Love and Eroticism in Modern Societies*. Stanford: Stanford University Press.
32. González, [Initials not provided] & López, [Initials not provided] (2020) *[Study on professional migration and marital relationship quality in Latin America – cited in the thesis]*.
33. Gottman, J. & Silver, N. (1999) *The Seven Principles for Making Marriage Work*. New York: Crown.
34. Gottman, J.M. & Silver, N. (2015) *The Seven Principles for Making Marriage Work*. New York: Harmony Books.

35. Graham, E., Jordan, L.P. & Yeoh, B.S.A. (2012) 'Migrant parents and the psychological well-being of left-behind children in Southeast Asia', *Journal of Marriage and Family*, 74(4), pp. 761–774.
36. Grello, C.M., Welsh, D.P. & Harper, M.S. (2006) 'No strings attached: The nature of casual sex in college students', *Journal of Sex Research*, 43(3), pp. 255–267.
37. Halperin, D.M. (1990) *One Hundred Years of Homosexuality: And Other Essays on Greek Love*. New York: Routledge.
38. Hatfield, E. & Rapson, R.L. (1993) *Love, Sex, and Intimacy: Their Psychology, Biology, and History*. New York: HarperCollins.
39. Hertlein, K.M. & Ancheta, K. (2014) *Relationships and Technology: Contextual Approaches*. New York: Routledge.
40. Hertlein, K.M. & Blumer, M.L.C. (2014) *The Couple and Family Technology Framework: Intimate Relationships in a Digital Age*. New York: Routledge.
41. Hollifield, J.F. (2008) *[Work cited in the thesis on migration governance/political economy – full details needed if it is a book/chapter/article]*.
42. Hofstede, G. (2001) *Culture's Consequences: Comparing Values, Behaviors, Institutions and Organizations Across Nations*. 2nd edn. Thousand Oaks, CA: Sage.
43. Holmes, J.G. & Murray, S.L. (1997) 'A leap of faith? Positive illusions in romantic relationships', *Personality and Social Psychology Bulletin*, 23(6), pp. 586–604.
44. Holmes, E. (2019) *The Psychology of Distance Relationships: Maintaining Intimacy Across Miles*. London: Routledge.
45. IOM (International Organization for Migration) & UN DESA (2020) *[International migration statistical/analytical source cited in the thesis]*. Geneva/New York: IOM/UN DESA.
46. Iredale, R. (2001) 'The migration of professionals: Theories and typologies', *International Migration*, 39(5), pp. 7–26.
47. Illouz, E. (2012) *Why We Don't Talk About Love Anymore: The Cultural Construction of Intimacy*. Cambridge: Polity Press.
48. Jiang, L.C. & Hancock, J.T. (2013) 'Absence makes the heart grow fonder: Geographic separation, interpersonal media, and intimacy in romantic relationships', *Journal of Communication*, 63(3), pp. 556–577.
49. Johnson, [Initials not provided] & Anderson, [Initials not provided] (2017) *[Study cited in the thesis on autonomy/trust in distant relationships]*.
50. Karney, B.R. & Bradbury, T.N. (2005) 'Contextual influences on marriage: Implications for policy and intervention', *Current Directions in Psychological Science*, 14(4), pp. 171–174.
51. Knobloch, L.K. & Solomon, D.H. (1999) 'Measuring the sources and content of relational uncertainty', *Communication Studies*, 50(4), pp. 261–278.
52. Lee, E.S. (1966) 'A theory of migration', *Demography*, 3(1), pp. 47–57.

53. Lee, [Initials not provided] & Wang, [Initials not provided] (2019) *[Study cited in the thesis on migrant workers in the USA and partner support]*.
54. Levitt, P. & Jaworsky, B.N. (2007) ‘Transnational migration studies: Past developments and future trends’, *Annual Review of Sociology*, 33, pp. 129–156.
55. Lewandowski, G.W., Ackerman, R.A. & Shapiro, J.R. (2006) ‘Here today, gone tomorrow: Characteristics and correlates of short-term romantic relationships’, *Personal Relationships*, 13(2), pp. 255–274.
56. Lewis, C.S. (1952) *The Allegory of Love: A Study in Medieval Tradition*. Oxford: Oxford University Press.
57. Luvlink (2024) *Surprising Long Distance Relationship Statistics: LDR 101*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
58. Massey, D.S., Arango, J., Hugo, G., Kouaouci, A., Pellegrino, A. & Taylor, J.E. (1993) ‘Theories of international migration: A review and appraisal’, *Population and Development Review*, 19(3), pp. 431–466.
59. Mayer, J.D., Salovey, P. & Caruso, D.R. (2008) ‘Emotional intelligence: New ability or eclectic traits?’, *American Psychologist*, 63(6), pp. 503–517.
60. Milić, A. (2020) ‘Migration and family relations: Challenges of modern mobility’, *Sociological Review*, 54(2), pp. 123–139.
61. Neustaedter, C. & Greenberg, S. (2012) ‘Intimacy in long-distance relationships over video chat’, in *Proceedings of the SIGCHI Conference on Human Factors in Computing Systems*. New York: ACM, pp. 753–762.
62. Novak, [Initials not provided] & Martinović, [Initials not provided] (2022) *[Study cited in the thesis on alternative partnerships/long-distance stability]*.
63. OECD (2022) *International Migration Outlook 2022*. Paris: OECD Publishing.
64. OECD (2023) *International Migration Outlook 2023*. Paris: OECD Publishing.
65. Parreñas, R.S. (2005) *Children of Global Migration: Transnational Families and Gendered Woes*. Stanford, CA: Stanford University Press.
66. Petrović, [Initials not provided] et al. (2021) *[Study cited in the thesis on Balkan context and partnership outcomes]*.
67. Petrovska, M. (2018) ‘Migration of IT professionals from Macedonia: Motivations and challenges’, *Journal of Balkan Studies*, 4(1), pp. 45–62.
68. Pew Research Center (2021) *[Migration/educated migrants indicator cited in the thesis]*. Washington, DC: Pew Research Center.
69. Portes, A., Guarnizo, L.E. & Landolt, P. (1999) ‘The study of transnationalism: Pitfalls and promise of an emergent research field’, *Ethnic and Racial Studies*, 22(2), pp. 217–237.
70. Reis, H.T. & Shaver, P. (1988) ‘Intimacy as an interpersonal process’, in Duck, S. (ed.) *Handbook of Personal Relationships: Theory, Research and Interventions*. Chichester: Wiley, pp. 367–389.
71. Rempel, J.K., Holmes, J.G. & Zanna, M.P. (1985) ‘Trust in close relationships’, *Journal of Personality and Social Psychology*, 49(1), pp. 95–112.

72. Robles, T.F., Slatcher, R.B., Trombello, J.M. & McGinn, M.M. (2014) 'Marital quality and health: A meta-analytic review', *Psychological Bulletin,* 140(1), pp. 140–187.
73. Rusbult, C.E. (1980) 'Commitment and satisfaction in romantic associations: A test of the investment model', *Journal of Experimental Social Psychology,* 16(2), pp. 172–186.
74. Rusbult, C.E., Martz, J.M. & Agnew, C.R. (2001) 'The investment model scale: Measuring commitment level, satisfaction level, quality of alternatives, and investment size', *Personal Relationships,* 8(4), pp. 357–391.
75. Saxenian, A. (2005) *[Work cited in the thesis on skilled migration/global networks – full details needed if it is a report/book]*.
76. Schwehm, L. (2018) 'Sexual intimacy in long-distance relationships: Challenges and adaptations', *Journal of Sex & Marital Therapy,* 44(3), pp. 225–240.
77. Sjaastad, L.A. (1962) 'The costs and returns of human migration', *Journal of Political Economy,* 70(5), pp. 80–93.
78. Stafford, L. (2010) *Maintaining Long-Distance and Cross-Residential Relationships*. New York: Routledge.
79. Stafford, L. (2010) 'Geographically expensive, relationally effective: Relational maintenance in long-distance dating relationships', *Communication Studies,* 61(3), pp. 276–296.
80. Stafford, L. (2010) 'Geographic distance and communication during courtship', *Communication Research,* 37(2), pp. 275–297.
81. Stafford, L. & Merolla, A.J. (2007) 'Idealization, reunions, and stability in long-distance dating relationships', *Journal of Social and Personal Relationships,* 24(1), pp. 37–54.
82. Stark, O. & Bloom, D.E. (1985) 'The new economics of labor migration', *American Economic Review,* 75(2), pp. 173–178.
83. Sprecher, S. & Cate, R.M. (2004) 'Sexual satisfaction and sexual expression as predictors of relationship satisfaction and stability', *Journal of Marriage and Family,* 66(4), pp. 1–16.
84. Statistics Canada (2022) *[Statistical release/data on immigrants/education – cited in the thesis]*. Ottawa: Statistics Canada.
85. Sternberg, R.J. (1986) 'A triangular theory of love', *Psychological Review,* 93(2), pp. 119–135.
86. Stone, L. (1990) *The Family, Sex and Marriage in England 1500–1800*. New York: Harper & Row.
87. Todaro, M.P. (1969) 'A model of labor migration and urban unemployment in less developed countries', *The American Economic Review,* 59(1), pp. 138–148.
88. U.S. Census Bureau (2021) *[Migration/foreign-born or skilled migrants indicator cited in the thesis]*. Washington, DC: U.S. Census Bureau.
89. UN DESA (2020) *International Migration Report 2020*. New York: United Nations, Department of Economic and Social Affairs.

90. Vogue (2024) *Long Distance Relationships: How They Really Work*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
91. Wallerstein, I. (1974) *The Modern World-System I: Capitalist Agriculture and the Origins of the European World-Economy in the Sixteenth Century*. New York: Academic Press.
92. Wikipedia (2024) *Long-distance relationship*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).
93. World Bank (2021) *Migration and Remittances Factbook 2021*. Washington, DC: World Bank.
94. Zlobina, A., Basabe, N. & Páez, D. (2006) 'Migrant families and gender roles: Transformation in everyday practices', *International Journal of Intercultural Relations*, 30(5), pp. 623–639.
95. 2Date4Love (2024) *Long Distance Relationship Statistics Europe*. Available at: (link cited in your materials) (Accessed: 8 September 2025).

# ПРИЛОЗИ

## Анкетен прашалник: Професионална миграција и квалитет на партнерска релација

Почитувани,

Овој прашалник е наменет за лица, повозрасни од 18 години, кои имале искуство со професионална миграција, односно биле одвоени од својот партнер најмалку три месеци поради работа (заминале на работа или останале дома да го чекаат партнерот).
Истражувањето има за цел да ги испита влијанијата на ваквите одвоености врз квалитетот на партнерските релации.
Анкетата е анонимна и се користи единствено за академски цели.

Ве молиме искрено да одговорите на прашањата.

СКРИНИНГ ПРАШАЊЕ
1. Дали сте биле одвоени од вашиот партнер најмалку 3 месеци поради професионални обврски?
□ Да
□ Не (Доколку одговорот е „Не“, не продолжувајте со пополнување)

ДЕМОГРАФСКИ ПРАШАЊА
Пол:
□ Машки
□ Женски

Возраст:
□ 18–24 години
□ 25–34 години
□ 35–44 години
□ 45–54 години
□ 55–64 години
□ 65+

Место на тековно живеење (град, држава):

Место на миграција (град/држава каде престојувавте Вие или Вашиот партнер):

Начин на одвоеност:
□ Вие заминавте на работа во странство

□ Вие останавте дома да го чекате партнерот

Времетраење на партнерската релација:
□ Помалку од 1 година
□ 1–3 години
□ 4–6 години
□ 7–10 години
□ Над 10 години

Форма на релација:
□ Неформална врска
□ Врска која не е брачна заедница
□ Брак
□ Врска на далечина

Родителски статус:
□ Имам деца
□ Немам деца

Образование:
□ Основно образование
□ Средно образование
□ Високо образование
□ Постдипломско образование

Професија:

Времетраење на одвоеност поради професионална миграција:
□ 3–6 месеци
□ 7–12 месеци
□ 1–2 години
□ Над 2 години

Број на одделувања од партнерот поради професионална миграција:
□ Еднократно
□ Повеќекратно

СКАЛА ЗА ПРОЦЕНА НА КВАЛИТЕТ НА ПАРТНЕРСКА РЕЛАЦИЈА (PRQC)
Оцени колку се согласуваш со следните изјави на скала од 1 до 7,
каде 1 = Воопшто не се согласувам, а 7 = Целосно се согласувам.

1. Колку сте задоволни од вашата врска?
2. Колку сте лојални во вашата врска?
3. Колку е интимна вашата врска?
4. Колку му верувате на вашиот партнер?
5. Колку е страсна вашата врска?
6. Колку го сакате вашиот партнер?
7. Колку сте задоволни со вашата врска?
8. Колку сте посветени на вашата врска?
9. Колку е блиска вашата врска?
10. Колку можете да се потпрете на вашиот партнер?
11. Колку е пожелен (сексуално привлечен) односот со вашиот партнер?
12. Колку го обожавате вашиот партнер?
13. Колку сте среќни во вашата врска?
14. Колку сте оддадени на вашата врска?
15. Колку се чувствувате поврзани со вашиот партнер?
16. Колку е доверлив вашиот партнер?
17. Колку е сексуално интензивна вашата врска?
18. Колку го цените вашиот партнер?

СКАЛА ЗА ЗАДОВОЛСТВО ОД ВРСКАТА (Burns, 1983)
Оценете го нивото на задоволство на скала од 1 до 6,
каде 1 = Воопшто не сум задоволен/а, а 6 = Екстремно сум задоволен/а.

1. Колку сте задоволни со комуникацијата и отвореноста во вашата врска?
2. Колку сте задоволни со начинот на решавање конфликти и аргументи?
3. Колку сте задоволни со степенот на љубов и грижа во врската?
4. Колку сте задоволни со интимноста и блискоста?
5. Колку сте задоволни со вашата улога во врската?
6. Колку сте задоволни со улогата на другата личност во врската?
7. Колку сте задоволни со вашата врска во целина?

ЗАБЕЛЕШКИ
Ве молиме наведете дополнителни коментари или индивидуални искуства поврзани со професионалната миграција и партнерските релации.